# „НА ЕДЕН ОД ОВИЕ МОИ НАЈМАЛИ БРАЌА“
# (Матеј 25,40)

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јули, август, септември 2019.

**„НА ЕДЕН ОД ОВИЕ МОИ НАЈМАЛИ БРАЌА“**
Автор: *Џонатан Дафи*
Број 3/2019

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:


1. Бог ги создаде ........................................................... 7

2. План за подобар свет ..................................................... 14

3. Сабота: Ден на слободата ............................................... 21

4. Милоста и правдата во Псалмите и во Мудрите изреки Соломонови ............................................................ 28

5. Плачот на пророците ...................................................... 35

6. Поклонување на Создателот ........................................... 42

7. Исус и оние на кои им е потребна помош ....................... 49

8. „На еден од овие мои најмали браќа..." ........................ 56

9. Службата во новозаветната црква ................................... 63

10. Живот во хармонија со Евангелието ............................. 70

11. Да живееме според адвентната надеж ........................... 77

12. Да се љуби милоста ........................................................ 84

13. Заедница на слуги............................................................ 91


**Додаток**


Утрински стихови - јули ..................................................... 98

Утрински стихови - август .................................................. 99

Утрински стихови - септември ........................................... 100

Секојдневно читање на Библијата ...................................... 102

Текстови за вечерно Богослужение ....................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија ......... 104-106



## ВОВЕД
## ДА ИМ СЛУЖИМЕ НА ОНИЕ НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ПОМОШ

Христијаните адвентисти се повикани да го објавуваат „вечното Евангелие“ (Откровение 14,6) по целиот свет. Правејќи така, ги извршуваме Исусовите зборови за создавањето ученици, крштавајќи ги и „учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал“ (Матеј 28,19.20). Меѓу останатото, Тој заповедал да им служиме на неволните, на угнетените, на сиромашните, на гладните и на оние кои се во затвор.

Всушност, токму Исус, откако ја раскажал параболата за добриот Самарјанец (Лука 10,30-36) на своите слушатели им наложил: „Оди и ти прави така“ (Лука 10,37). Токму Тој, опишувајќи го моментот кога поделениот народ ќе се собере пред Него „како што пастирот ги одделува овците од јарците“ (Матеј 25,32), зборува за тоа колку навистина е важно да им помагаме на гладните, болните, необлечените и на оние кои се во темница. „Вистина ви велам, доколку му направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене Ми направивте“ (Матеј 25,40).

Со други зборови, покрај објавувањето на возвишените вистини за спасението, Светилиштето, состојбата на мртвите, трајноста на Законот, треба да им служиме на потребите на другите луѓе. Има ли подобар начин да им се приближиме на луѓето од тој кога работиме за нивното добро? Како што изјавила Елена Вајт во својот познат текст: „Само Христовата метода ќе донесе вистински успех во напорите да им се приближиме на луѓето. Спасителот им се придружил на луѓето како оној кој им го посакува најдоброто. Исус покажувал сочувство кон луѓето, им служел на нивните потреби и ја придобивал нивната доверба. Тогаш ги повикувал: ‚Врви по мене’“ (*Во потрага по подобар живот*, стр. 143. оригинал).

Изброено е дека Писмото содржи 2103 стихови кои зборуваат за Божјата посебна грижа за сиромашните и угнетените. Во споредба со многу други аспекти на верата, доктрината и христијанскиот живот воопшто, голем е бројот на стиховите кои зборуваат дека треба да им служиме на оние на кои им е потребна помош. Мораме сериозно да се впрегнеме на работа за да ја олесниме болката и страдањето на луѓето околу нас. Таквата работа не го загрозува ширењето на Евангелието; напротив, може само уште повеќе да го зајакне.

Секако, добро е да им се помага на другите само заради помагање. Треба „да се прави само правда“ (види: Михеј 6,8), едноставно затоа што е и правилно и добро да ја „твориме правдата“. Па сепак, зар не е уште подобро, додека ја извршуваме правдата, додека им помагаме на другите во нивните моментални и минливи потреби, исто така да ги упатиме

*Па сепак, зар не е уште подобро, додека твориме правда, додека им помагаме на другите во нивните моментални и минливи потреби, исто така да ги упатиме на „причината на нашата надеж“ (1. Петрово 3,15), а тоа е ветувањето во вечниот живот во Христа?*

на „причината на нашата надеж“ (1. Петрово 3,15), а тоа е ветувањето за вечниот живот во Христа?

Исус ги лекувал болните, им го враќал видот на слепите, ги ослободувал заболените од лепра, дури и мртви воскреснувал. Меѓутоа, сите оние на кои им помагал, порано или подоцна, секако умреле, зар не? Според тоа, гледано на долги патеки, какво добро и да направил за нив и за нивните моментални потреби, правел и нешто повеќе. Да, им служел на неволните, а потоа им го упатувал повикот: „Следи Ме“, и токму тоа е причината зошто и ние исто така треба да им служиме на неволните и да им го упатуваме повикот: „Следи Го“.

Нема сомнение, стремејќи се кон правдата и добрината во светот, ние го објавуваме Божјето царство (види: Лука 4,18.19) на начин кој, во најмала рака, е подеднакво вистинит, веродостоен и успешен како и проповедањето за него. Кога се грижиме за сиромашните и угнетените, ние всушност на Бог му оддаваме слава и чест: види: Исаија 58,6-10). Но, ако не им служиме на страдалниците, напатените и скршените, ние погрешно Го претставуваме (види: Мудри изреки 14,31).

Според тоа, ова тримесечје ќе видиме што кажува Божјата реч (а кажува многу) за нашата должност да им служиме на потребите на луѓето околу нас. „Бесплатно добивте, бесплатно давајте“ (Матеј 10,8). Овие зборови кажуваат сѐ.

*Џонатан Дафи работи како директор на АДРА Интернешнл од 2012 година. Пред да се придружи на АДРА во Австралија 2008, Дафи работел како секретар на Здравственото одделение при Јужната пацифичка дивизија, во која стекнал големо искуство во промоцијата на здравјето и развојот на здравјето во заедницата.*

**Поука 1**
**Од 29 јуни до 5 јули 2019**

# „БОГ ГИ СОЗДАДЕ...“



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1-3; Дела 17,28; Псалм 148; Псалм 24,1; 1. Мојсеева 4,1-9; Матеј 22,37-39; Откровение 14,7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кој го угнетува бедниот, го навредува неговиот Творец, а кој е милостив кон бедниот Го почитува“** (Мудри изреки 14,31).

Дали некогаш нешто сте создавале или правеле уметничко дело, некој предмет, оброк, или сте се занимавале со некоја творечка работа – за на крајот тоа дело да биде уништено или отфрлено од страна на личност на која тоа дело ѝ е подарено? Ако е така, можеби имате само мал увид во тоа што доживеал Бог кога го создал овој свет и им подарил живот на човечките суштества, за на крајот, тоа што го создал, да биде уништено од гревот.

Библијата вели дека овој свет е создаден внимателно и „многу добро“. Од извештаите за создавањето во 1. и 2. глава Мојсеева, е очигледно како се чувствувал Бог поради делата на создавањето. Во тие рамки треба да го читаме извештајот за падот во 3. глава на 1. Мојсеева и Божјето скршено срце кога се соочува со луѓето што ги создал.

Извонредно е тоа што нашиот свет продолжува да биде предмет на Божјата љубов, и покрај годините поминати во грев, насилство, неправда и отворен бунт. Уште поизвонредно е тоа што Бог, иако го започнал својот план на откупување и повторно создавање на светот, ни доверил нам, како верници, одредена улога во исполнувањето на своите големи планови. Да, ние сме примателите на Неговата благодат; но, покрај благодатта што ни е дадена, доверено ни е делото да го извршуваме со нашиот Господ. Колку возвишена и света одговорност!

## БОГ: КУС ПОГЛЕД НА СОЗДАВАЊЕТО

Овој свет и сиот живот на него, нашиот личен живот и сè што правиме со него, животот на луѓето околу нас и каков меѓусебен однос воспоставиме со нив, самиот живот и како да го живееме на најдобар можен начин – сето ова почнува со Бога, „зашто во Него живееме, се движиме и постоиме“ (Дела 17,28). Вака почнува библискиот извештај: „Во почеток Бог ги создаде небото и Земјата“ (1. Мојсеева 1,1). Фактот дека создавал со речта укажува на силата и процесот кој не можеме ниту да го замислиме.

Па сепак, Бог не создавал од одредена оддалеченост; бил лично вклучен, посебно кога настапил моментот да го создаде првото човечко суштество (види: 1. Мојсеева 2,7).

**Прочитајте го извештајот за создавањето на првите човечки суштества во текстот во 1. Мојсеева 1,26-31. Кои важни подробности овој извештај ни ги изнесува за Бога? Какви важни подробности ни кажува за луѓето?**

___

___

___

Често велиме дека можеме многу да научиме за Бога доколку поминуваме време во природа, ги посматраме Неговите дела на создавањето и од нив добиваме увид во карактерот на Создателот. Меѓутоа, исто така можеме да стекнеме увид во тоа како Бог го создал светот врз основа на нашето разбирање за Бога. На пример, ако Бог е Бог на редот, треба да очекуваме да пронајдеме ред во Неговите дела на создавањето. Или, ако веруваме дека Бог е Бог на создавачко дело, не треба да бидеме изненадени доколку воочиме неверојатни примери на создавањето во светот што Тој го создал. Слично на тоа, веруваме дека Бог е Бог на меѓусебни односи, па според тоа, увидуваме дека меѓусебните односи претставуваат суштински фактор во тоа како Бог го обединил светот. Тој го создал секој елемент на светот во однос на останатите дела на создавањето. Тој ги создал животните во хармоничен однос. Ги создал човечките суштества кои стапуваат во заедница со Него, едни со други и со останатите дела на создавањето. Иако на многу начини нашето разбирање за Бога е ограничено, она што можеме да го забележиме во врска со Неговиот карактер треба да нè поттикне повторно да разгледаме каков би требало да биде светот.

**Колку е корисно за вашето сфаќање на светот, истиот да го гледате како одраз на Божјиот карактер, дури и кога разорувањата на гревот се толку очигледни?**

# КОМПЛЕТЕН СВЕТ

Лесно е да се почувствува копнежот по едемската градина. Во краткиот опис на градината, домот кој Бог го создал за Адам и Ева, има нешто што буди копнеж во нашето срце. Можеби не сфаќаме како течел животот во таквиот свет, но чувствуваме дека би сакале тоа да го искусиме.

Се чини како и Бог да стекнал чувство на задоволство и сеопфатност: „И Бог виде сѐ што направи, и ете, беше многу добро“ (1. Мојсеева 1,31). Бог создал убав и целесообразен свет. Бил извонредно осмислен, и по изглед и по практичност. Бил полн со живот и разнобоен, исполнет со сѐ што е неопходно за животот да буи. Тоа воопшто не е чудно, затоа што Бог постојано застанувал размислувајќи дека светот што го создава е добар.

**Прочитајте ја 1. глава на 1. Мојсеева. Што мислите што се подразбира под повторените изјави дека „Бог виде сѐ што направи, и ете, беше многу добро“? Погледнете: 1. Мојсеева 1,4.10.12.18.25.31.**

___

___

Иако е напишана по падот во грев, во Библијата на многу места се прославува природниот свет, како во текстовите во Книгата за Јов 38-41 и Псалм 148. Не смееме да заборавиме дека овие текстови не се напишани како осврт на тоа како изгледал светот кога бил создаден, пред гревот; напишани се во сегашно време, славејќи ги добрите особини кои сѐ уште се очигледни во нашиот свет.

Исус, исто така, од светот на природата земал примери за Божјата добрина и грижа (на пример, Матеј 6,26.28-30), пофалувајќи го нашето потпирање на Бога и тоа што со восхит ги цениме едноставните дарови кои нѐ опкружуваат. Ако ги отвориме очите и ги погледнеме чудесата на создавањето, ќе видиме дека навистина сме приматели на чудесните дарови на нашиот Создател. Дури и среде искушенијата нашиот одговор треба да биде проникнат со благодарност, благодарење и понизно покорување на Дародавецот.

Како христијани адвентисти – кои го величаат создавањето и го очекуваат доаѓањето во Божјето царство – треба да сфатиме дека убавината, радоста и сите добра што ги гледаме и ги доживуваме на оваа земја, ни даваат увид во тоа каков бил нашиот свет некогаш и каков повторно ќе биде.

**Што е тоа што во вашето искуство во светот на природата посебно го цените како чудо на создавањето? Како во својот секојдневен живот можете подобро да го запознаете Господа преку чудесата од светот на природата?**

## ПОВЕРЕНИЦИ НА ЗЕМЈАТА

Според библискиот извештај, едемската градина и новосоздадената Земја биле места на изобилство, создадени за животот таму да се развива и човечките суштества посебно да уживаат.

Меѓутоа, Бог на првиот човек и жена – и на сите нивни потомци – исто така им дал одредена улога во создавањето. Брзо станува очигледно – и не само врз основа на Неговиот начин на создавање – дека Адам и Ева заземаат посебна положба во овој нов свет. На Адам прво му била доверена задачата да им стави имиња на сите животни и птици (види: 1. Мојсеева 2,19). Потоа му е дадена уште една улога, која Бог ја претставил како благослов: „Бог ги благослови и им рече Бог: 'Плодете се и множете се и наполнете ја земјата, и потчинете ја! Владејте над рибите во морето и над птиците во воздухот и над сите живи суштества што лазат по земјата!'" (1. Мојсеева 1,28).

**Прочитајте ги и споредете ги следните текстови: 1. Мојсеева 1,28 и 1. Мојсеева 2,15. Како во една или две реченици би ја опишале работата на човекот?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Премногу често поединци во христијанската историја го користеле текстот од 1. Мојсеева 1,28 како одобрување неразумно да го искористуваат природниот свет, дури до точка на негово уништување. Да, светот очигледно бил создаден поради човековиот живот, благосостојба и уживање. Но, според зборовите забележани во текстот во 1. Мојсеева 2,15, човекот има одговорност „да ја обработува и да ја чува".

Кога зборуваме за повереничката служба, првата наша мисла често се парите, но првата заповед во врска со повереничката служба во Библијата е да водиме сметка за Земјата којашто Бог ја создал и ни ја доверил нам. Налогот упатен до Адама и Ева, исто така предвидува дека Земјата ќе ја делат со своите деца и идните генерации. Според првобитниот план, создадениот свет требало да биде извор на живот, добрина и убавина за сите човечки суштества, а Адам и Ева имале голема улога во грижата за него.

Земјата и понатаму е Господова (види: Псалм 24,1), а ние и понатаму сме повикани да бидеме повереници на сѐ што ни подарил Бог. Можеби би можеле да заклучиме дека во паднатиот свет нашата одговорност како повереници е уште поголема.

**Што за вас денес значи да се биде повереник на Земјата во паднатиот свет? Како сфаќањето за ваквата одговорност влијае на вашиот секојдневен живот?**

# УНИШТЕН СВЕТ

Единствено нешто што Бог им дал само на Адама и Ева и на никој друг на Земјата била моралната слобода. За разлика од растенијата и животните, тие биле морални суштества. Бог толку многу ја вреднувал оваа морална слобода што им дозволил на луѓето можност да донесат одлука да Му бидат непослушни. Правејќи така, го ризикувал сето она што го создал за повисока цел – меѓусебен однос со човечките суштества втемелен на љубов и слободна волја.

Меѓутоа, постоел уништувач (оваа морална слобода постоела и меѓу ангелите), оној кој сакал да го наруши добриот и од Бога целисходно создаден свет и кој тежнеел да го искористи Божјето посебно дело на создавање на Земјата – човечките суштества – за тоа да го оствари. Проговарајќи преку змијата, ѓаволот го довел во прашање совршенството и доволноста на она што Бог го подарил (1. Мојсеева 3,1-5). Првото искушение се состоело во тоа што посакале повеќе од она што Бог им го дал, што се посомневале во Божјата добрина и се потпреле на себе.

Со таквите одлуки и постапки уништени се односите кои, според Божјата замисла, биле целокупни при создавањето. Адам и Ева повеќе не уживале таков меѓусебен однос со својот Создател за каков биле создадени (види: 1. Мојсеева 3,8-10). Овие две човечки суштества одеднаш сфатиле дека се голи и дека им е срам поради тоа, а нивниот меѓусебен однос бил речиси непоправливо изменет. Нивниот однос станал затегнат и нарушен и со останатите создадени дела на Земјата.

**Прочитајте: 1. Мојсеева 3,16-19. Што ни кажуваат овие стихови за променетите односи меѓу луѓето и светот на природата?**

___________________________________________________________

Поради стварноста на гревот, животот одеднаш станал многу потежок за Адама и за Ева, но и за останатите дела на создавањето. Последиците на гревот се реални, особено во смисла на тоа како влијаат на човечкиот род и на нашите меѓусебни односи. На одреден начин, сме се оддалечиле и од Бога, нашиот Создател. Семејствата, исто така, на многу начини се погодени, а нашите односи со другите често претставуваат предизвик. Се бориме дури и во односот со природното опкружување и светот во кој живееме. Сите аспекти на нашиот живот и на светот покажуваат скршеност предизвикана од гревот.

Меѓутоа, Бог не создал таков свет. „Клетвите“ од 3. глава на 1. Мојсеева се дадени со ветување дека Бог ќе пронајде начин повторно да го создаде нашиот свет и да ги поправи односите нарушени со гревот. Додека продолжуваме да се бориме со гревот и неговото влијание на нашиот живот, повикани сме да го поддржиме она што првобитно било добро во светот и да настојуваме во својот живот да го прикажеме планот каков што Бог го има за овој свет.

## СЕМЕЈНОТО ТКИВО НА ЧОВЕШТВОТО

По појавата на гревот не било потребно многу време светот уште повеќе да се расипе. Поттикнато од љубомората, неразбирањето и гневот, првото убиство се случило меѓу првите браќа. Кога Бог го запрашал Каина за неговиот грев, тој дал ироничен и реторички одговор: „Зар сум јас чувар на својот брат?“ (1. Мојсеева 4,9) – а одговорот, навестен со почетното Божје прашање, гласел: „Да, ти си чувар на својот брат.“

**Прочитајте Мудри изреки 22,2. Што ни навестува оваа навидум едноставна изјава? Што ни кажува за нашиот однос кон другите луѓе?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Сите, со кои се сретнуваме, се Божји созданија создадени според Неговиот лик и дел од мрежата на односи која сите нѐ поврзува како Божји дела на создавањето, иако сме скршени и слаби. „Сите ние сме вткаени во ткивото на човештвото. Кој било дел од големото човечко братство да го снајде зло, тоа им носи погибел на сите“ (Елена Вајт, *Во потрага по подобар живот*, стр. 345. оригинал).

Ни се допаѓало тоа или не, имаме од Бога дадена одговорност кон Бога и едни кон други (види: Матеј 22, 37-39).

Во целата Библија се повторува тврдењето дека Бог е нашиот Создател. На пример, тоа тврдење е една од наведените причини зошто треба да се сеќаваме на саботата (види: 2. Мојсеева 20,11) и да му се поклонуваме на Бога на крајот од времето (види: Откровение 14,7). Таа, исто така, е главниот поттик да се грижиме едни за други и да се интересираме за оние кои имаат помалку среќа од нас.

Сите сме поврзани со заедничкото потекло во Бога. Секој оној што „го угнетува бедниот, го навредува неговиот Творец, а кој е милостив кон бедниот Го почитува“ (Мудри изреки 14,31). Може ли оваа врска да биде појасна?

Како наш Создател, Бог полага право на нас и го бара целиот наш живот, вклучувајќи го и нашето богослужение и нашата грижа за другите. Колку понекогаш тоа и да е тешко, разочарувачки и непријатно, ние навистина сме „чувари на своите браќа“.

**Што мислите зошто во Библијата постојано се повторуваат Божјите тврдења дека е Создател? Зошто е ова толку важно, и како овој факт треба да влијае на тоа како да се однесуваме кон другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Создавање“, стр. 44-51 оригинал во книгата на Елена Вајт, *Патријарси и пророци*.

„’Бог е љубов’... Љубовта е суштина на Божјето битие и негов закон. Така било секогаш и секогаш ќе биде така. ’Севишниот и Возвишениот, кој владее вечно’..., Оној, чиишто ’патишта се вечни’..., не се менува. Кај него ’нема ниту промена, ниту траги од менување’... Секоја појава на моќта на Творецот е израз на бесконечната љубов. Божјето владеење содржи во себе изобилство благослови за сите создадени суштества“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 33. оригинал).

„Кога луѓето би ги извршувале своите должности како верни повереници на Господовите добра, не би имало пекање за леб, никој што би страдал од скудност, никој без облека или во неволја. Токму неверството на луѓето го довело светот до оваа страдна состојба во која се наоѓа човештвото... Бог ги поставил луѓето како повереници и не треба Тој да се обвинува за страдањата, бедата, сиромаштијата и потребите за човечност. Господ излеал изобилни благодети над сѐ“ (Елена Вајт, *Welfare Ministry*, стр. 16).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Внимателно прочитајте ја последната изјава на Елена Вајт во претходниот текст. За што зборува таа? Кој е крајно одговорен за толкавата сиромаштија? Што ни зборува за важноста на верната повереничка служба?**

**2. По неколку илјада години нарушени односи предизвикани од гревот, како е можно сѐ уште да забележуваме дека сѐ е добро создадено? Како луѓе кои веруваат во Бог Создателот, што можеме да направиме за да им помогнеме на другите да увидат дека Бог создал сѐ што е добро?**

**3. Како го сфаќате изразот *повереничка служба*? Дали нешто во лекцијата за оваа седмица го прошири вашето размислување за тоа што значи да се биде повереник, посебно затоа што сме повикани од Бога?**

**4. Како начинот на кој постапуваме и се однесуваме кон другите може да се промени така што на секоја личност која ќе ја сретнеме гледаме знак кој нѐ потсетува дека таа личност е „создадена според Неговиот лик и дека Тој ја сака“?**

ЗАКЛУЧОК

Бог создал добар и целесообразен свет, и им го доверил на човечките суштества, создадени според Неговиот лик, „да се грижат“ за Неговите дела на создавање. Иако гревот ги нарушил односите што Бог првобитно ни ги наменил, ние и понатаму ја имаме улогата на повереници на сето добро што Бог го создал и чувари на своите ближни. Исполнувањето на оваа улога е еден од начините на кои можеме да го прославиме Бога како наш Создател.

**Поука 2**
**Од 6 до 12 јули 2019**

# ПЛАН ЗА ПОДОБАР СВЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Мојсеева 3,7; Матеј 22,37-40; 2. Мојсеева 22,21-23; 5. Мојсеева 14,22-29; 5. Мојсеева 26,1-11; 3. Мојсеева 25,9-23.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Не се одмаздувај и немај злоба кон синовите на твојот народ. Љуби го својот ближен како себеси. Јас Сум Господ!'“ (3. Мојсеева 19,18)**

Во својата милост Бог секогаш имал луѓе со кои одржувал посебен однос. Во извештаите за Енох, Ное, Аврам, Исак и Јаков – меѓу останатите – гледаме дека Бог копнее повторно да го изгради нарушениот однос со човекот. Но, тоа не било само поради добрата на овие поединци и нивните семејства. Кога биле во заедница со Бога и кога Бог ги благословувал, тоа било дел од поголемиот план тој меѓусебен однос да се обнови и да се споделат благословите со другите. Како што Бог му рекол на Аврама: „Ќе направам голем народ од тебе, ќе те благословам, ќе го прославам твоето име и самиот ќе бидеш благослов... И во тебе ќе бидат благословени сите племиња на земјата“ (1. Мојсеева 12,2.3). Кога тој бил благословен, можел да стане благослов за другите.

Овој благослов требало да дојде преку израелскиот народ и на крајот преку Месија, кој потекнал од истиот народ. Со создавањето на Израел, Бог сега дејствувал преку цел еден народ. Затоа им дал закони, прописи, празници и обичаи според кои требало да живеат и, оние коишто Бог ги благословил, да можат да ги благословуваат другите.

Нема сомнение, овој принцип постои и денеска.

# БОГ КОЈ СЛУША

„Ги видов страдањата на својот народ во Египет – продолжи Господ – и му ја чув тужбата против неговите угнетувачи. Познати ми се неговите маки“ (2. Мојсеева 3,7). Долго е да се чека четиристотини години, посебно кога се чека во услови на сѐ посурово ропство. Бог ветил дека ќе се врати кај својот народ и ќе го изведе од Египет, но генерации и генерации биле оставени во таа земја да стекнуваат богатство и да го градат угледот на своите идолопоклонички угнетувачи, додека им се чинело дека Бог молчи.

Тогаш Бог се покажал на единствен начин. Се појавил во грмушка која горела во далечна пустина пред неочекуваниот водач, принц бегалец и понизен пастир по име Мојсеј. Тој на безволниот Мојсеј му доверил една задача, а првиот дел од задачата се состоел во тоа да се врати кај израелскиот народ во Египет со порака дека Бог го слуша и го гледа угнетувањето што го доживуваат – и дека се грижи за тоа. Всушност, Тој имал намера да направи нешто што од корен ќе ги промени нивните околности.

**Прочитајте 2. Мојсеева 3,16.17. Зошто било важно Бог со оваа посебна порака да почне неговиот план да му го открива на својот народ? Што го привлекува вашето внимание во оваа Божја изјава?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Меѓутоа, Бог не запира овде. Не само што имал план да ги поведе во подобра земја, туку и не сакал Неговиот народ да го напушти Египет сиромашен. Стотина години придонесувале за богатството на египетското царство. Бог предвидел дека фараонот во почетокот ќе пружа отпор, но го уверил Мојсеја дека на Израелците ќе им биде надоместено за сите тие години макотрпна работа: „Египетците се расположени добро кон овој народ, па кога ќе тргнете, нема да тргнете со празни раце“ (2. Мојсеева 3,21).

По долгите години угнетување, Бог ја искористил приликата да воспостави нов облик на општество со овие некогашни робови. Сакал да живеат поинаку и да основаат општество кое ќе биде одржливо и остварливо. Неговиот план бил овој нов општествен облик да стане пример за околните народи и да ги благослови оние што ќе примат од Бога, како и во Аврамовиот случај, да бидат благослов за целиот свет.

**Колку ви е важно што Бог е Бог кој го гледа страдањето на својот народ во светот и го слуша нивниот крик за помош? Што ви зборува тоа за Бога? Разгледајте го текстот: 2. Мојсеева 4,31.**

# ДЕСЕТТЕ ЗАПОВЕДИ

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 22,37-40; 2. Мојсеева 20,1-17. Како Исусовиот краток преглед на Десетте заповеди ви помага, додека читате, да ја разберете секоја од нив?**

___

Десетте заповеди се како устав. По кратката преамбула која го поставува темелот врз основа на кој се даваат овие изјави – во овој случај, фактот дека Бог го спасил својот народ – во документот се наведуваат суштинските начела врз кои е основан животот на народот. Во овој случај, дадени се посебни заповеди за тоа како луѓето во својот живот можат на најдобар начин да ја покажат љубовта кон Бога и едни кон други. И не нè чуди, затоа што многу народи со христијанско наследство темелите на своите закони ги изградиле од овие водечки начела.

Иако овие изјави се многу кратки, не преба да ја потцениме ширината на нивното влијание и сеопфатноста на Десетте заповеди како закон на животот. На пример, шестата заповед – „Не убивај“ (2. Мојсеева 20,13) – збиено го изнесува и го опфаќа „секоја неправедна постапка што придонесува за скусување на животот“ како и „себичната немарност во помагањето на сиромасите и на оние што страдаат“ (*Патријарси и пророци*, стр. 308 оригинал). Слично на тоа, забраната да не се краде (види: 2. Мојсеева 20,15) ја осудува „трговијата со робови и ги забранува освојувачките војни“. Таа „бара чесно да се плаќаат сите оправдани побарувања и заработувачки“, но и забрана на „секој обид човекот да го користи незнаењето, слабоста или несреќата на другите“ (*Патријарси и пророци*, стр. 309 оригинал).

Лесно можеме да кажеме за себе дека не сме лоши луѓе. На пример, ако не сме непосредно вклучени во убиство или во некоја очигледна кражба, може да изгледа дека сè што правиме е во ред. Меѓутоа, кога Исус говорел за заповедите, јасно ставил до знаење дека заповедите не се исполнуваат само со тоа што правиме неколку посебни дела. Со своите мисли, побуди, па дури и пропусти да го направиме она за кое знаеме дека треба да го направиме, го кршиме Божјиот закон (види: Матеј 5,21-30).

Значи, замислете општество во кое секоја од Десетте заповеди сериозно се сфаќа и потполно се применува во животот. Тоа би било активно, живо општество во кое секој со восхит постапува во согласност со љубовта кон Бога, сакајќи и грижејќи се едни за други.

**Зошто сме склони да ги читаме Десетте заповеди и „слабо да ги применуваме“, често занемарувајќи ја поширокаата примена на овие важни начела во својот живот? Зошто во практика е полесно да се следи слабата примена?**

## РОБОВИ, ВДОВИЦИ, СИРАЧИЊА, СТРАНЦИ

**Прочитајте го текстот во 2. Мојсеева 23,9. Каква порака Бог му упатува на Израел во овој текст?**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Како штотуку ослободени робови, Израелците знаеле што значи да се биде поробен, искористуван и понижен. Додека ја славеле својата слобода, Бог се погрижил да не заборават од каде дошле, што значи да се биде отфрлен и што направил Тој за да ги ослободи. Ја воспоставил Пасха како знак на сеќавање и им пружил можност да го прераскажуваат овој настан: „Господ нѐ изведе со силна рака од Египет, од куќата на ропството“ (2. Мојсеева 13,14).

**Прочитајте 2. Мојсеева 22,21-23. Колку сеќавањето на нивното ропство било важно во врска со упатствата како треба народот да се однесува кон оние кои во нивната нова заедница имаат најмалку можности?**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

По добивањето на Десетте заповеди извиците едвај стивнале кога Мојсеј бил повикан да помине повеќе време со Бога, кој му дал детални налози во врска со тоа како треба овие возвишени заповеди да се применуваат во животот на израелската заедница. Дури и пред да бидат дадени упатствата за изградба на Шаторот за состанок, Бог дава три поглавја со закони за соодветно однесување кон робовите, закони кои биле во остра спротивност со однесувањето какво што многу Израелци доживеале. Дадени биле закони кои се однесувале на злосторствата, имотот, секојдневниот живот и начелата за основање судови кои ќе ги спроведуваат овие закони и ќе ја извршуваат правдата (види: 2. Мојсеева 21-23).

Меѓу овие закони била истакната грижата кон сонародниците во новата заедница, како и грижата кон туѓинците и најранливите. Овие луѓе не смееле да бидат злоупотребувани; дури им биле дадени и права да дојдат до храна на начин на кој нивното достоинство ќе биде испочитувано, како што е прибирање на остатокот од посевите од ожнеаните полиња. Таквото однесување кон „туѓинците“ и странците не било вообичаено во древниот свет. Дури и денес се чини дека поединци заборават на важните морални начела што ги пронаоѓаме овде во врска со однесувањето кон другите.

**На кои искуства се сеќавате, а ве прават посочувствителни и погрижливи кога станува збор за неправдата или страдањето на другите?**

# ВТОР ДЕСЕТОК

Многу христијани ги препознаваат и ги следат упатствата во врска со давањето – или враќањето – на десетокот. Обично се наведува текстот од Малахија 3,10, кој претставува едноставно правило, според кое верниците даваат 10 проценти од своите приходи за да ја поддржат црковната работа за ширење на Евангелието. Бидејќи ѝ се доверени десетоците, црквите обично имаат строги насоки за користењето на овие парични средства, првенствено за поддршка на непосредната служба и евангелизмот.

**Прочитајте го текстот во 5. Мојсеева 14,22-29. Според овие упатства, која е главна намена на десетокот?**

__________________________________________________________________

Понекогаш се наоѓаме во искушение да помислиме дека сме ја исполниле својата обврска за давање кога ќе ги дадеме тие десет проценти. Меѓутоа, упатствата што им биле дадени на Израелците покажуваат дека тие десет проценти се појдовна точка. Проучувањата ни навестуваат дека тогашниот Израелец, кој живеел и давал според упатствата дадени во левитските закони за делото Господово, редовно давал меѓу една четвртина и една третина од годишните приходи, поддржувајќи ги свештениците и Светилиштето, и помагајќи им на сиромашните.

Некои проучувачи на Библијата го опишуваат ова давање – особено кога им се помага на странци, сирачиња и вдовици – како втор десеток. Јасно е дека народот требал да ужива во резултатите од својата работа и со прославите да ја обележува жетвата. Бог ветил дека ќе ги благослови, посебно во новата земја, но тој благослов не требало да се земе лекомислено или да заборават оние кои не биле толку благословени.

Во време на редовните години, овој дел од жетвата требало да се донесе во Светилиштето и оттаму да се дели. Но, секоја трета година, посебно биле сосредоточени на делење на благословите во својата заедница. За време на тие прослави на жетвата, посебно внимание се упатувало на оние кои лесно можеле да бидат занемарени или заборавени: „И им ги дадеш на левитот, на придојденикот, на сирачето и на вдовицата по твоите градови, за да јадат до наситка“ (5. Мојсеева 26,12).

Според Божјите упатства, барем еден дел од израелските дарови требало да се насочат на пружање парична и практична помош на оние на кои помошта им била најпотребна. Да повториме, таа практика се заснова на сеќавањето на народот и на тоа што ценат колку Бог бил милостив и праведен кон нив.

**Прочитајте го текстот во 5. Мојсеева 26,1-11. Што им зборува Господ? Како овие зборови треба да ги примениме на сопствениот став кон давањето на оние на кои помошта им е најпотребна?**

# ЈУБИЛЕЈНА ГОДИНА

Собирајќи ги Израелците како народ кој немал свој дом и кој чекал да стигне во Ветената земја, Бог знаел колкава важност ќе поприми земјата кога ќе ја основаат новата заедница во Ханан. Под водство на Исус Навин, Бог ја надгледувал поделбата на земјата по племиња и семејства.

Исто така, знаел дека со текот на времето богатството, приликите и средствата поврзани со поседувањето на земја ќе дојдат во рацете на неколкумина. Семејните потешкотии, лошото здравје, погрешните одлуки и другите несреќи можат да ги наведат сопствениците на земја да ја продадат својата земја поради краткорочна добивка или едноставно за да преживеат, но тоа значело дека семејството ќе биде лишено од имот за идните генерации.

Бог дал решение кое ја спречувало оваа појава, прогласувајќи дека земјата никогаш не може во потполност да биде отуѓена. Наместо тоа, земјата можела да биде продадена само следната „јубилејна година“, кога би била вратена на семејството на кое му била доделена. Секоја продадена земја можела да биде откупена од страна на продавачот или друг член од семејството на продавачот во кое било време. Да повториме, Бог го потсетува народот на нивниот однос со Него и како таа заедница влијае на односите со другите луѓе: „Земјата не смее да биде продадена за секогаш, зашто земјата Ми припаѓа Мене, додека вие сте само странци и гости кај Мене“ (3. Мојсеева 25,23).

**Прочитајте 3. Мојсеева 25,8-23. Што мислите колку би било општеството поинакво кога би се применувале овие начела, посебно зборовите „не му нанесувајте штета на својот брат“?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Прописите што ги воспоставил Бог се дадени со цел да ја помогнат социјалната рамноправност. Со мерките преземани на овој начин секоја саботна, а особено за време на прошталната година, во голема мера било регулирано сè она што во меѓувреме е пропуштено во социјалниот, политичкиот и економскиот живот на нацијата“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 534. оригинал).

Библиските историчари не се сигурни дали овие економски и општествени циклуси некогаш во потполност се почитувале во одреден временски период (види: 2. Летописи 36,21). Дури и да не ги почитувале, овие правила даваат интересен увид во тоа како би изгледал светот кога Божјите закони би се почитувале во целост. Освен тоа, тие ја истакнуваат Божјата посебна грижа кон сиромашните и отфрлените, како и настојувањето во нашиот свет чесноста да се покаже на практичен начин.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елен Вајт, *Патријарси и пророци*, прочитајте ги главите „Израел го прима Законот“, стр. 303-314 оригинал; „Божја грижа за сиромасите“, стр. 530-536 оригинал.

„Законите дадени преку Мојсеја, освен во признавањето на Божјите барања, со ништо не се одликуваат во толкава мера како со дух на доброволно, нежно и гостољубиво постапување со сиромасите. Иако Бог ветил дека својот народ обилно ќе го благослови, сепак негова намера не била меѓу нив да не се знае за сиромаштво. Тој дури рекол дека земјата никогаш нема да биде без сиромаси. Во неговиот народ секогаш ќе има и такви кои ќе имаат потреба од сожалување, нежност и доброчинство. Како и денеска, и тогаш луѓето страдале од несреќи, од болести и скудност; сепак, сè додека се придржувале кон упатствата примени од Бога, меѓу нив немало питачи ниту такви кои биле оставени без леб“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 530.531. оригинал).

„Тие прописи се дадени со цел да им донесат благослов не само на сиромасите, туку и на богатите. Ја спречувале дрчноста и желбата за самоизвишување и поттикнувале дух на благородност и доброчинство, а со тоа што меѓу сите класи развивале трпеливост и доверба, потпомагале прогрес на општествениот поредок и стабилност на управата што владеела со народот. Во големиот сплет на човештвото сите ние меѓусебно сме поврзани и сè што можеме да сториме за да ги усреќиме и да ги издигнеме другите, ни се враќа нам во вид на благослов“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 534.535. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Која одлика, закон или пропис најмногу го привлекува вашето внимание во нацртот што Бог го дал на Мојсеја и на Израелците во врска со тоа какво општество треба да основаат (било да е посебно спомнато во лекцијата за оваа седмица или врз основа на вашето поопширно проучување)?**

**2. Што мислите зошто Бог во законите што му ги дал на својот народ е толку сосредоточен на најранливите?**

**3. Како треба да ги сфатиме овие закони денес и како треба да се однесуваме кон нив? Врз основа на што бираме кои од нив се применливи и важечки за нас денес? Која е најважната подробност којашто треба да ја научиме од овие детални упатства за тоа како Израелците треба да го уредат своето општество и животот?**

### ЗАКЛУЧОК

Бог го слушнал крикот на напатениот израелски народ во Египет и се вмешал за да ги спаси. Тежнеел да изгради посебен заветен однос со нив и да основа ново општество кое ќе им служи на благослов на сите, дури и на оние што често се заборавени, отфрлени и ранливи.

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Поука 3**
**Од 13 до 19 јули**

# САБОТА: ДЕН НА СЛОБОДАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Мојсеева 16,16-18; 2. Мојсеева 20,8-11; 5. Мојсеева 5,12-15; Матеј 12,9-13; 3. Мојсеева 25,1-7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И им рече: 'Саботата е воспоставена заради човекот, а не човекот заради саботата'" (Марко 2,27).**

Бог ја создал саботата како последен чин од седмицата на создавање. Кажано е дека Бог седмиот ден, не само што одмарал, туку и го создал одморот како составен дел од светот каков што го замислил. Саботата е показател дека сме создадени да стапиме во заедница со Бога и едни со други.

Според тоа, не сме изненадува што саботата, како една од заповедите во Божјиот план за Неговиот народ, се споменува на самиот почеток од основањето на новата израелска нација. Требало да има централна улога во животот на Евреите.

Кога зборуваме за саботата, разговорот често бргу преминува на прашањето за тоа како да ја држиме, што не треба да работиме и слично. Колку и да се важни овие прашања, потребно е да ја сфатиме целокупната улога што требало сабота да ја има во светот и во животот на Божјиот народ како симбол на Божјата благодат и грижа.

Исус рекол дека седмиот ден, саботата, е создадена за целото човештво. Кога вистински „се сеќаваме на саботниот ден", тој ќе нè менува секој ден во седмицата – и како што Исус покажал – тој може да стане извор на благослов за другите.

# ДОВОЛНА МАНА

По многуте генерации ропство и социјална деградација до која таквите услови го довеле Неговиот угнетен народ, Бог настојувал да го издигне новоослободениот Израел, упатувајќи ги на подобар начин на живот, давајќи им закони за да можат на најдобар начин да го уредат своето општество. Еден од првите чекори на овој процес се состоел од практични и очигледни поуки.

По полни 40 години талкање низ пустината, ваквиот ритам на живот, видливиот доказ за Божјата грижа и покажаната несебичност, требало да стане дел од културата на израелското општество. Се јавил во облик на мана, храна што секое утро се наоѓала на земјата околу израелскиот логор.

**Прочитајте 2. Мојсеева 16,16-18. Што мислите, што претставува посебната мерка нагласена во овие стихови одредена за една личност?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Во 2. Коринќаните 8,10-15 Павле го наведува овој извештај како пример, како треба христијаните да даваат: „Во сегашно време вашиот одвишок да ја покрие нивната скудност, и нивниот одвишок да послужи на вашата скудност, за да биде рамноправност“ (14. стих).

Поуката упатена до Израелците, а и до нас, гласи дека Бог обезбедил доволно за својот народ и за делата на создавањето. Ако го земеме само она што ни е потребно и сме подготвени да го делиме својот вишок со другите, сите ќе бидат згрижени и обезбедени. Собирањето само онолку колку што е доволно за одреден ден барало од народот вера дека следниот ден ќе има уште храна. Угнетениот народ, како што биле израелските робови, е склон да се сосредоточи на сопствениот опстанок, но Бог сакал да им открие живот полн со доверба, великодушност и делење.

Меѓутоа, постоела уште една, уште поизвонредна димензија на оваа практика. Секој петок на земјата се излевала двојна мера на мана, и тој ден – и само тој ден – народот требало да собира дополнителна мана во рамките на подготовката за саботата. Посебното снабдување за саботниот ден, на уште еден начин им помогнало да научат да се потпираат на Господа за сите свои потреби. Оваа дополнителна количина на мана, чин на Божјата благодат, им овозможила уште поцелосно да се радуваат на одморот што Бог им го ветил во сабота, седмиот ден.

**Што можеме да правиме во петок, а ќе ни помогне уште повеќе да уживаме во она што Бог ни го нуди во сабота?**

## ДВЕ ПРИЧИНИ ЗА ПРАЗНУВАЊЕ НА САБОТАТА

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 20,8-11. и 5. Мојсеева 5,12-15. Како овие две верзии на четвртата заповед се дополнуваат една со друга?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Сеќавањето е важен дел од односот кој Бог копнее повторно да го воспостави со својот народ, однос кој се темели на фактот дека Бог е наш Создател и Откупител. Обете улоги се јавуваат во овие две верзии од четвртата заповед и, според тоа, тие се тесно поврзани со саботата и нејзиното празнување.

Излегувајќи од Земјата во која преовладувале толку многу лажни богови, Израелците требало да се потсетат на вистинската Божја улога како Создател. Саботата била клучна во тоа. Направена е уште позначајна во рамките на седмичниот циклус со излевање на маната во петок, што било силен пример за Неговата создателска сила. Во четвртата заповед во 2. Мојсеева 20. глава, Бог најјасно се открива како наш Создател.

За разлика од тоа, нивното ослободување, откупување и спасение се центар на четвратата заповед во 5 глава од 5. Мојсеева. Тоа бил извештај кој Израелците требало редовно да го прераскажуваат; особено што секоја сабота можеле да се потсетат на него. Во почетокот извештајот се однесувал на стварното физичко ослободување од египетското ропство, но како што растело нивното сфаќање на Бога и Неговото спасение, така и саботата станала седмичен симбол на прославување на нивното духовно спасение.

И двете причини за празнување на саботата се однесувале на обновувањето на односите меѓу Бога и Неговиот народ: „Им ги дадов и своите саботи, како знак меѓу Себе и нив, нека знаат дека Јас Сум Господ кој ги осветува“ (Езекил 20,12). Како што видовме, тоа не се однесувало само на оваа група луѓе. Врз основа на овој однос, требало да воспостават нов облик на општество, општество кое било љубезно кон отфрлените и кое претставувало благослов за пошироката заедница.

„Затоа ти заповеда Господ, твојот Бог, да го пазиш саботниот ден“ (5. Мојсеева 5,15). Ако ја празнуваме саботата на тој начин што се сеќаваме и го прославуваме и нашето создавање и нашето откупување, можеме да ги развиваме меѓусебните односи, не само со Господа, туку и со луѓето околу нас. Бог е милостив кон нас; затоа и ние треба да бидеме милостиви кон другите.

**На кои сè начини празнувањето на саботата треба да нè направи подобри, пољубезни, погрижливи и посочувствителни кон луѓето?**

# ДЕН НА ЕДНАКВОСТ

Една од подробностите што ги забележуваме со бегло читање на Десетте заповеди во 2. Мојсеева 20 глава и 5. Мојсеева 5 глава, е дека четвртата заповед е најдетална. Додека некои заповеди се забележани во само неколку зборови, односно во три збора во поедини преводи (во еврејскиот некои се изразени само два збора), четвртата заповед им дава простор на прашањата *зошто, како* и *кој* треба да се сеќава на саботниот ден.

**Прочитајте 2. Мојсеева 20,8-11. Што кажува за слугите и странците, дури и за животните, и на што укажува?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Она што се забележува меѓу овие детали за саботата е сосредоточеноста на другите. Сигве К. Тонсатд тврди дека таквиот вид на заповед е единствен меѓу сите култури на светот. Заповеда за саботата, појаснува тој, „ги поставува приоритетите од дното кон врвот, а не од врвот кон дното, укажувајќи прво на уважувањето на најслабите и најранливите членови на општеството. Оние на кои одморот им е најпотребен – робовите, странците кои тука престојуваат и товарните животни – се издвоени и посебно споменати. Во одморот на седмиот ден неповластените, дури и немите животни, пронаоѓаат сојузник“ (*The Lost Meaning of the Seventh Day* [Michigan: Andrews University Press, 2009], стр. 126, 127).

Заповеда посебно нагласува дека саботата е ден на кој сите треба да се радуваат. Во светлината на саботата, сите сме еднакви. Ако сте работодавач во текот на седмицата, немате право да ги терате своите работници да работат во сабота. Причината е во тоа што Бог и ним им го дал денот за одмор. Ако сте работник – па дури и роб – целиот свој живот, саботата ве потсетува дека Бог и вас ве создал и откупил. Бог ве повиккува тоа да го прославите на начин кој се разликува од вашите вообичаени должности. Дури и оние што не му припаѓаат на народот кој ја празнува саботата, „странецот што е внатре во твоите порти“ (2. Мојсеева 20,10) – треба да имаат корист од саботата.

Ваквата мисла претставувала извонредна промена на гледиштето на израелскиот народ. Таа била нова во однос на нивното искуство од ропството и отфрленоста. Сега, кога требало да се утврдат во новата земја, Бог не сакал да ги усвојат навиките на своите некогашни поробувачи. Покрај тоа што дал детални закони за уредувањето на нивното општество, на силен начин им дал (всушност и на сите нас) седмичен потсетник за тоа колку сите сме еднакви пред Бога.

**Како можете да ја ширите вистината за саботата во својата заедница, односно како другите во вашата заедница можат да доживеат предности од вашето празнување на саботата?**

## ДЕН НА ИСЦЕЛУВАЊЕ

Иако првобитната визија за саботата и празнувањето на саботата била широка и сеопфатна, таа за многу верски водачи се претворила во нешто сосема друго до моментот кога Исус дошол на Земјата. Наместо да биде ден на слобода и еднаквост, станала дел на човечки традиционални правила и ограничувања. Исус токму во тој ден станал против таквите ставови, особено кога им биле наметнувани на другите.

Интересно е што Тој тоа во најголема мера го правел преку бројните исцелувања во сабота. Се чини дека Исус намерно ги правел овие чуда во сабота, а не во некои други денови, за да покаже што треба таа да претставува. Исус често во овие извештаи зборувал за тоа зошто е прикладно да се лечи во сабота, а фарисеите ги користеле Неговите изјави како изговор да ги продолжат своите заговорнички планови и да Го убијат.

**Прочитајте ги извештаите за Исусовите исцелувања во сабота: Матеј 12,9-13; Марко 1, 21-26; Марко 3,1-6; Јован 9,1-16. Кои најзначајни поединости ги забележавте во овие извештаи?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус потврдил дека саботата е важна. Треба да поставиме граници околу саботното време за да го зачуваме како посебно и да дозволиме ова седмично време да ни овозможи да го градиме својот однос со Бога, со своето семејство, Црквата и заедницата. Но, празнувањето на саботата не треба да биде себично и врзано само за нас. И како што рекол Исус: „Затоа е дозволено да се прави добро во сабота“ (Матеј 12,12).

Многу верници извршуваат добра работа грижејќи се за другите. Но, мнозина од нас сметаат дека треба повеќе да помагаме. Знаеме дека Бог се грижи за оние што се наоѓаат во неволја, за угнетените и заборавените, и дека и ние треба да се грижиме за нив. Бидејќи ни е наложено да не се занимаваме со своите вообичаени работи и бидејќи сме ослободени од притисоците што ги чувствуваме во текот на седмицата, со саботата ни е дадено време да се сосредоточиме на грижата за другите, што е еден од начините на вистинското и активно празнување на саботата: „Според четвртата заповед, саботата е посветена за одмор и богослужба. Сите световни работи се прекинувале, но делата на милост и великодушност биле во согласност со Божјата намера... Да се ублажат страдањата на ранетите, да се утешат ожалостените, претставува дело на љубовта кое прави да се почитува Господовиот свет ден“ (Елена Вајт, *Welfare Ministry*, стр. 77).

**Што правите во сабота за доброто на другите?**

# САБОТЕН ОДМОР ЗА ЗЕМЈАТА

Како што видовме, саботата била вкоренета во животниот циклус на израелскиот народ. Меѓутоа, принципот за саботата не се однесувал само на еден седмичен ден. Исто така, опфаќал и посебен одмор секоја седма година, достигнувајќи го врвот во јубилејната година по седум пати по седум години, што значи секоја 50. година.

**Прочитајте Мојсеева 25,1-7. Што е она извонредно во врска со ова упатство? На кои сè начини можете да го вклучите ова начело во својот живот и работа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Саботната година пружала можност нивите една година да останат необработени. Тоа е извонреден чин на управување со земјата, а мудроста на оваа земјоделска практика е широко признаена.

Седмата година, исто така била значајна за робовите (види: 2. Мојсеева 21,1-11). Доколку некој Израелец се задолжил толку за да мора самиот себеси да се продаде во ропство, седмата година станувал ослободен. Слично на тоа, на крајот на седмата година биле отпишувани и неотплатените долгови (види: 5. Мојсеева 15,1-11).

Исто како маната што Бог им ја обезбедувал на Израелците во пустината, изоставувањето на сеидба една година било дело на доверба дека Бог ќе им даде доволно во годината која претходи и од она што земјата сама ќе го роди во саботната година. Слично на тоа, ослободувањето на робовите или простувањето на долговите било чин на милост, но и доверба во Божјата сила дека ќе се задоволат нивните потреби. Во одредена смисла, народот требало да научи дека не мора да ги поробуваат другите за да обезбедат доволно за својот живот.

Прописите и образецот на саботата требало да бидат тесно поврзани со структурата на израелското општество како целина. На сличен начин, и современото празнување на саботата треба да биде духовна дисциплина која врши влијание на сите останати наши денови. Во практична смисла, Саботата е еден од начините во својот живот да ги примениме Исусовите упатства најпрво да го бараме Божјето царство: „Вашиот небесен Татко знае дека ви е потребно сето ова... и сè тоа ќе ви се додаде“ (Матеј 6,32.33).

**Како празнувањето на саботата треба да влијае на останатите шест дена во седмицата? Впрочем, ако сте дрчни, себични или немарни од понеделник до петок, дали навистина е важно ако не сте такви во сабота? (Дали навистина не сте такви во сабота доколку се однесувате на тој начин цела седмица?).**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го следното: Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* „Од Црвеното Море до Синајската гора“, стр. 295 – 297 оригинал; *Копнежот на вековите*, „Сабота“, стр. 281 – 289 оригинал.

„Исус им објаснил дека делото на лекување на болните во сабота е во сообразност со законот за саботата. Тоа било во согласност со работата на Божјите ангели што постојано слегуваат и се качуваат меѓу небото и Земјата служејќи му на човештвото што страда... Тој ден и човекот мора да работи. Животните потреби мора да се задоволат, болните мора да се негуваат, скудноста на сиромасите мора да се ублажи. Ќе биде виновен оној што ќе занемари во сабота да помогне во неволја. Божјиот свет одмор е создаден за човекот и делата на милосрдие се во совршена хармонија со неговата цел. Бог не сака неговите созданија ниеден миг да поднесуваат болка што може да се отстрани во сабота или во кој и да е друг ден“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 206.207. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кои начини сте ја доживеале саботата како пројава на вашата доверба во Бога? Дали во својот живот сте доживеале слично искуство со маната, кога Бог се погрижил за вашите потреби како одговор на вашата доверба во Него? Ако сте доживеале, раскажете го тоа во класата и кажете што научивте.**

**2. Како што видовме во четвртата заповед забележена во текстовите 2. Мојсеева 20,8-11. и во 5. Мојсеева 5,12-15, Бог ги нагласил различните аспекти на саботата. Кој аспект на саботата најмногу го цените?**

**3. Во својата класа или поединечно, размислете како можете да ги споделите благословите и да ја користите Саботата во својата заедница?**

**4. На кои сè начини саботата ви го променила животот? Дали постојат области во вашиот живот во кои принципите или обрасците на саботата треба да имаат посилно влијание?**

### ЗАКЛУЧОК

Бог ја дал саботата за да се сеќаваме на создавањето и на откупувањето, но таа попатно носи и многу практични работи. Нè учи како да се потпреме на Божјата грижа за нас; нè учи како да ја негуваме еднаквоста; претставува духовна дисциплина која може да ги промени сите наши односи. Исус го покажал својот идеал за саботата лечејќи ги болните и истакнувајќи ја саботата како ден кој треба да им биде од полза на оние на кои им е потребна помош.

Поука 4
Од 20 до 26 јули 2019

# МИЛОСТА И ПРАВДАТА ВО ПСАЛМИТЕ И ВО МУДРИТЕ ИЗРЕКИ СОЛОМОНОВИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 9,7-9.13-20; Псалм 82; Псалм 101; Псалм 146; Мудри изреки 10,4; Мудри изреки 13,23.25; Мудри изреки 30,7-9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Заштитувајте ги: бедниот и сирачето, дајте им правда на јадникот и сиромашниот! Избавете го измачуваниот и слабиот, истргајте го од безбожни раце!“ (Псалм 82,3.4)**

Псалмите и Мудрите изреки Соломонови го опишуваат искуството на живеењето со Бога во обичните животни прилики, а не само во моментите на богослужение или за време на верските активности. Иако Мудрите изреки Соломонови пружаат цела лепеза практични мудрости – од односите и семејството до работата и властите – Псалмите се збирка на песни кои опфаќаат разновидни чувства и духовни искуства, од тажење до одушевено величање. Лесно е да се забележи дека нашата вера треба да влијае на секое животно искуство, бидејќи Бог се грижи за секое подрачје на нашиот живот.

Но, какво било размислување за животот во овој паднат свет тешко може да премине преку неправдата која толку длабоко ги проникнува човековите околности. Всушност, неправдата постојано се опишува како нешто за кое Господ се грижи и настојува да го ублажи. Токму Тој им е надеж на безнадежните. Иако само површно можеме да се осврнеме на она што го кажуваат овие книги во врска со оваа тема, можеби оваа лекција може да ве инспирира да бидете поактивни во служењето на потребите на сиромашните, угнетуваните и заборавените што живеат околу нас и на кои сме должни да им помогнеме.

## ПСАЛМИ: ПЕСНИ НА НАДЕЖ ЗА УГНЕТЕНИТЕ

Како што веќе спомнавме, Бог ги гледа и ги слуша луѓето кои проживуваат некоја мака и неволја. Во Псалмите најчесто ги слушаме лелеците на оние луѓе кои се потпираат на Бога, но сè уште не доживеале правдата да биде извршена. Можеби се чини дека потврдите за Божји добрина, правда и сила се надвладеани од неправдата и угнетувањето што личностите во овие песни ги доживеале или ги гледале.

Сепак, тоа се песни на оние кои сè уште пеат. Ниту нивниот живот, ниту нивнаата верата згаснале. Надежта сè уште постои; и е потребно е Бог да дејствува додека не е предоцна, пред да победи злото, пред обесхрабрените да бидат уништени под тежината на злото што надвило над нив. Писателите на Псалмите на овој начин се обидуваат да го премостат јазот меѓу потврдите на нивната вера и искушенија и трагедијата на животот.

**Прочитајте Псалм 9,7-9.13-20. Можете ли да ги замислите приликите во кои се наоѓал Давид, писателот на Псалмите? Можете ли да ја почувствувате напнатоста меѓу неговата вера во Божјата добрина и неговото моментално искуство? Како вие сте се справиле во борбата со вера во Бога во моментите на големи потешкотии?**

________________________________________________________________

Одговорот кој се повторува во Книгата на Псалмите во врска со оваа напнатост се однесува на надежта и ветувањето за Божјиот добар и праведен суд. Може да ни се чини дела злото и неправдата за сега победуваат, но Бог ќе им суди на насилниците и неправедните. Тие ќе бидат казнети, додека личностите кои ги повредиле и поробиле ќе бидат обновени и повторно подигнати.

Во Книгата *Размислувања за Псалмите* (*Reflections on the Psalms*), К. С. Луис го опишува своето првобитно изненадување кога забележал возбуда и копнеж за Божјиот суд, кои повеќе пати се изразени во Псалмите. Со оглед на тоа дека многу библиски читатели денес сметаат дека судот е нешто од што треба да се плашат, тој го разгледува првобитното еврејско гледиште и пишува: „Илјадници луѓе на кои им било одземено сè што поседувале и на чија страна била правдата во потполност, конечно ќе бидат сослушани. Секако, тие не се плашат од судот. Знаат дека нивниот случај не може да се побие – само кога некој би можел да ги сослуша. Кога Бог ќе дојде да суди, тоа конечно ќе се оствари“ (K. S. Luis, *Reflections on the Psalms* [New York: Harcourt, Brace and Company, 1958], стр. 11).

Во Псалмите забележуваме надеж за угнетените, дури и сега, среде нивните моментални страдања и разочарувања.

**Кои причини ги имаме идејата за судот да ја гледаме како нешто позитивно, а не нешто од што треба да се плашиме?**

## „БОЖЕ, СТАНИ!“

**Прочитајте Псалм 82. Каква порака пронаоѓаме во него?**

______________________________________________________________________

И покрај наредбите и општествените прописи кои Бог им ги дал, израелскиот народ во различни времиња во својата историја не успеал да го исполни овој план. Премногу лесно почнале да наликуваат на народите од своето опкружување, живеејќи според образецот на неправда и угнетување. Водачите и судиите воделе грижа само за себе, а нивната наклонетост можела да се купи со мито. Без суд, кој би го штител обичниот народ, посебно сиромашните, тие биле предмет на искористување.

Псалмот 82 претставува одговор на таквите прилики. Тој ја прикажува Божјата улога како Врховен судија, и ја опишува сцената во која Бог им суди на водачите и на народните судии. Овој Псалм нагласува дека тие се оние кои ги исполнуваат таквите улоги во општеството, биле „поставени да дејствуваат како судии под Негово водство“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 198. оригинал). Тие ја заземаат својата положба и ја извршуваат својата работа како Божји претставници и како такви кои му се потчинуваат на Бога. Според гледиштето на псалмистот, Божјата правда е пример како треба да дејствува земната правда. Таа исто така, претставува мерило според кое на правдата или неправдата – и оние што ја делат – ќе им биде судено.

Псалмот завршува со посебен повик упатен до Бога да дејствува (Псалм 82,8), да се вмеша и да ја спречи неправдата која е толку многу распространета меѓу народот. Како и многу други псалми, овој им дава глас на оние кои се неми и угнетувани, на оние чиишто гласови се замолчани со неправедниот систем во кој живеат и работат,

Осумдесет и вториот Псалм упатува повик до Бога, кој зазема положба на Врховен Судија и Суверен Владетел на универзумот и на сите народи. Не постои виш суд или авторитет до кој би можел да се упати таков повик. Со сигурност можеме да кажеме дека сè уште постои јасна прилика да се упати повик за помош кога земните судови не слушаат или не ги поддржуваат воплите на сиромашните и унтетените, што често се случува.

Во различните ситуации во својот живот можеме да станеме жртви на неправда, но од друга страна, можеме да бидеме оние кои чинат неправда или имаат корист од неа. Во текстовите како што е 82 Псалм, наоѓаме проникливи и мудри зборови, било да сме угнетувани или угнетувачи. Бог се грижи и за неправедните судии: ги опишува како свои деца и изразува желба да изберат подобар живот (види: Псалм 82,6). Според тоа, надежта постои дури и за оние кои се на погрешна страна, кога станува збор за угнетувањето, само ако дозволат да бидат променети.

# ВЕТУВАЊАТА НА ЦАРОТ

**Прочитајте Псалм 101. Иако е напишан за водачите, каков силен совет можеме да усвоиме без разлика во каква положба да се наоѓаме?**

_______________________________________________________________

Псалмот 101 е текст наменет за водачите. Се смета дека овие стихови ги составил Давид како израелски цар во првите денови од своето владеење. Можеби се прилагодени од заветот што го дал во времето кога стапил на престолот. Во своите искуства како Саулов војник, а потоа и како бегалец кој се криел од Саул, бил сведок како еден цар, кој го губи својот пат, може да му наштети на народот и на своето семејство. Давид одлучил да биде поинаков водач.

Малкумина од нас можат да бидат политички или национални водачи, но сите ние имаме одредени улоги во животот благодарение на кои имаме прилика да влијаеме на другите и да ги охрабриме. Тоа влијание можеме да го вршиме на работното место, во заедницата, во семејството или во црквата. Елена Вајт на следниов начин објаснува една од тие страни на водството: „Давидовиот завет запишан во 101. Псалм треба да биде завет на сите оние врз кои почива одговорноста да се сочува влијанието на домот“ (Елена Вајт, *Counsels to Parents, Teachers, and Students*, стр. 119).

Кога имаме прилика, треба да бидеме подготвени да ги поддржиме овие начела и да укажуваме на нив, на луѓето кои заземаат положба на водачи во однос на нас. И ние, кога сме во улога на водачи или на своето место на влијание, имаме можност да ги примениме Давидовите начела на водство за да станеме благослов за другите.

Давидовата појдовна точка е укажување чест на Бога поради Неговата милост и правда (Псалм 101, 1), а тоа станало темел на сè она што Давид тежнеел да го поддржи со своето водство. Настојувал да ги научи и да ги примени овие исти особини во својот живот и работа. За да се оствари тоа, морал да се одбрани од искушението да постапува лошо, да подлегне на подмитувањето или нечесноста, што посебно претставува стапица за оние кои се на власт или имаат раководни позиции.

Имајќи на ум колку важна улога имале добрите советници кои му помогнале да го направи она што е правилно, Давид се залага да пронајде доверливи советници и да одреди чесни службеници. Правдата и милоста требало да го обележат неговото водство, дури и меѓу оние кои работеле со него и за него.

**Ние можеби не сме во положба да имаме советници и службеници, но како можеме да го исполниме нашиот живот со влијанијата кои ни помагаат во својот живот и водство да покажеме правда и милост кон оние на кои тоа им е потребно?**

## ЧЕКОРЕЊЕ СО ГОСПОДА

Како што се ближиме кон крајот на Книгата Псалми, извиците на пофала се чини како да стануваат сè погласни. Последните пет Псалми почнуваат со едноставен и непосреден налог „Фалете го Господа!“, но првиот од нив – Псалмот 146 – посебно ја нагласува Божјата грижа кон сиромашните и угнетените како главна причина за таквата пофала.

**Прочитајте Псалм. Каква порака ни упатува? Што ни кажува Бог, посебно во текстот во Псалм 146,5-9?**

________________________________________________________________

Како што е сигурно дека Бог е Создател на овој свет (види: Псалм 146,6), овој Псалм ја опишува Божјата постојана работа во светот како Судија, Дародавател, Ослободител, Исцелител, Помагач и Бранител – и сета таа работа е сосредоточена на луѓето на кои им е потребна ваквата помош. Тоа е вдахната визија за она што Бог го остварува и што тежнее да го оствари во нашиот живот, во заедницата и во светот.

Понекогаш за грижата за оние што имаат потреба размислуваме како за нешто што треба да го правиме бидејќи Бог така наложил. Но, во Псалмот 146 се кажува дека Бог тоа го прави – а ние сме повикани да Му се придружиме. Кога се бориме против сиромаштијата, угнетувањето, болестите, ние навистина работиме со Бога, а во согласност со Неговите намери. Можеме ли да имаме поголема предност од таа да соработуваме со Бога во исполнувањето на она што исто така вдахнува како и Псалмот 146?

Меѓутоа, во тоа се кријат предности и за нас. Христијаните често зборуваат за својата потрага за Бога и желбата да воспостават блиска заедница со Него. Сепак, стиховите како што е текстот од Псалм 146,7-9, и многу други во Библијата, ни укажуваат дека еден од начините да го пронајдеме Бога е да Му се придруиме во она што Тој го прави. Значи, ако Тој настојува да ги подигне сиромашните, болните и угнетените, како што е забележано во Псалм 146, треба да работиме со Него. „Христос дошол на оваа земја за да оди и да работи меѓу сиромашните и страдалниците. Тој ним им посветувал најголемо внимание. Денес, преку ликот на своите деца, Христос ги посетува сиромашните и бедните, олеснувајќи ја нивната беда и отстранувајќи ги нивните страдања.

Кога би исчезнале страдањата и бедата, не би имале начин на кој би ја разбрале милоста и љубовта кон Бога, ниту да го запознаеме сочувствителниот и милостив небесен Татко. Евангелската работа никогаш не открива толку многу љубов како тогаш кога се извршува во најсиромашните и најбедните области“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 7. книга, стр. 226).

**Како се приближивте вие до Бога служејќи им на другите?**

# МУДРИ ИЗРЕКИ СОЛОМОНОВИ: МИЛОСТ КОН БЕДНИТЕ

Како збирка на мудри изреки, книгата Мудри изреки Соломонови изнесуваат разновидна лепеза и животни искуства. Меѓу нив има размислувања за сиромаштијата, богатството, задоволството, правдата и неправдата – понекогаш од различни агли. Животот не е секогаш едноставен и лесен, а Мудрите изреки Соломонови нè упатуваат на различни околности и избори кои влијаат на начинот на живот, дури и меѓу оние кои му се верни на Бога.

**Прочитајте и споредете ги следните текстови: Мудри изреки 10,4; 13,23.25; 14,31; 15,15.16; 19,15.17; 30,7-9. Што ни кажуваат овие текстови за богатството, сиромаштијата, помагањето на оние што имаат потреба?**

___

___

___

Книгата Мудри изреки ја нагласува Божјата грижа и внимание кон сиромашните и ранливите. Понекогаш луѓето се сиромашни поради околностите, лошите избори, искористувањата, но без оглед на причината за нивните околности, Господ и понатаму се опишува како нивен Создател (види: Изреки 22,2) и Бранител (види: Изреки 22,22.23). Овие луѓе не треба да се угнетуваат или да искористуваат каква било грешка и да направиле.

Иако Мудрите изреки нудат подобар живот доколку ја избереме мудроста и послушноста кон Бога, богатството не е секогаш резултат на Божјите благослови. Верноста на Бога секогаш се смета за поважна и во крајна смисла повредна од материјалната добивка: „Подобро е малку со правда, отколку големи приходи со неправда“ (Изреки 16,8).

Уште едно прашање во Мудрите изреки е чесноста и чесното управување, водење на работите и применување на правдата (Мудри изреки 14,5.25; 16,11-13; 17,15; 20,23; 21,28; 28,14-16). Мудрите изреки не се занимаваат само со животот на поединците, туку нудат увид и во тоа како општеството во целина треба да дејствува во полза на сите, особено на оние на кои им е потребна заштита. Повторно се потсетуваме дека оние кои владеат и кои се наоѓаат во улога на водачи, со Божја помош треба токму така да постапуваат (види: Мудри изреки 8,15.16), како орудија на Неговата благодат и сочувство кон оние на кои им е потребна помош.

**Секому му е лесно да почувствува сожалување кон оние кои се наоѓаат во тешка ситуација. Но, како можеме да го искористиме тоа чувство на тага и да преземеме нешто?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елен Вајт, *Патријарси и пророци* прочитајте го поглавјето „Давидовите последни години“, стр. 746 – 755 оригинал.

„Во Давидовите псалми се наоѓа цела низа искуства: од најдлабока свест за сопствената кривица и осуда на самиот себеси, до највозвишена вера во Бога и најзаносна заедница со него. Записот за неговиот живот сведочи дека гревот може да донесе само срам и болка, но дека љубовта и Божјето милосрдие навлегуваат во најголемите длабини, дека верата ја издигнува душата која се кае за да може да биде примена меѓу Божјите синови. Од сите свечено дадени уверувања што ги наоѓаме во Светото писмо, историјата на Давидовиот живот дава најсилно сведоштво за верноста, за правдата и за Божјата ветена милост“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 754. оригинал).

Кога станува збор за мудроста во Мудрите изреки Соломонови: „Врз овие принципи се потпира благосостојбата на општеството, без оглед дали се работи за световни или за верски заедници. Овие принципи даваат сигурност и за имотот и за животот. За сѐ што овозможува заемна доверба и соработка, светот може да му заблагодари на Божјиот закон кој е запишан во неговата Реч и кој уште постои во човечкото срце, често запишан со нејасни и речиси избришани букви“ (Елена Вајт, *Воспитување*, стр. 137. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во која смисла можете себеси да се сметате за водач или за личност на влијателна положба? Како можете да бидете орудие на праведноста во таа област на својот живот?**

**2. Размислувајте за културата и за општествените структури во местото во кое живеете? На кој начин можете да работите во рамките на постоечкиот систем за да го подобрите животот на бедните?**

**3. Зошто начелата на правдата и праведноста се толку важни за изградбата на силно општество?**

**4. Мудри изреки Соломонови се сосредоточени на мудри совети за тоа како да живееме подобар живот. Што ни кажува ова за Божјиот карактер?**

ЗАКЛУЧОК

Псалмите и Мудрите изкери Соломови се две книги кои посебно се занимаваат со предизвиците на верниот живот среде вообичаените животни искуства и искушенија. И двете пружаат увид во Божјето видување на општеството и Неговата посебна грижа за сиромашните и угнетените. Пекањето во Псалмите и мудроста во Мудрите изреки Соломонови силно упатуваат на тоа дека Бог навистина гледа и дека ќе се вмеша за да ги заштити оние кои често се занемарени и искористувани. Ако Бог се занимава со тоа, тогаш треба и ние да го правиме истото.

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 5**
**Од 27 јули до 2 август 2019**

# ПЛАЧОТ НА ПРОРОЦИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Самоилова 8,10-18; Амос 5,10-15; Михеј 6,8; 1. Мојсеева 19,1-13; Езекиел 16,49; Исаија 1,15-23.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Човеку, објавено ти е, што е добро, што бара Господ од тебе: да се прави само правда, да се љуби милосрдието и да се оди смирено со својот Бог“ (Михеј 6,8).**

Старозаветните пророци се меѓу најинтересните личности во Библијата. Нивните громовни гласови, храбри пораки, болка, гнев, незадоволство и повремено сликовито прикажување на пораките што ги објавувале и направиле луѓе кои не можат да се избегнат, и покрај тоа што не секогаш било пријатно да се биде во нивна близина.

Испратени првенствено кај Израел и Јуда, го повикувале избраниот народ да се врати на должноста што Бог им ја доверил. Народот и нивните водачи премногу лесно и прифатиле идолите и начинот на живот на околните народи. Неблагодарната задача на пророците била да ги поттикнат да се покаат. Понекогаш тоа го правеле потсетувајќи ги на Божјата љубов кон нив и на сето она што Тој го направил за нив во минатото, а понекогаш и да ги предупреди за последиците ако тие продолжат да се оддалечуваат од Бога.

Како што ќе видиме, меѓу гревовите и лошите дела за кои го предупредувале народот и водачите, едно од најголемите било угнетувањето на сиромашните, бедните и беспомошните. Обожавањето на идоли било погрешно; извршувањето на лажни верски обреди, било погрешно; но искористувањето на слабите и сиромашните, исто така било вредно за осуда.

## ПОСТОЈАНА ПОКАНА ДА СЕ ТЕЖНЕЕ КОН ПРАВДАТА

И покрај јасно разработениот Божји план за израелскиот народ, Израелците ретко живееле во согласност со овој повик. Не поминале многу генерации откако се населиле во нивната земја, кога од Самоила, пророк и судија, побарале да им назначи цар што ќе ги води „како што е тоа кај сите народи."

**Прочитајте: 1 Самоилова 8,10-18. Како гласела Самоиловата опомена упатена до народот како одговор на нивното барање да добијат цар?**

_______________________________________________________________

Самоил препознал дека народот со ова прави чекор кон тоа на еден друг начин да стане како и останатите народи. Иако Самоил настојувал да го советува првиот цар, Саула, не минало многу време пред неговото пророштво да почне да се остварува. Дури и тогаш кога Израелското царство го достигнало својот врв, Давид и Соломон не ги избегнале искушенијата, расипаноста и прекумерното применување на својата моќ.

За време на владеењето на израелските и јудините цареви, Бог одговарал на тој начин што испраќал пророци да ја пренесат Неговата волја и да ги потсетат израелските водачи и народот за од Бога дадените одговорности кон заборавените членови на нивната заедница.

Во списите на еврејските пророци забележуваме повик упатен до народот, повик кој постојано се повторува, да живеат праведно и да творат правда во општеството. Соочувајќи се со неверноста на Израел и на неговите водачи, пророците редовно и упорно го подигале својот глас во полза на оние кои немаат право на глас, а особено оние кои биле погодени од неуспехот на Израел да ја следи Божјата волја.

Размислувајќи за жарот на старозаветните пророци, Абрахам Џошуа Хешел го споредува нашето самозадоволство со нивните итни повици човек да се стреми кон правдата: „Оконостите што ги вџашувале пророците, дури и денеска се секојдневна појава насекаде во светот... Нивната нетрпеливост од која запира здивот, кога станува збор за неправдата, може силно да нè погоди. Ние лично, постојано сме сведоци на неправедни дела, манифестација на лицемерство, лаги, гнев, беда, но ретко стануваме огорчени или мошне возбудени. За пророците дури и помалите неправди имале космички размери" (*The Prophets* [New York: Jewish Publication Society of America, 1962], стр. 3.4).

Она што ни го нудат овие пророци е увид во Божјето срце и ум. Говорејќи во Божје име, ни помагаат да ги забележуваме неправдите и страдањата во светот низ Божјете очи полни со солзи. Меѓутоа, овој жар е воедно и повик за акција, повик да соработуваме со Бога во настојувањето да им помогнеме и да им го олесниме животот на угнетените и ожалостените, кои се околу нас.

**На кои начини и ние понекогаш тежнееме да бидеме „како што е тоа кај сите народи", кои можат да бидат штетни и за нас и за другите?**

## АМОС

**„Не бев пророк ни пророчки син – му одговори Амос на Амасија – бев сточар и одгледував диви смокви: Но Господ ме зеде од стадото и Господ ми рече: ‘Оди пророкувај му на Мојот народ Израел’“ (Амос 7,14,15).**

Амос сосем искрено признал дека му недостасуваат вештини на пророк, но кога ја изнесувал пораката пред израелскиот народ, покажал очигледна способност да го насочи вниманието на неговите слушатели кон она што сакал да им го пренесе.

Тој започнува со извештај во кој ги наведува околните народи – Сиријците, Филистејците, Феникијците, Едомците, Амонитите и Моавците – и детално ги опишува нивните злосторства, насилства и ѕверства за кои Бог ќе ги казни (види: Амос 1,3-2,3). Лесно може да се замислат Израелците како ги поздравуваат овие оптужби изнесени на сметка на нивните непријатели, особено поради тоа што голем број злосторства на овие народи биле насочени лично против Израелците.

Потоа Амос ги разгледува околностите кои владеат во близина на неговиот дома, објавувајќи ги Божјите судови против Јуда, израелските соседи на југ, сега веќе одвоено царство. Говорејќи во Божје име, Амос го изнесува нивното отфрлање на Бога, нивната непослушност кон Неговите заповеди и казните што ќе ги снајдат (види Амос 2,4.5). Повторно можеме да го замислиме народот на Северното царство како го одобрува тоа, кога Амос укажува на лошите дела на соседите.

Меѓутоа, Амос тогаш се врти и им се обраќа на своите слушатели. Остатокот од книгата се занимава со злоделата на Израел, идолопоклонството, неправдата и постојаните падови во Божјите очи.

**Прочитајте ги следниве текстови: Амос 3,9-11; 4,1.2; 5,10-15; 8,4-6. За кои гревови предупредува Амос?**

Иако Амосовите зборови не се тактични и иако неговите опомени укажуваат на пропаст, неговата порака е проткаена со молби да се вратат кај својот Бог. Тоа опфаќало обновување на нивното чувство за правда и грижа за сиромашните кои се меѓу нив: „Правдата нека тече како вода, и справедливоста - како силен поток“ (Амос 5,24). Неколку од последните стихови на Амосовото пророштво упатуваат на идна обнова на Божјиот народ (види: Амос 9,11-15). „Во време на нивниот најдлабок отпад и најголема потреба, Бог им испратил вест на проштавање и надеж“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 283. оригинал).

**Дали постојат мигови кога треба да бидеме подготвени да зборуваме остро за да го исправиме она што е погрешно? Како да препознаеме кога може да биде соодветен таквиот јазик?**

## МИХЕЈ

**„О, човеку, речено ти е што е добро, и што бара од тебе Господ; да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог“ (Михеј 6,8). На кои сè начини токму сега можете да ги примените овие зборови во вашиот живот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Текстот во Михеј 6,8. можеби е еден од најпознатите текстови во Светото Писмо. Сепак, како и многу други стихови кои ги претвораме во „слогани“ или „прогласи“, веројатно сме помалку запознаени со рамката на овој текст отколку што признаваме.

**Прочитајте: Михеј 2,8-11; 3,8-12. Кои постапки ги осудил Михеј?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Божјиот народ, за време на Ахазовото владеење во Јуда, доживеал нов духовен пад во својата историја. Идолопоклонството и неговите различни изопачени обичаи сè повеќе се шireле. Во исто време, како што забележале и други пророци на тоа време, сиромашните и понатаму биле злоупотребувани и пљачкани.

Михеј е пророк кој најавувал пропаст, не помалку од неговите современици. Неговите први три глави во голема мера го изразуваат Божјиот гнев и тага поради сите зла што неговиот посветен народ и извршил, како и поради уништувањето што им се приближувало.

Меѓутоа, Бог не се откажал од својот народ. Дури и громовните гласови и остри пораки на пророците биле показател за Божјето постојано интересирање за народот. Им упатувал опомени од љубов и желба да се грижи за нив. Тој копнеел да им прости и да ги обнови. Не сакал засекогаш да го задржи својот гнев (види Михеј 7,18-20).

Таква е рамката на познатото „правило“ – постапувај праведно, сакај ја милоста, биди понизен. Ова правило може да звучи едноставно, но да се покаже таква вера на практични начини е многу повеќе од предизвик, особено кога таквото постапување е во расчекор со општеството кое нè опкружува. Кога другите стекнуваат полза од неправда, се потсмеваат на милоста и одат горделиво, тогаш праведното постапување, љубовта кон милоста и понизноста бара храброст и истрајност. Сепак, тоа не го правиме сами; кога постапуваме на овој начин, одиме со Бога.

**Каква врска постои меѓу творењето правда, љубовта кон милоста и понизноста пред Бога?**

## ЕЗЕКИЕЛ

Кога на група христијани би им поставиле прашање за „гревовите на Содом”, најверојатно мнозина би почнале да даваат опис на различни сексуални гревови и други облици на неморалност. Впрочем, текстот во 1. Мојсеева 19,1-13 навистина прикажува дека расипаното и изопачено општество било повеќе од зрело за уништување. Интересно е што одговорот сепак е посложен. Разгледајте го описот на Езекиел: „Ете во каква состојба е беззаконието на сестра ти Содом и на ќерките нејзини: во гордост, во презаситеност, во празнина, и раката нејзина не помагаше сироти и бедни“ (Езекиел 16,49). Иако е јасно дека Господ не ги пренебрегнал другите облици на изопачености во градот, Езекиел во овој текст се сосредоточил на економската неправда и небрежност за улогавите.

**Дали е можно во Божји очи овие гревови, поврзани со скусувањето на материјалните добра, да биле подеднакво лоши како и сексуалните?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Објавени по времето на пророците Амос, Михеј и Исаија, раните пророштва на Езекиел содржат слична опомена за претстојното уништување. Меѓутоа, откако Ерусалим паднал во рацете на Вавилонците, а Божји народ бил одведен во заробеништво, вниманието на Езекија повеќе се насочува кон Божјите ветувања за обнова.

**Прочитајте го текстот во Езекиел 34,2-4.7-16. Споредете го Божјиот приказ на расипаните израелски водачи со Неговата улога на пастир? Каква разлика постои меѓу нивното однесување кон најслабите „овци“ и Неговите методи?**

______________________________________________________________

Иако биле толку зли, што се споредуваат со Содом, Господ и понатаму им се приближувал со надеж дека ќе ги врати од лошиот пат. Според Божјиот обновен план, народот требало да се врати во својата земја, Ерусалим да биде обновен, а храмот повторно изграден. Празниците што им ги дал Бог повторно би се славеле, а земјата одново би била подеднакво поделена меѓу народот како нивно наследство (види: Езекиел 47,13 – 48,29). Очигледно е дека Бог имам намера неговиот план за народот, кој за првпат му бил даден на Мојсеја и на израелскиот народ по ослободувањето од Египет, повторно да почне да се остварува со враќање на народот од ропство. Ова опфаќало грижа за најслабите членови на општеството, како и за оние кои биле сметани за туѓинци.

**Колку ви е важно што нашиот Бог е Бог кој дава втора шанса – па и повеќе од тоа – дури и на својот народ, кој скршнал од правиот пат, откако имал прилика да направи подобар избор?**

## ИСАИЈА

**Прочитајте ги следните текстови: Исаија 1,15-23; 3,13-15; 5,7.8. Како би ја опишале реакцијата на пророкот на она што го забележал во општеството околу себе?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Воведната проповед на Исаија – првите пет глави – претставува мешавина на остра критика на општеството за тоа каков станал Божјиот народ, предупредување за судот што доаѓа како одговор на нивното отфрлање на Бога и реформата на нивниот живот и општеството. Сепак, можеби најмоќното чувство што ги проникнува неговите зборови е чувството на болка. Врз основа на разбирањето на тоа кој е Бог и што сака за својот народ, пророкот жали за она што е загубено, за мноштвото заборавени и повредени луѓе, и за судот што бргу ќе го снајде народот. Исаија продолжува со овој образец во текот на својата пророчка служба. Тој го поттикнува народот да се сеќава на она што Бог го направил за нив. Тој, исто така, нуди и надеж за она што Бог сака да го стори за нив во иднина. Според тоа, треба да го бараат Господа сега, зашто оваа обновена врска со Него ќе вклучува покајание за моменталните лоши дела и промена на однесувањето кон другите.

Во 58-та и 59-та глава, Исаија особено се сосредоточува на прашањето за правдата. Тој повторно го опишува општеството во кое «правдата стои далеку; затоа што вистината паѓа на улица и правдата не може да поминѐ“ (Исаија 59,14). Меѓутоа, тој исто така потврдува дека Бог е свесен за тоа и дека ќе го спаси својот народ – „Ќе има Спасителот“ (Исаија 59.20).

Во книгата на пророк Исаија значителен дел од вниманието на пророкот е посветен на објавувањето за доаѓањето на Месија, кој конечно повторно ќе го воспостави Божјето владеење на Земјата и ќе донесе правда, милост, исцелување и обновување.

**Прочитајте: Исаија 9,6.7; 11,1-5; 42,1-7; 53,4-6. Како овие пророштва се согласуваат со вашето разбирање на животот, службата и смртта на Исус? Што кажуваат овие пророштва за целта на Неговото доаѓање на овој свет?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте: Елена Вајт, *Пророци и цареви*, „Асирското ропство”, стр. 279-292. ориг.; „Повикот на Исаија“, стр. 303-310. ориг.

„Пророците го подигале својот глас против очевидното угнетување, грубата неправда, необичниот луксуз и претераност, бесрамните гозби и пијанства, против суровата распуштеност и расипаноста на нивното столетие“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 282. ориг.).

За Исаија „Социјалната положба на народот била сосем безнадежна. Во својата желба за печалба, луѓето си прибавувале куќа по куќа, нива по нива... Правдата се изопачила и немало никакво сожалување кон сиромашните.... Дури и судовите, чија должност била да ги штити беспомошните, стоеле глуви пред лелеците на сиромашните и напатените, на вдовиците и сираците... Со оглед на ваквите околности, не е ништо чудно што, кога Исаија бил повикан во последната година од владеењето на Озија да ја објави веста на опомена и Божји укор на Јуда, тој се колебал да ја прифати таа одговорност. Добро знаел дека ќе наиде на тврдоглав отпор” (*Пророци и цареви,* стр. 306.307. оригинал).

„Овие јасни зборови на пророците... треба да ги прифатиме како Божји глас кој ѝ се обраќа на секоја душа. Не смееме да пропуштиме ниту една можност да вршиме дела на милосрдие, да покажеме нежна сочувствителност и христијанска љубезности кон обременетите и угнетените“ (*Пророци и цареви,* стр. 327. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Обично сметаме дека улогата на пророштвото е да ја предвиди иднината. Како вашето разбирање за сосредоточеноста на старозаветните пророците на светот во кој тие живееле го променило вашето сфаќање на улогата на пророците пророк?**

**2. Животот и пораката на пророците покажува колку е тешко и опасно да се застане на страна на вистината. Што мислите, зошто го правеле тоа што го правеле и зошто зборувале на начинот на кој зборувале?**

**3. Во списите на пророците, се чини дека Бог наизменично покажува гнев и длабока грижа за својот народ. Како се вклопуваат овие два аспекти на Божјиот карактер?**

### ЗАКЛУЧОК

Старозаветните пророци биле ревносни и често гневни и загрижени бранители на Господовиот пат и Неговата волја за својот народ. Одразувајќи ја Божјата грижа лично, тоа ревнување опфаќало силна сосредоточеност на правда за сиромашните и угнетените. Повикот на пророците да се вратат кај Бога вклучувало повик да ја спречат неправдата, како што и сам Бог ветил дека ќе го направи тоа во своите визии за подобра иднина на својот народ.

**Поука 6**
**Од 3 до 9 август 2019**

# ПОКЛОНУВАЊЕ НА СОЗДАТЕЛОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 115,1-8; 5. Мојсеева 10,17-22; Псалм 101,1; Исаија 1,10-17; Исаија 58; Марко 12,38-40.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ова е пост што Ми е по волјата: да ги кинеш неправедните окови, да ги разврзеш врските на јаремот, да ги пуштиш на слобода угнетуваните, да ги скршиш сите окови; Да го поделиш својот леб со гладните, да ги воведеш под својот покрив бескуќниците, да го облечеш оној што ќе го видиш гол, и да не се криеш од оној, кој е од твојата крв“ (Исаија 58,6.7)**

Дури и со површно читање на книгите на старозаветните пророци ја забележуваме нивната загриженост поради лошото постапување кон сиромашните и угнетените. Пророците и Бог, во чие име тие зборувале, биле исполнети со гнев поради сѐ она што гледале дека прават сите околни народи (види, на пример, Амос 1,2). Меѓутоа, посебно негувале чувство на лутина и жалост поради неправдите што ги правел Божјиот народ, оние кои примиле толку многу божествени благослови. Со оглед на нивната историја, и законите, што Бог им ги дал, овој народ требало да постапува подобро. За жал, тоа не било секогаш случај, па пророците многу зборувале за овие мрачни настани.

Интересно е да се напомене дека многу од најпознатите изјави во врска со правдата и неправдата од страна на старозаветните пророци, всушност се дадени во рамките на насоките за богослужение. Како што ќе видиме, правото богослужение не е само она што се случува за време на верскиот обред. Правото богослужение се однесува и на животот во кој ние го споделуваме Божјето интересирање за доброто на другите и се стремиме да ги издигнеме оние кои се угнетени и заборавени.

# ИДОЛОПОКЛОНСТВО И УГНЕТУВАЊЕ

Набргу откако Бог го извел израелскиот народ од Египет, се сретнал со нив на планината Синај, каде што им ги дал Десетте заповеди во пишана форма, вклучувајќи ги и првите две заповеди во кои се бара да не се поклонуваме на други богови ниту да правиме идоли (види 2. Мојсеј 20,2-6). Како одговор на ова, народот ветил дека ќе стори сè што им е заповедано и дека ќе живеат како Негов народ (види: 2. Мојсеева 24,1-13).

Меѓутоа, Мојсеј тогаш ќе отиде на планината и народот по речиси шест седмици почнува да се прашува што му се случило. Под притисок од толпата, Арон направил златно теле и му дозволил на народот да му принесат жртви, а потоа „испоседна народот, та јадеа и пиеја, и потоа станаа да играат“ (2. Мојсеева 32,6). И Господ и Мојсеј се разгневиле бидејќи народот толку бргу се откажал од Бога и се свртел кон идолопоклонство – и се чинело дека само посредувањето на Мојсеја го спасило Израел од заслужената казна (види 2. Мојсеева 32,30-34).

Идолопоклонство било искушение на кое Божјиот народ премногу често паѓал. Историјата на царевите во Израелското и Јудиното царство е обележана со периоди на идолопоклонство, кои опфаќаат невидени дела на кои некои цареви го навеле својот народ да ги изврши при обожавањето на тие богови. Нивното неверство постојано се наоѓало во центарот на вниманието на пророците коишто Бог ги испраќал упатувајќи му повик на народот да Му се врати. Често меѓу повиците за обнова и реформација се наоѓале повици подобро да се однесуваат кон сиромашните, бедните и беспомошните кои живееле меѓу нив.

**Прочитај: Псалм 115,1-8. Кои клучни подробности ги нагласува овде писателот?**

Човекот е склон да стане како нештото што го обожава, или како личноста што ја цени или на која е сосредоточен. Затоа, природно било грижата за другите и стремежот за правда да ослабне кога Божјиот народ престанал да му се поклонува на праведниот Бог и да се врти кон лажните богови на соседните народи, кои често се сметале како битија на војната и плодноста. Кога избрал други богови, народот го променил својот став за многу прашања, вклучувајќи го и тоа како се однесува кон ближните. Да му останеле верни на Господа, тие би ја споделувале Неговата грижи за страдалниците што живееле меѓу нив.

**Размислувајте повеќе за оваа идеја дека стануваме како она што го обожаваме. Како изгледа современата пројава на овој принцип?**

## ПРИЧИНА ЗА ОБОЖАВАЊЕ

Божјиот народ во целата Библија се поттикнува да му служи на Бога, но исто така, постојано ни се наведуваат причините за тоа. Кажано ни е да Му се поклонуваме поради она што Тој е, поради она што сторил, како и за бројните негови особини. Меѓу нив спаѓаат и добрината, правдата и милоста. Кога ќе се потсетиме каков е Бог, што сторил за нас (особено Христос на крстот), и што ветува дека ќе направи, никој од нас никогаш не би требало да му се поклонува на Бога и да Го слави, без да знае зошто го прави тоа.

**Прочитајте ги следниве текстови: 5. Мојсеева 10,17-22; Псалм 101,1; 146,5-10; Исаија 5,16; 61,11. Од кои мотиви во овие стихови се обожава и слави Бог?**

---

---

Ваквите причини за обожавање на Бога не биле нешто ново за Божјиот народ. Еден од моментите кога ослободените Израелци со најголем восхит му се поклонувале на Бога, бил одговорот на Божјето очигледно дејствување во нивна полза. На пример, откако излегле од Египет и го преминале Црвеното Море, Мојсеј и Марија го повеле народот со фалбени песни упатени до Бога за она што тукушто го виделе и од што биле спасени (види 2. Мојсеева 15).

Божјата правда и милост, откриени во ваквите настани, не требало да се заборават. Народот овие извештаи ги одржувал живи со редовно прераскажување, и години подоцна Божјите дела и Неговата правда и понатаму ги вдахнувале следните генерации во нивното богослужение. Еден пример за такво проповедање и богослужение е забележан во текстот во 5. Мојсеева 10,17-22.

Прво, Божјата правда е дел од неговата личност, суштински елемент на Неговиот карактер. „Навистина, Бог никогаш не прави зло, ниту Седржителот ја извртува некогаш правдата" (За Јов 34,12). Бог е праведен и ја сака правдата – тоа е од причина за да Му служиме и да Го славиме.

Второ, Божјата правда ја забележуваме во неговите праведни дела во полза на народот и во корист на сиромашните и угнетените. Неговата правда никогаш не е само опис на Неговиот карактер. Библијата го прикажува Бога како таков кој „го слушна офкањето на угнетените" (За Јов 34,28) и кој сака и копнее да ги исправи неправдите кои се толку очевидни во овој свет. Конечно, ова целосно ќе го разбереме за време на Божјиот конечен суд и повторното создавање на светот.

**Ако стариот Израел имал причина да го слави Господа, колку повеќе ние, по крстот, имаме причина да го правиме тоа?**

# ВЕРСКИ УГНЕТУВАЧИ

Во текот на подобрите времиња на Израелското и Јудиното царство, народот се враќал во храмот и одново му служел на Бога, иако, дури и тогаш, нивното обожавање било измешано со елементи на идолопоклонство и религиите на соседните народи. Сепак, според зборовите на пророкот, дури и нивните најдобри обиди, кога е во прашање религијата, не биле доволни за да ги одвратат од злата кои се правеле во земјата во секојдневниот живот. И колку и да се труделе да бидат побожни во обредите на богослуженијата, музиката на нивните химни не можела да го задуши плачот на сиромашните и угнетените.

Амос го опишал народот на своето време, како таков кој ги „гази сиромасите и што ги сотрува бедните во земјата!“ (Амос 8,4). Ја видел нивната желба да стават крај на обредите за да можат да продолжат со своите нечесни работи, „да го купиме сиромашниот за сребреници, бедниот за лесни обувки“ (Амос 8,6).

**Прочитајте ги следниве текстови: Исаија 1,10-17; Амос 5,21-24; Михеј 6,6-8. Што им кажал Господ на овие религиозни луѓе за нивните обреди?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Преку своите пророци, Бог со моќен јазик ја изложува на потсмев религијата и богослужението кои немаат ништо заедничко со страдалниците и угнетените и кои се во спротивност со нив. Во стиховите во Амос 5,21-24. читаме за Бога, кој вели дека го „мрази“ и го „отфрла“ нивното богослужение и, генерално, бил згрозен од нив. Опишувајќи ги нивните празници, кажува дека имаат „непријатна миризба“, а нивните жртви и музиката ги отфрла како безвредни.

Во шестата глава од Книгата на пророк Михеј гледаме низа претерани, па дури и потсмешливи предлози како на најсоодветен начин можат да му служат на Бога. Пророкот на потсмевлив начин дава предлози во врска со жртвите паленици, а потоа ја зголемува жртвата на „илјада овни, илјада илјади потоци масло“ (Михеј 6,7) пред да премине на застрашувачката – но не и непозната – крајност на жртвување на првороденото дете, со цел да ја придобијат Божјата наклоност и проштавање.

На крајот, она што Господ навистина го барал од нив е „да се прави само правда, да се љуби милосрдието и да се оди смирено со својот Бог“ (Михеј 6,8).

**Дали некогаш сте почувствувале кривица бидејќи повеќе сте биле окупирани со верската форма и обреди отколку што сте им помагале на бедните околу вас? Што научивте од тоа искуство?**

## НАЧИНОТ НА БОГОСЛУЖЕНИЕ

Во своето објаснување на односот меѓу богослужението и правдата, пророците охрабрувале на уште еден чекор: дека активното интересирање да им се олеснат околностите на сиромашните и угнетените и да им се помогне на несреќните треба да стане важен дел на самото богослужение. Педесет и осмата глава од Книгата на пророк Исаија е глава која оваа врска ја прави очигледна.

**Прочитајте Исаија 58 глава. Според извештајот во првиот дел од главата, што тргнало наопаку во односот меѓу Бога и Неговиот народ?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Како што видовме претходно, критиката е упатена до религиозни луѓе. Се чини дека искрено го бараат Бога, но очигледно не успеваат во тоа. Значи, Бог вели дека треба да го променат начинот на богослужение, да се обидат да Му служат во еден поинаков начин. Ако тој избира како да Му служат, тоа би било на следниов начин – „да ги кинеш неправедните окови, да ги разврзеш врските на јаремот“ (Исаија 58,6). Исто така, да ги нахранат гладните, да им обезбедат засолниште на оние кои немаат свој дом и да им помогнат на оние на кои им е потребна помош.

Ваквите дела не се претставени како единствен начин на служба на Бога, но Бог ги поттикнува како начин на богослужение – и облик на богослужение кое има приоритет во однос на одредени традиционални богослужбени обреди. Како такво, богослужението не е свртено само кон внатре, туку донесува благослов за сите кои се во близина на оние кои му се поклонуваат на Бога. „Вистинската цел на религијата е да ги ослободи луѓето од товарот на гревот, да ја отстрани нетрпеливоста и угнетувањето и да шири правда, слобода и мир“ (*The SDA Bible Commentary*, кн. 4, стр. 306).

Во текстот на Исаија 58,8-12, Бог ветува благослови како одговор на ваквиот облик на богослужение. Всушност, да се луѓето помалку сосредоточени на себеси, Бог ќе работи со нив и преку нив за да донесе исцелување и обновување.

Интересно е што оваа глава исто така го поврзува ваквиот начин на богослужение со обновувањето на празнувањето на саботата и со нарекување на саботата – милина. Ние веќе разгледавме некои од силните врски меѓу саботата и службата, но во овие стихови и двете овие активности се вклучени во повикот народот да го оживее своето богослужение и да го открие Божјиот благослов. Размислувајќи за овие стихови, Елена Вајт кажува: „За оние кои ја држат Господовата сабота лежи одговорноста да творат дела на милосрдие и великодушност“ (Welfare Ministry, стр 121).

## МИЛОСТ И ВЕРНОСТ

Кога Исус се соочил со одредени верски водачи на своето време, кои Го критикувале што јаде со „грешниците“, Тој ги цитирал зборовите на пророкот Осија, кажувајќи им да погледнат во нивните книги и да откријат што Бог навистина мислел кога рекол: „Милост сакам, а не жртви“ (Матеј 9,13; Осија 6,6).

Како што ќе видиме, Исус живеел грижејќи се за луѓето и служејќи им. Неговиот однос кон другите, чудата на исцелување и бројните параболи што ги кажувал, покажале дека со таквиот живот на најдобар начин се изразува посветеноста на Бога. Верските водачи биле Негови најголеми критичари, но биле и цел на Неговите најостри критики. Како религиозните луѓе во времето на Исаија, тие верувале дека, благодарение на нивните религиозни обреди, си обезбедиле посебен однос со Бога, додека едновремено ги експлоатирале сиромашните и ги занемарувале оние во мака. Нивното богослужение не било во согласност со нивните дела, и Исус не се притеснувал да го осуди таквото лицемерство.

**Прочитајте го стихот: Марко 12,38-40. Се чини ли дека Исусовиот коментар дека тие ги „подјадуваат домовите на вдовиците“, не припаѓа овде, или ја претставува суштината која Исус сака да ја нагласи? Како вие би објасниле, зошто тие ќе бидат „потешко осудени“?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Можеби Исусовата најзастрашувачка проповед – особено за религиозните луѓе – е онаа што ја наоѓаме во 23. глава од Евангелието според Матеј. Не само што Исус рекол дека нивната религија не им помага на бедните луѓе, туку сметал и дека таквата религија претставува дополнителен товар. Со своите дела или понекогаш со својата пасивност и недостиг на грижа, тие, според зборовите на Исус, го затворале „царството небесно пред луѓето“ (Матеј 23.13).

Сепак, повторувајќи ги зборовите на пророците, кои живееле со векови пред тоа, Исус исто така директно укажувал на јазот меѓу нивните свечени верски практики и неправдата на која се согласувале и од која стекнувале корист. „Тешко вам, книжници и фарисеи, лицемери, зашто давате десеток од нане, копра и ким, а сте го оставиле најважното во Законот: праведноста, милоста и верата“ (Матеј 23,23). Исус брзо додал дека верските обичаи и обреди не се лоши сами по себе, туку дека не треба да го заземат местото на чесните односи спрема другите.

**Како можеме да ја избегнеме стапицата да помислиме дека е доволно само да ја имаме вистината и да ја познаваме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* Елен Вајт прочитате „Исус ги кори фарисеите“, стр. 610-620. оригинал.

„Да се подигне вредноста на практични побожност, пророкот повтори советот што им се дава пред Израел векови... Од столетие во столетие слугите Господови им ги повторувале овие совети на оние кои се наоѓале во опасност да го прифатат формализмот на обичаите и да заборават да бидат милостиви“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 326.327. ориг.).

„Бев поучена вниманието на нашиот народ да го насочам на педесет и осмата глава од Книгата на пророк Исија. Внимателно читајте ја оваа глава и запознајте која служба ќе придонесе за животот на Црквата. Делото на Евангелието треба да се пренесува преку нашата великодушност, како и преку нашата работа. Кога ќе сретнете душа кој страда, која очекува помош, сторете го тоа. Кога ќе најдете гладни, нахранете ги. Извршувајќи го тоа, вие ќе работите во редовите на Христовата служба. Милосрдната работа на Учителот била света работа. Да го охрабриме народот, каде и да се наоѓа, да земе учество во оваа работа“ (Елена Вајт, *Welfare Ministry*, стр. 29).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Дали некогаш за делата на правдата и љубовта кон милоста сте размислувале како чин на богослужение? Како ваквото размислување може да го промени вашиот пристап кон грижата за другите? Како може да го промени вашиот став кон богослужението?**

**2. Како во христијанскиот живот, и во личниот и во животот на црковната заедница, можеме да се сочуваме од занемарување на „најважното во Законот“ (Матеј 23,23)? Можете ли во вашето искуство да препознаете некои примери за тоа кога „комарецот го цедите, а камилата ја проголтувате” (Матеј 23,24)?**

**3. Зошто лицемерството се смета за толку голем грев? Зар не е подобро да се обидеме да изгледаме како да правиме добро?**

**4. Како Божјето видување на сиромашните и бедните и ревнувањето спрема нив, изразени преку пророците, ќе го сменат вашиот поглед на светот? Дали поинаку би ги разбрале локалните вести и извештаи кога би ги читале и слушале со очите и ушите на пророците?**

### ЗАКЛУЧОК

Додека пророците биле загрижени за злата на земјата, особено биле сосредоточени на оние зла што ги правел народот кој тврдел дека му служи на Бога. И пророците и Исус сметале дека богослужението не е во согласност со правдата и дека таквата религија претставува лицемерство. Правото богослужение, какво што Бог бара, опфаќа борба против угнетувањето и грижа за сиромашните и неволните.

**Поука 7**
**Од 10 до 16 август 2019**

# ИСУС И ОНИЕ НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ПОМОШ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 1,46-55; 4,-16-21; 7,18-23; Матеј 12,15-21; 21,12-16; Марко 11,15-19; Исаија 53,3-6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господовиот Дух е на Мене, зашто Ме помаза и Ме испрати да им проповедам на бедните; да ги исцелам скрушените по срце, да им навестам на заробениците, дека ќе бидат пуштени, на слепите дека ќе прогледаат; да ги пуштам на слобода напатените; и да ја навестам благопријатната Господова година“ (Дела 13,38.39).**

Меѓу останатите причини за Исусовото отелотворување, е и таа дека Тој дошол да ни покаже каков е Бог. Тоа го сторил со своето поучување, со својата жртва и со својот живот; односно, со начинот на кој се однесувал кон обичните луѓе. Многу од неговите дела извршиле моментални, вистински промени во животот на луѓето.

Оваа страна од службата на Месија ја прорекле старозаветните пророци, Исусовата мајка, Марија, па дури и Исус лично, кога ја одредил својата мисија во првата запишана проповед (Лука 4). Покрај тоа, писателите на евангелијата честопати, кога зборувале за животот на Исус, го користеле јазикот на старозаветните пророци во своите обиди да ги објаснат Неговите дела. На овој начин, животот на Исус јасно се гледа во учењата на овие пророци, како и нивното сочувство кон сиромашните и угнетуваните.

Меѓутоа, верските водачи во Исуса гледале закана. Ужасен пример за неправда и суровост претставува моментот кога го уапсиле Исуса, неправедно му суделе и Го распнале. Преку Исуса, Бог нè запознал со тоа што е неправдата, и во Неговата смрт тој го разоткрил ужасот на злото. Во Неговото воскресение, извојувал победа за живот, добрина и спасение.

# ПЕСНАТА НА МАРИЈА

Замислете ја сцената: Марија добила порака од ангелот Гавриел само пред неколку дена. Тој ѝ рекол дека ќе стане мајка на Исус, мајка на Синот на Севишниот. Таа сè уште никому не се доверила, но се подготвува да замине во посета на Елисавета, постара роднина, која исто така очекувала посебно бебе. Со духовните очи Елисавета ја согледува веста на Марија, и пред Марија да има можност нешто да каже. Тие заедно ги слават Божјите ветувања и Неговата добрина.

**Прочитајте го текстот Лука 1,46-55. Забележете дека благодарењето започнува со она што за неа било мошне важно – „зашто Силниот ми направи големи дела, и свето е Неговото име“ (Лука 1,49) – но подоцна тоа поприма општи карактеристики. Зошто нашата благодарност кон Бога треба да опфаќа и личен и општ нагласок?**

---

Ова е извонредна песна којашто може добро да се вклопи меѓу псалмите или списите на еврејските пророци. Марија е преплавена со чудење и чувство на благодарност кон Бога. Очигледно забележала дека Бог дејствува во нејзиниот живот, но едновремено таа е свесна и за поширокото значење на Божјиот план за нејзиниот народ и за човечкиот род.

Сепак, според разбирањето на Марија, Бог не е само силен и достоен за пофалба, Тој е и милостив и покажува посебна грижа кон понизните, угнетените и сиромашните. Ангелот тукушто заминал по објавувањето на „радосната вест“ за раѓањето на детето, кога Марија запеала: „Ги симна силните од престоли и ги воздигна понижените; гладните ги исполни со добра, а богатите ги отпушти празни“ (Лука 1,52.53).

На самиот почеток од извештајот за Исусовиот живот на Земјата, Тој е претставен како владетел (види: Лука 1,43) – но како владетел на поинакво царство. Како што опишале многу коментатори, Божјето царство, кое Исус дошол да го формира и воспостави, требало да биде „обратно царство“ во споредба со вообичаениот општествен поредок на царствата на овој свет. Во описите на Исусовото царство, моќните и богатите на овој свет се најмали, а сиромашните и угнетуваните се слободни, „исполнети“ и воздигнати.

**Ако Црквата треба да биде израз на Божјето царство, колку е добра во обликувањето на „обратното царство“ што го опишала Марија? Како може таквото царство да биде формирано без при тоа да се биде нечесен кон богатите и моќните, кои исто така ја примаат Христовата љубов?**

# ИСУСОВАТА ИЗЈАВА ЗА МИСИЈА

Без оглед на тоа дали овој текст бил одреден за читање тој дена или Исус со намера ги пронашле соодветните стихови (Исаија 61,1.2), во свитокот што му бил даден да го прочита, не било случајно што токму тие стихови биле дел од Неговата прва јавна проповед. Ниту, пак, е случајно што со извештајот за Исусовата кратка проповед во Лука 4,16-21 – „Денес се исполни ова Писмо што го чувте“ (Лука 4,21) – започнува извештајот на Лука за Исусовата јавна служба.

Се чинело како Исус да ја презел мелодијата на песната на Марија за „обратното царство“ и почнал да го остварува во својата служба. Исус – и Лука во нарацијата за Исусовиот живот – го употребил пророштвото на Исаија, кое објаснува што прави Исус и што ќе направи. Тоа било уште еден начин да се изрази она што Марија го опишала пред околу триесет години. Сиромашните, ранетите и угнетуваните се посебен предмет на Божјето внимание и приматели на радосната вест што Исус ја носел.

Исус ги усвоил овие стихови од 61. глава од Книгата на пророкот Исаија, како извештај за својата мисија. Неговата служба и мисија требало да бидат и духовни и практични, и Тој покажал дека духовното и практичното не се толку оддалечени едно од друго, како што понекогаш претпоставуваме. За Исуса и Неговите ученици, грижата за луѓето во физичка и практична смисла, во најмала рака, била дел од духовната грижа.

**Прочитајте ги и споредете ги следниве текстови: Лука 4,16-21; Лука 7,18-23. Што мислите, зошто Исус одговорил на овој начин? Како би одговориле на слични прашања во врска со Исусовата божествена природа и улогата на Месија?**

Кога Исус ги испратил своите ученици, налогот што им го дал, исто така, бил во согласност со Неговата мисија. Иако требало да објават „дека се приближи царството небесно“ (Матеј 10,7), понатамошните упатства што Исус им ги дал на учениците гласеле: „Исцелувајте ги болните, воскреснувајте ги мртвите, очистете ги лепрозните, изгонувајте демони; бесплатно добивте, бесплатно давајте“ (Матеј 10,8). Службата што ја извршувале во Негово име требало да ги одразува и да ги спроведе на дело вредностите и принципите на Исусовата служба и царството во кое Тој го повикувал народот. Учениците, исто така, требало да му се придружат на Исуса во Неговата мисија да ги подигнат отфрлените, најмалечките и изгубените.

**На кои сѐ начини можеме ова дело да го усогласиме со клучната порака за проповедање на Тројната ангелска вест на изгубениот свет? Зошто сето она што го правиме треба да биде поврзано, на кој било начин, со објавувањето на „сегашната вистина“?**

# ИСУС ИСЦЕЛУВА

Евангелијата се полни со извештаи за чудата што ги правел Исус, особено за чудата на исцелување. Како што пророкувал Исаија, Тој ги сцелувал слепите и ги ослободувал оние што биле погодени од болест, понекогаш и по долгогодишно страдање (види, на пример, Марко 5,24-34; Јован 5,1-15). Меѓутоа, Тој правел и повеќе од тоа: на хромите им помагал да проодат; ги лечел лепрозните – не само со збор, туку и со допир, иако биле „нечисти“; се соочувал со зли духови, кои го обземале човечкиот ум и тело; подигал дури и мртви.

Можеме да помислиме дека овие чуда требало да привлечат мноштво луѓе и да ја докажат Неговата моќ на мнозина што се сомневале и упатувале критики. Сепак, не било секогаш така. Наместо тоа, Исус честопати му давал упатства на излекуваното лице да не кажува никому што се случило. Иако се чини дека е мала веројатноста дека исцелените луѓе ги следеле овие налози и ја чувале прекрасната вест за себе, Исус се обидувал да покаже дека Неговите чуда укажуваат на нешто поважно од самите чудотворни сцени. Крајната цел, се разбира, била луѓето да го примат спасението во Него.

Сепак, Исусовите чуда на исцелување биле израз на Неговото сочувство. На пример, пред да нахрани пет илјади луѓе, Матеј бележи: „И кога излезе виде големо мноштво, беше поттикнат со сожалување кон нив и ги исцели нивните болни“ (Матеј 14,14). Исус ја чувствувал болката на ранетите и правел колку што може за да им помогне на луѓето со кои Тој доаѓал во допир за да ги подигне.

**Прочитајте го пророштвото на Исаија во Евангелието според Матеј 12,15-21. На кои сè начини Исаија и Матеј препознаваат дека она што го прави Исус е повозвишено од самото исцелување на неколкумина – па дури и на неколку стотици – болни луѓе?**

---

„Секое чудо што го сторил Христос било знак за неговото божество. Тој ја извршувал токму онаа работа што е преткажана како работа на Месија. Но за фарисеите овие дела на милосрдие биле изрична соблазна. Израелските водачи на човечките страдања гледале со бездушна рамнодушност. Во многу случаи нивната себичност и угнетување предизвикале страдања што Христос ги отстранил“ (Елен Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 406. оригинал).

Исусовите чуда на исцелување биле дела на сочувство и правда. Сепак, во секој случај, тие не биле цел сами за себе. Крајната цел на сето она што Христос го направил е да ги води луѓето кон вечниот живот (види Јован 17,3).

## ЧИСТЕЊЕ НА ХРАМОТ

Кога ги читаме извештаите за Исус во Евангелијата, често сме привлечени од нежни сцени – Неговата грижа за болните и децата, од Неговите параболи за барањето на изгубените, и за Неговите зборови за Божјето царство. Ова може да биде причина што другите извештаи, во кои Го гледаме како дејствува силно и остро – особено против верските водачи на Неговото време и некои од нивните обичаи – може да нè изненади.

**Прочитајте ги следниве текстови: Матеј 21,12-16; Марко 11,19-19; Лука 19,45-48; Јован 2,13-17. Зошто е значаен фактот дека слични извештаи се забележени во секое од Евангелијата?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Не изненадува тоа што овој настан се споменува во сите Евангелија. Станува збор за извештај полн со драма, акција и жар. Исус е очигледно загрижен за употребата на храмот на ваков начин и за замената на вистинското богослужение со продавање на жртвени животни. Какво скврнавење на сето она што жртвите требало да претставуваат – Негова замена за гревовите на светот!

Таквото непосредно дејствување одговарало на традицијата на еврејските пророци. Овој момент се споменува во секое Евангелие или од страна на Исуса или од писателите на Евангелието, кои го цитираат текстот од Книгата на пророкот Исаија, Еремија или Псалмите, со намера да објаснат што се случува во извештајот. Луѓето го препознале Исуса како пророк (види Матеј 21,11). Му пристапувале кога лечел и поучувал во дворот на храмот откако ги истерал трговците и менувачите на пари. Додека ги слушале Неговите поуки, луѓето во Неговиот допир наоѓале исцелување, а во своето срце негувале надеж.

Верските водачи, исто така, го препознале Исуса како пророк, како некој што би можел да ја загрози нивната моќ и стабилност во општествениот поредок. Тие планирале да го убијат на ист начин како што нивните предци во минатите векови ковале план против пророците (пронајдете го овој контраст во текстот во Лука 19,47,48).

**Како верници, што можеме да направиме од наша страна за да бидеме сигурни дека нашите месни цркви никогаш нема да станат места на кои би им било потребно истото како и на храмот во времето на Исус? Како можеме да ги избегнеме овие духовни опасности? Што можат да претставуваат некои од нив?**

## ХРИСТОВИОТ КРСТ

Утешно е тоа што Бог го гледа и го слуша плачот на сиромашните и неволните. Неверојатно е што Бог во Исус ја доживеал најлошата форма на земна нечовечност, угнетување и неправда. И покрај сочувството и добрината што ги покажал Исус во својот живот и служење, Неговата смрт настанала како резултат на омраза, завист и неправда.

Од моментот кога Исус ги изговорил молитвите во Гетсиманската градина, во кои се гледало неговото големо страдање, до моментот на Неговото апсење, „судење“, мачење, потсмевање, распнување и смрт, тој поднел тешко искушение на болка, суровост, зло и угнетувачка сила. Сето ова се влошувало поради невиноста, чистотата и добрината на Оној што го поднел сето тоа: „Туку се лиши Самиот Себе, и зеде обличје на слуга станувајќи сличен со луѓето. И откако се најде во лик како човек, Тој се понизи Самиот Себе и стана послушен до смрт, дури и до смрт на крст“ (Филипјаните 2,7.8). Гледајќи низ призмата на извештајот за спасението, ја забележуваме убавината на Исусовата жртва што ја поднел заради нас, но не треба да ги заборавиме стравотиите на страдањата и неправдите што ги доживеал.

**Прочитајте Исаија 53,3-6. Што ни кажува овој текст, што се случило со Исуса, Невиниот кој страдал за грешниците? Како ни помага да разбереме за што е преку нас?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Бог во Исуса знае што значи да се биде жртва на злото и неправдата. Погубувањето на невин човек е злосторство; а далеку поголемо е убиството на Бога. Бог толку многу се поистоветил со нас во нашата слаба и падната состојба што не можеме да се сомневаме во Неговата емпатија, сочувство и верност: „Зашто, немаме првосвештеник кој не може да сочувствува со нашите слабости, туку Кој бил искушуван во сè како нас, освен гревот“ (Евреите 4,15). Какво откровение на Божјиот карактер! Како нашите мисли ги преокупираме со радосната вест за Бога што ја претставува крстот?

**Зошто во центарот на нашата мисија и цел и на сè она што го правиме за Господа, особено во приближувањето кон неволните, секогаш мораме да ја имаме на ум смртта на Исус како наша Замена – не само поради самите нас, туку и заради оние на кои им помагаме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го следново: „Деновите на служба“, стр. 29-50. оригинал, во книгата Елена Вајт *Во потрага по подобар живот*; „Повторно чистењето на храмот“, стр. 589-600 оригинал, и „Во судницата на Пилат“, стр. 723-740. оригинал, во книгата *Копнежот на вековите*.

„Бог во својата Реч дал јасни докази дека ќе ги казни престапниците на својот Закон. Оние што се тешат со мислата дека Бог е премногу милостив за да ја изврши својата правда над грешниците, треба само да погледнат на крстот на Голгота. Смртта на безгрешниот Божји Син сведочи дека ’плата за гревот е смрт’, и дека секој престап на Божјиот закон мора да го стигне праведна казна. Христос, кој немал грев, ги зел нашите гревови на себе. Тој ја поднел кривицата на престапот и бил лишен од присуството на лицето на Отецот додека неговото срце не се скршило и неговиот живот не згаснал. Целата оваа жртва е принесена за грешникот да може да биде откупен. На ниту еден друг начин човекот не можел да биде ослободен од казната за гревот. Секоја душа што одбива да има удел во толку скапо платеното помирување мора сама лично да ја сноси кривицата и казната за својот престап“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 539.540 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте ја претходната изјава на Елена Вајт. Разговарајте за стварноста на неправдата: Христос, Невиниот, ја поднел казната наместо грешниците. Зошто е важно да ја имаме на ум оваа клучна вистина?**

**2. Исус никогаш не се залагал за политичка реформа за да го воспостави „царството“ на кое укажувал. Впрочем, историјата е полна со многу тажни извештаи за луѓе кои во име на помагање на потчинетите и угнетените користеле насилство и вршеле притисок. Многу често, сè што било постигнато била промена на една угнетувачка група со друга. Иако христијаните можат и треба да соработуваат со властите за да им помогнат на неволните, зошто секогаш треба да бидат внимателни кога станува збор за користење на политиката за постигнување на овие цели?**

**3. Размислете што опфаќа планот на спасението. Исус, Праведникот, страдал заради неправедните, што значи за секој од нас. Зошто е оваа возвишена жртва, поднесена поради нас, треба да нè направи нови луѓе во Христа?**

ЗАКЛУЧОК

Исусовата служба во евангелијата е претставена и објаснета во однос на работата на старозаветните пророци. Радосната вест за сиромашните, слобода на угнетуваните и исцелување на слабите биле објавувани како обележје на Месија – и нешто што Исус го покажал во својата служба. Сепак, кога ја доживеал смртта, тој го поднел ударот на неправдата, но на крајот го победил она најлошото во паднатиот човечки род и нечовечноста. Благодарение на Неговата неправедна смрт во наша полза, нашите гревови можат да ни бидат простени, а ние имаме ветување за вечен живот.

**Поука 8**
**Од 17 до 23 август**

# „НА ЕДЕН ОД ОВИЕ МОИ НАЈМАЛИ БРАЌА"



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 5,2-16.38-48; Римјаните 12,20.21; Лука 16,19-31; Лука 12,13-21; Матеј 25,31-46.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Царот ќе им одговори: 'Вистина ви велам, доколку му направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене Ми направивте'" (Матеј 25,40).**

Откако видовме дека Исусовиот живот бил посветен на грижата за другите, особено за напатените и изгубените, очекуваме дека Исус многу рекол за грижата за другите луѓе. И навистина рекол.

Исусовите пораки се практични, сосредоточени на прашањето што значи да се живее како Божји следбеник. Забележуваме дека Исус нè упатува на делата на правда, љубезност и милосрдие, кои Тој ги правел додека бил овде на Земјата. Доколку го следиме Неговиот пример, ќе им служиме на другите како што и самиот Тој служел.

Исус, исто така зборувал за небесното царство. Според Исусовиот опис, небесното царство е стварност, и ние можеме уште сега да бидеме дел од него. Тоа претставува начин на живот во кој владеат поинакви приоритети, вредности и доблести во однос на оние кои ги наоѓаме во земните царства. Исус во своите учења го објаснил уредувањето на ова царство, кое опфаќа силна сосредоточеност на тоа како му служиме на Бога и како, служејќи Му, се однесуваме кон другите. Исто така, откриваме дека служењето на другите – грижата за нивните потреби и давањето поддршка – претставува начин на кој непосредно можеме да се понудиме себеси во служба на Бога.

## ПРОПОВЕДТА НА ГОРАТА

Исусовата најдолга проповед – или збирка на учења – е Проповедта на гората. Неговиот преглед на животот во Божјето царство, даден во три глави, започнува со изјавата за вредностите познати како Блаженства.

**Прочитајте Матеј 5,12-6. Кои се заедничките одлики на овие девет вредности или на луѓето кои Исус ги опишал како „благословени“?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Покрај длабоката духовна примена на овие зборови, не смееме да го занемариме нивното практично значење. Исус зборувал за тоа дека треба да го препознаеме сиромаштвото во нас лично и во нашиот свет. Исто така, зборувал и за праведноста (во некои преводи гласи „правда“), понизноста, милоста, градењето мир и чистотата на срцето. Треба да забележиме каква практична разлика ќе внесат овие особини во нашиот живот и во светот кога живееме според нив. Таквото практично значење нагласено е во следните Исусови изјави, во кои ги поттикнува своите ученици да бидат сол и светлина во светот (Матеј 5,13-16).

Кога ќе се употребат на соодветен начин, солта и светлината треба да внесат промена во одредени рамки. Солта придонесува за вкусот и ја чува храната во која е додадена; симболички, го претставува доброто кое треба да им го чиниме на луѓето околу себе. Слично на тоа, светлината ја отстранува темнината, ги открива препреките и опасностите, домот или градот го прави посигурен и претставува точка според која можеме да се управуваме, дури и ако сме оддалечени од неа. Како светлина во мрачната ноќ, Исус рекол: „Така нека свети вашата светлина пред луѓето, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Татко, Кој е во небесата“ (Матеј 5,16).

Овие два симбола, и солта и светлината, укажуваат на одговорноста на учениците да вршат влијание и да го подобруваат животот на луѓето околу себе. Ние сме сол и светлина кога живееме со таков живот во кој искажуваме сочувство на соодветен начин, имаме чисто срце, покажуваме понизност, твориме дал на милосрдие, градиме мир и поднесуваме лошо однесување кон нас. Според тоа, Исус ја почнува оваа проповед со повик да ги отелотвориме овие понекогаш „потценети вредности“ на Неговото царство.

**На кој начин вашата црковна заедница дејствува како сол и светлина во општеството? Во која смисла вашата заедница е подобро место затоа што Црквата дејствува во неа? Од друга страна, ако таа се распушти, како тоа би влијаело на вашата заедница?**

# ПОБЕДА НАД ЗЛОТО СО БОГА

Кога размислуваме за Исусовите учења, важно е да ги имаме на ум луѓето на кои им се обраќал и околностите во кои живееле. Исус привлекувал мноштво луѓе во областите во кои служел (види: Матеј 4,25; 5,1). Тоа главно биле обични луѓе, кои живееле под царска управа на Римското царство, но меѓу нив имало и еврејски старешини и верски водачи. Животот на обичниот народ бил тежок. Натоварени со тешки товари и обременети со верски обичаи имале малку избор кога бил во прашање нивниот личен живот.

Поучувајќи ги овие луѓе, Исус очигледно настојувал да им понуди да живеат добар живот, да живеат достоинствено и храбро, во какви околности и да се наоѓаат. Еден таков пример пронаоѓаме во текстот во Матеј 5,38-48. Овие налози „сврти му го и другиот образ“, „остави му ја и наметката“, „ти оди две милји со него“, се толку познати што се претвориле во клише. Меѓутоа, самото познавање на овие налози не ги исполнува делата и ставовите за кои Исус овде поучува.

Сцените, коишто Исус ги опишал, биле вообичаено искуство на многу Негови слушатели. Нивните „претпоставени“ или господари често лошо се однесувале кон нив. Често биле во долгови или го губеле својот имот, кој потоа би им припаднал на господарите или на зајмувачите. Често пати биле присилени на работа од страна на окупаторските римски војници. Исус го учел народот да одговори чувајќи го својот интегритет, да се однесува кон поробувачите подобро отколку што тие заслужуваат, и правејќи така, да се спротивставаат на губењето на човечноста. Иако поробувачите се обидувале да применат присила, народот секогаш имал слобода да бира како ќе одговори. Спротивставувајќи се без насилство и великодушно, тие го разоткривале злото на угнетувањето и неправдата.

**Споредете ги текстовите: Матеј 5,38-48; Римјаните 12,20,21. Како можеме да ги примениме овие радикални начела во својот живот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Исус го срочил целиот „Закон и Пророци“ – сите свети списи кои ги нарекуваме Стар завет – во едноставниот принцип познат како Златно правило: „И така, сè што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така; зашто тоа е Законот и пророците“ (Матеј 7,12). Како токму сега можете да вложите напор да го направите она што Тој го налага во овој текст, без оглед на цената?**

# ДОБРИОТ САМАРЈАНЕЦ

**Прочитајте Лука 10,25-27. Законикот што му го упатил ова прашање на Исус дал вообичаен приказ на старозаветните заповеди за животот прифатлив за Бога. Како се поврзани овие две заповести?**

_______________________________________________________________________

Кога на Исус му било упатено прашање, Неговите одговори често би биле потполно поинакви од она кон што тежнеела личноста што го поставила прашањето. Се чини дека поради налогот „љуби го својот ближен како себеси“, од текстот во 3. Мојсеева 19,18, голем број тогашни верски водачи поминале многу време и потрошиле доста енергија расправајќи за обемот и границите на ова начело за ближните.

Исус веќе настојувал да го прошири разбирањето на овој израз кај своите ученици, напоменувајќи дека не само што треба да ги сакаат своите ближни туку и секому да прават добро: „А Јас ви велам: Љубете ги своите непријатели и молете се за оние, кои ве гонат; за да бидете синови на вашиот Татко, Кој е во небесата, Кој прави Неговото сонце да изгрева над злите и над добрите, и дава дожд на праведните и на неправедните“ (Матеј 5,44.45).

Меѓутоа, кога познавачот на верскиот закон сака да го искуша Исуса, тој се враќа на прашањето за кое многу се расправало: „А кој е мој ближен?“ (Лука 10,29). Давајќи одговор, Исус ја раскажал параболата за милостивиот Самарјанец, но конечниот одговор на прашањето на законикот не било да се одреди што значи изразот „ближен“. Наместо тоа, Исус всушност рекол: „Оди и биди му ближен на секој оној кому му е потребна твојата помош“ (види: Лука 10,36.37).

**Прочитајте го текстот во Лука 10,30-37. Какво е значењето на Исусовото споредување на трите личности што го сретнале човекот покрај патот на кого му била потребна нивната помош?**

Како што било вообичаено кога Исус поучувал, Неговите најостри критики биле насочени кон оние кои тврделе дека се религиозни, но покажувале слаб интерес кон страдањата на другите. „Во расказот за милостивиот Самарјанец Христос ја прикажал природата на вистинската вера. Покажал дека таа не се состои од системи, од симболите на верата или од обредите, туку во правење на дела на љубовта, во правење на најголеми добра на другите, во вистинската доброта“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 497. оригинал).

Исус поучувајќи укажувал на отфрлените, на оние кои се сметани за неверни на Бога, со намера да им покаже на сите кои тврдат дека се Негови следбеници каков е Божјиот повик. Кога ќе дојдеме кај Исуса, прашувајќи Го што треба да направиме за да го наследиме вечниот живот, Тој нам, како и на своите први слушатели, ни налага да одиме и да бидеме ближни со сите на кои им е потребна помош.

## БОГАТНИКОТ И ЛАЗАР

Во параболата за богатникот и Лазар (види: Лука 16,19-31), Исус го споредува животот на двајца луѓе – на еден богат и еден мошне сиромашен. Бидејќи немало социјална заштита, државни болници или народни кујни, било обичај неволните, онеспособените или сакатите од некоја друга причина да просат пред домовите на богатите луѓе. Се очекувало богатите да бидат великодушни, давајќи им мал дел од своето богатство за да ја ублажат туѓата мака. Но, во оваа парабола, богатиот човек бил „себично рамнодушен кон потребите на својот напатен брат“ (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 261. оригинал). Во животот нивните околности останале непроменети; но по смртта, кога Бог им судел, околностите имале драстичен пресврт.

**Споредете ги следните текстови: Лука 16, 19-31; Лука 12, 13-21. Какви сличности и разлики постојат меѓу овие две параболи, и што тие заедно нѐ учат?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Во ниту една од овие параболи нема докази дека луѓето се збогатиле на нечесен начин. Можеби и двајцата напорно работеле, внимателно управувале со работите и ги примале Божјите благослови. Меѓутоа, нешто тргнало наопаку во нивниот став кон животот, кон Бога, парите и кон другите луѓе, и тоа скапо ги чинело, за цела вечност.

Втемелени на општоприфатената слика на живот по смртта во Исусово време, параболата за богатникот и Лазар нѐ учи дека изборите што ги правиме во овој живот влијаат и на идниот живот. Нашето постапување со оние на кои им е потребна помош е еден од показателите на нашите одлуки и највисоки вредности. Како што „Аврам“ му укажал на богатиот човек кој страдал, Библијата пружа повеќе отколку само соодветни насоки да направиме подобар избор: „Ги имаат Мојсеја и Пророците, нека ги слушаат нив!’“ (Лука 16,29)

Исус нѐ учи дека искушенијата на богатството – било да го поседуваме, чуваме или тежнееме – може да нѐ одвои од Неговото царство и од другите луѓе, и да нѐ сврти кон себичност и потпирање на самиот себе. Исус нѐ повикал најнапред да го бараме Неговото царство и со луѓето околу себе, особено неволните, да ги делиме благословите што сме ги примиле.

**Какви и да се вашите финансиски прилики, како можете да бидете внимателни да не дозволите парите и љубовта кон парите да го изопачат вашето гледиште за тоа на што треба христијаните да се сосредоточат во животот?**

## „НА ЕДЕН ОД ОВИЕ МОИ НАЈМАЛИ БРАЌА“

Уште еден настан, кога на Исуса му е поставено прашање на кое Тој дал доста поинаков одговор од оној што се очекувало, пронаоѓаме во проповедта забележана во 24. и 25. глава од Евангелието според Матеј. Учениците дошле кај Исуса и го прашале за уништувањето на Храмот во Ерусалим и за времето на Неговото враќање (види: Матеј 24.1-3). Заклучокот на Исусовиот проширен одговор на ова прашање се однесувал на хранењето на гладните, поењето на жедните, укажувањето добредојде на странците, облекувањето на голите, грижата за болните и посетувањето на затворениците. Ги уверувал: „Доколку не му направивте – или направивте – на еден од овие најмали, ни Мене не Ми направивте!’“ (Матеј 25,40.45)

Ова е поврзано со сликата за конечниот суд. Во 24. глава од Евангелието според Матеј, Исус дал повеќе непосредни одговори на прашањата на учениците, наведувајќи ги знаците и давајќи предупредување за уништувањето на Ерусалим и за крајот на времето, но ја нагласил потребата да стражариме и да живееме во светлината на Неговото второ доаѓање. Во првиот дел од 25. глава на Евангелието според Матеј, параболата за мудрите и неразумните девојки укажува на потребата од подготовка за неочекувано или одложено доаѓање; параболата за тројцата слуги зборува за потребата да живееме добар и корисен живот дури чекаме; додека параболата за овците и козите многу поконкретно зборува за задачите со кои Божјиот народ треба да се занимава.

**Прочитајте Матеј 25,31-46. Што ни кажува Исус овде? Зошто не станува збор за спасение со дела? Но, што учиме од Неговите зборови во овој текст за тоа што навистина значи да имаме спасоносна вера?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исусовата изјава дека, кога им служиме на другите, всушност му служиме Нему, треба да ги преобрази сите односи и ставови. Замислете да можете да го повикате Исуса на оброк или да Го посетите во болница или во затвор. Исус рекол дека ние тоа го правиме кога им служиме на луѓето во својата заедница. Колку неверојатна е приликата што ни ја нуди на овој начин!

**Помолете се и прочитајте што рекол Исус во овие стихови. Како ја сфаќаме идејата дека Тој себеси се поистоветил со гладните, со голите, оние кои се во темница? Каква силна обврска тоа ни остава нам и на тоа како живееме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови: Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, „Милостивиот Самарјанец“, стр. 497-505. оригинал; „На еден од овие мои најмали браќа“, стр. 637-641. оригинал; *Христовите параболи*, „Непремостливата бездна премостена“, стр. 260-271. оригинал; „Кој е мојот ближен?“, стр. 376-389. оригинал.

„Христос го руши ѕидот на раздвојувањето, самољубието, националните предрасуди и проповеда љубов кон сите припадници на човечкото семејство. Тој ги воздигнува луѓето од тесниот круг во кој ги затворила нивната себичност; Тој ги отстранува сите територијални граници и сите вештачки создадени разлики во општеството. Тој не прави никаква разлика меѓу соседи и странци, пријатели и непријатели. Тој нè учи секоја душа, на која ѝ потребна нашата помош, да ја гледаме како свој ближен, и целиот свет како поле на кое треба да работиме“ (Елена Вајт, *Мисли од гората на блаженствата*, стр. 42. оригинал).

„Мерилото на златното правило е мерило на христијанството; сето она што е помалку од ова е измама. Религијата што ги наведува луѓето малку да ги ценат човечките битија, кои Христос толку многу ги ценел така што го дал и својот живот за нив; религијата што нè наведува да бидеме небрежни кон човечките потреби, страдања или права, е лажна религија. Ако ги омаловажуваме правата на сиромашните, напатените и грешните, покажуваме дека сме го предале Христа. Христијанството во светот има толку малку сила затоа што луѓето само го носат Христовото име, а во животот се откажуваат од неговиот карактер“ (Елена Вајт, *Мисли од гората на блаженствата*, стр. 136.137. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Кој е вашиот омилен текст што го проучувавме оваа седмица? Зошто?**

**2. Погледнете што напишала Елена Вајт за тоа како верата која „нè нè наведува да бидеме небрежни кон човечките потреби, страдања или права, е лажна религија“. Зошто мораме да бидеме внимателни за да ја избегнеме лесна стапица да помислиме дека ништо друго не е важно бидејќи ја имаме „вистината“ (што е точно)?**

**3. Како стиховите во отсекот од четврток покажуваат што опфаќа поседувањето на „вистината“?**

### ЗАКЛУЧОК

Исусовите учења претставиле поинаков начин на живот за оние кои се жители и припадници на Божјето царство. Градејќи врз темелите на Стариот завет, Тој ги повторил и проширил поуките сосредоточени на грижата за сиромашните и угнетените, нагласувајќи дека Неговите следбеници ќе живеат како луѓе полни со сочувство и милосрдие додека чекат Тој повторно да се врати.

**Поука 9**
**Од 24 до 30 август 2019**

# СЛУЖБАТА ВО НОВОЗАВЕТНАТА ЦРКВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 2,42-47; Дела 4,32-37; Матеј 25,38.40; Дела 9,36; 2. Коринќаните 8,7-15; Римјаните 12; Јаков 2,1-9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ова е чиста и неизвалкана побожност пред Бога и Таткото: да бидат посетувани сираците и вдовиците во нивните неволји, и самиот да се пази себеси непорочен од светот“ (Јаков 1,27).**

Стиховите што зборуваат за Големиот налог (Матеј 28,18-20) се едни од најпознатите во Библијата, барем меѓу христијаните. Тие често се прикажуваат како изјава за нашата мисија и претставуваат инспирација за разни мисионски и евангелски проекти. Инспирирани од овие стихови, христијаните навистина оделе низ целиот свет, понекогаш и по цена на големи лични тешкотии, да го шират Евангелието.

Што рекол Исус во Големиот налог? Да создаваат ученици, да крштаваат, да ги поучуваат луѓето „учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал» (Матеј 28,20). Како што видовме, голем дел од она што ни го наложил Исус се однесува на грижата за оние на кои им е потребна помош, кои не можат да се грижат за себе. Не треба да заборавиме дека овие налози упатени до првите ученици на Исус не биле ново задолжение, нешто што никогаш не го слушнале или виделе, туку повеќе продолжение на Исусовата мисија која веќе дејствувала меѓу нив. Од таа причина, оваа страна на Исусовите учења може јасно да се види во животот на новата црковна заедница како дел од исполнувањето на Големиот налог.

# НОВ ВИД НА ЗАЕДНИЦА

По Исусовото вознесение и излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница, група верници, чиј број брзо растел, ја основала Раната црква, нов облик на заедница меѓу Исусовите следбеници, која во почетокот ја предводеле првите ученици на Исус. Меѓутоа, оваа нова заедница не била нивна творба; таа била изградена врз основа на учењата и службата на Исус и долгата историја на еврејското Писмо и нивните пророци.

**Прочитајте: Делови 2,42-47; Дела 4,32-37. Кои клучни елементи ги препознавате во овие описи на заедницата на Раната црква?**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Иако се чини дека Израелците никогаш целосно не успеале да го остварат планот во поглед на праведно и великодушно општество, раната црковна заедница сериозно го сфатила налогот „да нема сиромашни меѓу вас“ (5. Мојсеева 15,4). Еден од практичните изрази на нивната вера било делењето на материјалните добра – тие дури ги продавале и своите имоти и на тој начин придонесувале за растот на финансиите (види: Дела 4,34-5, 2) – за да ги задоволат потребите на другите верници и да станат благослов за оние кои не припаѓале на младата заедница, особено преку службата на исцелување (види: Дела 3, 1-11; Дела 5,12-16).

Оваа заедница во никој случај не била утописко општество. Со зголемувањето на бројот на верниците, растеле и тензиите околу управувањето со овие средства, особено околу секојдневното делење храна на вдовиците (види: Дела 6,1). Учениците, кои секако биле водачи на групата, сакале да се сосредоточат на проповедањето на Евангелието. За да се реши настанатата ситуација, тие требало да извршат реорганизација. Според тоа, седум луѓе биле одредени да се справуваат со практичните прашања на црковната заедница. Ова можеби било првото признавање на различните служби и способности потребни во Црквата; едновремено, тоа било и показател за важноста на практичната служба во црковниот живот и сведочењето. „Оние на кои им било доверено надгледување над новоорганизираната Божја црква во евангелскиот период, морале да се придржуваат кон истата побожност и правда како и водачите на Божјиот народ во деновите на Мојсеја и Давида“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 95. оригинал).

**Обидете се да замислите какви околности владееле во раната заедница. Како можеме ние денес да ги одразуваме истите принципи?**

# СЛУЖБАТА НА ТАВИТА И НЕЈЗИНОТО СВЕДОЧЕЊЕ

Кога Црквата почнала да се шири – како што претскажал Исус – „како во Ерусалим, така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата» (Дела 1,8), новите верници ја прифаќале Исусовата вера и служба. Меѓу нив била и Срна, позната како Тавита – од градот Јопа. Очевидно, таа сериозно го сфатила Исусовиот конкретен налог дека, кога ги облекува голите тоа го прави лично за Исуса (види Матеј 25,38.40).

**Прочитајте го извештајот за Тавита и за нејзината служба во текстот во Дела 9,36. Како може и вашиот живот и служба да се опишат на сличен начин? Како би сакале да бидат опишани?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Се чини дека службата на Тавита била таква што нејзината улога како „ученик“ (види: Дела 9,36), нејзината верност, енергија и сосредоточеност на другите биле препознати дури и надвор од нејзиниот роден град.

Кога Петар го посетил градот недалеку од Јопа, жителите на Јопа побарале од него да дојде бидејќи Тавита предвреме починала (види Дела 9,37-41). Кога пристигнал во Јопа, Петар се сретнал со мнозина на коишто Срна им помогнала со својата работа за сиромашните. Тие му ги покажувале облеките што ги шиела и му раскажале како на мнозина им укажувала помош.

Се разбира, тоа што Петар се помолил за Тавита и Бог ја вратил во живот, не е гаранција дека на оние кои ќе го посветат својот живот во служба за другите ќе им тече сè добро во животот. Впрочем, Тавита веќе претрпела болест и смрт, додека Стефан, еден од првите ѓакони, назначен да им служи на вдовиците во црквата, станал првиот маченик (види Дела 7,54-60). Животот посветен на служба не е пат на кој сè се одвива мазно; понекогаш тоа може да претставува дури и пат со повеќе потешкотии.

Меѓутоа, во овој извештај, Бог го употребил фактот што луѓето во животот и смртта на Тавита ја препознале Неговата љубов и сила и тоа извршило моќно влијание врз жителите на Јопа: „Тоа се разгласи по сета Јопија и мнозина поверуваа во Господа“ (Дела 9,42).

**Ако се случи да умрете, дали луѓето ќе жалат по она што сте го правеле, дали ќе им недостасува вашата работа, како што жителите на Јопа се сеќавале на службата на Тавита и жалеле по неа? Како можеме во наследство да оставиме подобра служба? Кои практични вештини ги имате – како вештината на Тавита да прави облека – а можете да ги употребите во својата служба за другите?**

## ДАВАЊЕТО КАКО НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЕВАНГЕЛИЕТО

По обратувањето, апостол Павле ја прифатил мисијата да го однесе Евангелието во незнабожечкиот свет. Успехот што Бог му го подарил, покренал важни прашања за односот меѓу еврејските корени на настанатата христијанска вера и новите следбеници на Исус од незнабоштво. На соборот во Ерусалим се сретнале христијанските водачи од еврејството и незнабоштвото за да разговараат за тоа и да бараат Божје водство за овие сложени прашања. Извештајот за тој состанок и за неговите заклучоци се запишани во 15. глава во Делата апостолски.

Меѓутоа, во извештајот за овој состанок во втората глава на Посланието до Галатјаните, Павле додава уште еден важен детаљ на упатствата што ги добил по Соборот во Ерусалим за својата понатамошна служба меѓу незнабошците: „Само да си спомнуваме за бедните, за истото, што и ревнував да го правам“ (Галатјаните 2,10).

Павле продолжил да се стреми кон оваа цел и лично (види, на пример, Дела 20,35) и преку својата служба. Како и Раната црква во Ерусалим, Павле ги проширил видувањата на христијанската заедница да ги прифати сите верници.

**Прочитај го текстот во 2. Коринќаните 8,7-15. Како Павле го поврзува Евангелието и великодушното давање?**

___________________________________________________________________

Павле, исто така, споменува два текста од Стариот завет со цел да ги охрабри верниците да бидат великодушни и да се грижат за другите верници во тешки околности. Тој го навел извештајот кога Бог великодушно им дава мана на Израелците во пустината, како модел на давање и споделување меѓу пошироката црковна заедница (види: 2. Коринќаните 8,15). Тој, исто така, го навел и текстот од Псалм 112,9: „Тој дели, изобилно им дава на бедните: неговата правда ќе трае довека” (2. Коринќаните 9,9).

Павле ги поттикнувал своите читатели да даваат со цело срце, редовно да издвојуваат дел од своите приходи, зашто тоа би им го олеснило собирањето кога тој или Тит би ја посетиле нивната црква за да ги соберат даровите и да им ги однесат на христијаните во Ерусалим, на кои им е потребна помош. Тој го користел примерот на една црква за да ги охрабри другите цркви да покажат слична великодушност . „Тие се вредното извршување на оваа служба и се поттикнати да Го слават Бога, за вашето покорно признавање на Евангелието за Христа и за дарежливоста на вашето заедништво со нив и со сите» (2. Коринќаните 9,13).

**Како треба да ги поставиме приоритетите во давањето кога не сме во можност да дадеме за секоја изложена цел или потреба?**

## ПАВЛОВИ НАСОКИ ЗА ТОА КАКО ДА ЖИВЕЕМЕ И ДА ПОКАЖУВАМЕ ЉУБОВ НА НАЈДОБАР МОЖЕН НАЧИН

Писмото на Павле до Римјаните е најпознато по неговото опширно објаснување за важното учење за спасението со вера, благодарение на Христовата смрт. Павле нуди практични насоки за тоа како најдобро да живееме и да покажуваме љубов врз основа на Божјата благодат и љубов откриена во Исуса и Евангелието: „Затоа ве молам, браќа, заради Божјата милост, да ги принесете вашите тела во жива, света и угодна жртва на Бога, тоа да биде ваша разумна служба“ (Римјаните 12,1). Всушност, Павле вели дека треба да живееме на таков начин поради она што Бог го направил за нас во Исуса.

**Прочитајте и накратко изнесете ја 12. глава од Посланието до Римјаните, особено обрнувајќи внимание на упатствата да ги сакаме и да се грижиме за другите, особено за неволните.**

____________________________________________________________

Дванаесеттата глава од посланието до Римјаните во одредена смисла претставува резиме на многу теми на кои Павле посветува поголемо внимание во другите негови посланија. Тој зборува за различните улоги и дарови во рамките на црковното тело, меѓу кои се служењето, храбрењето, великодушното давање (види ги стиховите 3-8). Меѓутоа, не само што треба тоа да се прави, туку треба да се прави на најдобар можен начин, одушевено и, пред сѐ, со љубов (види стихови 9-11).

Павле, во практична смисла, го опишува ваквиот начин на живот. Тој ги охрабрува верниците да бидат трпеливи во тешкотиите и прогонствата, да се грижат за неволните, колку што е можно да градат мир во секое време и каде и да се наоѓаат, и – како што видовме претходно – љубезно да одговорат на злото и неправдата, победувајќи го злото со правење добро (види: Римјаните 12,20.21).

Оваа глава нагласува што значи тоа да се живее како нова личност, служејќи му на Бога поединечно и како дел од заедницата на верници. Павле им рекол на новите Исусови следбеници дека во нивниот живот, највисоките вредности и дела треба да се променат како одговор на она што Исус го направил за нив со својата смрт на крстот и надежта во вечниот живот. Бидејќи живееле во често сурово општество склоно кон угнетување, во срцето на Римското царство, Павле ги учи да живеат поинаку. „Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум“ (Римјаните 12,2).

**На кои ставови и обичаи треба да им се спротивставите во својата заедница и како Исусов следбеник денес да покажете љубов и да живеете со добар начин на живот?**

## „ПРАВЕДНИОТ“ ЈАКОВ

Според христијанската традиција, Јаков, Исусов брат или полубрат, станал водач на Раната црква во Ерусалим, и токму тој претседавал со соборот во Ерусалим (види Дела 15, Галатите 1,2). Ако е така, тогаш тој веројатно е писател на посланието зачувано во Библијата како Послание на апостол Јаков.

Името Јаков во тоа време било вообичаено, но ако е во прашање истата личност, тој исто така можел да биде и црковниот водач познат како „праведниот“ Јаков, што укажува на мудар водач кој на правилен начин ги поставил приоритетите, кога станува збор за однесувањето кон другите и грижата за заборавените и угнетените. Книгата што го носи неговото име е опишана како „Новозаветна книга на мудри изреки“, бидејќи се фокусира на практичната побожност и мудрото живеење на Божјите следбеници. Писателот на Посланието на апостол Јаков сакал да ги потсети своите христијански читатели да бидат „извршители на Словото, а не само слушатели, кои се измамуваат себеси“ (Јаков 1,22), и дека важна е онаа вера – чиста и без мани пред Бога – која се занимава со грижа за неволните и угнетените и со спротивставување на влијанието на општеството (види: Јаков 1,27).

**Прочитајте: Јаков 2,1-9; 5,1-5. Како ставот на Јаков спрема богатите се разликува од вообичаениот став во повеќето општества? Кои се неговите конкретни упатства за тоа како треба да се однесуваме кон богатите и сиромашните во црковната заедница?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Јаков тврди дека ако некому му го посакуваме најдоброто – дури и Божјиот благослов – додека тој поднесува студенило и глад, тоа нема да му даде утеха. Да му се обезбеди вистинска храна и облека, во изразувањето и покажувањето на нашата грижа кон нив тоа ќе биде многу покорисно од сите благородни чувства и убави желби (види: Јаков 2,14-16). Јаков го користи ова како пример за меѓусебното влијание на верата и делата во нашиот меѓусебен однос со Бога. Тој, исто така, повторува (Јаков 2,8) дека Исус нѐ учел да ги сакаме нашите ближни како себеси, покажувајќи дека оваа заповед треба да се извршува во секојдневниот живот. Ова се постигнува со служба на Бога и на другите, не за да го заработиме спасението, туку затоа што на тој начин пројавуваме вистинска вера.

**Зошто е лесно, дури и потсвесно, поголемо внимание да им посветуваме на богатите отколку на сиромашните?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Великодушна Црква“, стр. 335-345. оригинал, во книгата на Елена Вајт, *Делата на апостолите.*

„Спасителот го дал својот драгоцен живот за да ја основе црквата која ќе биде способна да се грижи за жалосните души што се во искушение. Заедницата на верните може да биде сиромашна, необразована и непозната, но во Христа тие можат да извршуваат работа во домот, во соседството, во црквата, па дури и во ’други краишта’, чијшто резултат ќе биде далекусежен како вечноста“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 640. ориг.).

„Несебичната дарежливост предизвикала верижни изливи на радост во првата црква, зашто верниците знаеле дека нивниот труд придонесува пораката на евангелието да им се упати на оние кои уште се наоѓаат во темнина. Нивното доброчинство покажало дека не ја примиле напразно Божјата благодат. Што довело до таква дарежливост ако не посветувачкото влијание на Светиот Дух? Во очите на верниците и неверниците тоа навистина било чудо на Божјата милост“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 344. ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како може вашата црковна заедница да стане послична на онаа што е опишана во првите неколку глави од Дела апостолски? Кои практични чекори водството на црквата може да ги преземе за да ја охрабри црквата во таа насока?**

**2. Христијанската адвентистичка црква во целиот свет користи некои од принципите што ги разгледавме во лекцијата за оваа седмица за да одреди како ќе ги распределува десетоците и даровите во различни делови на светот. Кои се предностите на ваквиот систем кога средствата се делат низ целиот свет?**

**3. Дали упатствата за живот, како оние што се сумирани во 12. глава во посланието до Римјаните, на пример, се реални и практични за да живееме според нив – дали се применливи во реалниот свет – или нè потсетуваат повеќе на идеализираните слики на „светците“ на витраж?**

**4. Во текстот на Јаков 5,1-5 се користи моќен јазик со кој се повторуваат острите предупредувања на старозаветните пророци. Зошто таквиот моќен израз е соодветен и неопходен?**

ЗАКЛУЧОК

Поттикнати од Исусовиот налог и силата на Светиот Дух, учениците и првите верници настојувале да ја шират пораката и мисијата на Исус што е можно подалеку. Потпирајќи се на Исусовите учења и на еврејските списи, Раната Црква претставувала нов вид на заедница која го споделувала она што го имала со неволните, и внатре и надвор од заедницата. Со својот пример и учења запишани во нивните посланија упатени до овие цркви, првите христијански водачи ги охрабрувале верните на живот исполнет со вера и служба, особено на оние на кои им е потребна помош.

Поука 10
Од 31 август до 6 септември 2019

# ДА ЖИВЕЕМЕ ВО ХАРМОНИЈА СО ЕВАНГЕЛИЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Римјаните 8,20-23; Јован 3,16.17; Матеј 9,36; Ефешаните 2,8-10; 1. Јованово 3,16.17; Откровение 14,6.7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто по благодат сте спасени, преку верата, и тоа не е од вас самите - тоа е Божји дар! Не од делата, за да не се фали некој. Имено, Негово дело сме, создадени во Христа Исуса, за добри дела, кои Бог ги подготви однапред, за да живееме во нив» (Ефешаните 2,8-10).**

Кога зборуваме за Божјите заповеди, барања или упатства, ризикуваме – или дури и се соочуваме со искушение – да помислиме дека на некој начин можеме да го заработиме спасението, да придонесеме или да ја стекнеме Божјата наклоност. Меѓутоа, Библијата повторува дека сме грешници спасени со Божјата благодат преку Исуса и Неговата заменска смрт на крстот. Што можеме да додадеме на ова? Или, како што напишала Елена Вајт: „Кога би го споиле сето она што е добро, свето, благородно и убаво во човекот, а потоа да го претставиме тоа на Божјите ангели како дел од учество во спасението на човечката душа или во преземање на заслугите, предлогот ќе биде отфрлен како предавничко дело“ (*Вера и дела*, страница 24).

Затоа, дури и нашите дела на милосрдност и сочувство кон неволните не треба да се сфатат како легалистички. Напротив, кога ќе раснеме во познавањето и разбирањето на спасението, односот меѓу Божјата љубов и Неговата грижа за сиромашните и угнетуваните ќе биде пренесен на нас, примателите на Неговата љубов. Бидејќи сме ја примиле, тогаш и ќе ја дадеме. Кога ќе видиме колку Бог нè сака, исто така гледаме дека тој ги сака и другите и дека нè повикува и ние да покажеме љубов кон нив.

# „ЗАШТО БОГ ТОЛКУ ГО ВОЗЉУБИ СВЕТОТ...“

Текстот во Јован 3,16 гласи: „Зашто Бог толку го возљуби светот...“ Оригиналниот грчки збор е *космос* и значи „светот како создадена, организирана единица“ (*The SDA Bible Commentary*„ 5 книга, стр 929). Овој стих зборува за спасението на човештвото, но планот на спасение влијае врз сите дела на создавањето.

**Прочитајте Римјаните 8,20-23. Што учат овие стихови за општите прашања во планот на спасението?**

___

___

Се разбира, од една страна, спасението се однесува на секој од нас во нашиот личен однос со Господа. Меѓутоа, тоа не е сѐ. Оправдувањето не подразбира само да се прими проштавање на гревовите. Во идеална смисла, тоа би требало да се однесува и на тоа како, преку Исуса и силата на Светиот Дух, Господ го создава Божјето семејство, кое го прославува проштавањето и сигурноста на спасението со тоа што, меѓу другото, му сведочи на светот со своите добри дела.

**Прочитај Јован 3,16.17. Како 17-тиот стих придонесува за поширoко разбирање на 16-тиот стих?**

___

___

Можеме да прифатиме дека Бог ги сака и другите луѓе, а не само нас. Тој ги сака оние што ние ги сакаме, и на тоа се радуваме. Тој, исто така, ги сака оние што сакаме да ги досегнеме, и препознавањето на оваа вистина често претставува поттик да се доближиме до нив. Меѓутоа, Тој ги сака и оние чиешто друштво ни е непријатно или од кои се плашиме. Бог ги сака сите луѓе, насекаде, дури и оние кои можеби посебно не ги сакаме.

Оваа љубов при создавањето била покажана на дело. Библијата постојано упатува на светот околу нас како доказ за Божјата добрина: „Кој прави Неговото сонце да изгрева над злите и над добрите, и дава дожд на праведните и на неправедните“ (Матеј 5,45). Дури и самиот живот е дар од Бога, и без разлика каков одговор поединецот ќе даде или каков став ќе заземе кон Бога, секој човек е примател на тој дар.

**Како треба да се промени нашиот став кон другите и кон нивните прилики кога ќе препознаеме дека се суштества коишто Бог ги создал и кои ги сака?**

## СОЧУВСТВО И ПОКАЈАНИЕ

Испреплетените извештаи за спасението и големата борба нè повикуваат да ја признаеме вистината за животот која е од суштинско значење за нашето разбирање на светот и на нас самите, а која гласи: ние и нашиот свет сме паднати, слаби и грешни. Нашиот свет не е онаков каков што бил создаден и, иако ние сè уште го носиме ликот на самиот Творец, ние сме дел од еден ослабен свет. Гревот во нашиот живот ја носи истата природа како и злото што предизвикува толкава болка, угнетување и експлоатација низ целиот свет.

Затоа, во ред е ако почувствуваме болка, непријатност, тага и несреќа на овој свет и во животот на луѓето околу нас. Ние би биле роботи кога не би ја почувствувале маката на животот. Плачот во Псалмите, тагата на Еремија и тагувањето на другите пророци, солзите и сочувството на Исус покажуваат дека ваквата реакција на светот и неговото зло е соодветна, особено кога се во прашање оние кои честопати се погодени од ова зло.

**Прочитајте: Матеј 9,36; Матеј 14,14; Лука 19,41.42; Јован 11,35. Што во секој од овие стихови поттикнало сожалување кај Исуса? Како може нашето срце да ја ублажи болката што нè опкружува?**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Исто така, не треба да заборавиме дека гревот и злото не се само „таму некаде“, последица од падот на некој друг: „Ако речеме дека немаме грев се измамуваме сами себе, и вистината не е во нас“ (1. Јованово 1,8). Според сфаќањето на библиските пророци, гревот станал кобен не првенствено поради тоа што некој ги прекршил „правилата“, туку затоа што гревот го нарушил односот меѓу Бога и Неговиот народ, и затоа што нашиот грев ги повредува другите луѓе. Ова може да се случи во потесен или поширок размер, но тоа е истото зло.

Себичноста, алчноста, злобата, предрасудите, незнаењето и небрежноста се корен на сите зла, неправди, сиромаштија и угнетување во светот. Признавањето на сопствената грешност е првиот чекор во справувањето со ова зло, како и прв чекор во тоа да дозволиме Божјата љубов да го заземе своето вистинско место во нашето срце: „Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен: да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секоја неправда“ (1. Јованово 1,1.9).

**Погледнете се себеси. Во која смисла и вие сте слаби и дел од поголем проблем? Кој е единствениот одговор и само каде можеме да го бараме?**

## БЛАГОДАТТА И ДОБРИТЕ ДЕЛА

**Со свои зборови сумирајте го текстот од Ефешаните 2,8-10. Што кажуваат овие стихови за односот меѓу благодатта и добрите дела?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Библијата вели дека ние, меѓу другото, сме создадени за да му се поклонуваме на Бога и да им служиме на другите. Само во нашата мечта можеме да се обидеме да разбереме како би изгледале овие постапки во безгрешно опкружување.

Засега, поради гревот, го познаваме само овој слаб и паднат свет. Но, среќни сме што Божјата благодат, изразена и остварена во Исусовата жртва поднесена за гревовите на светот, го отвора патот за проштавање и исцелување. Според тоа, дури и среде оваа нарушена реалност, нашите животи стануваат поцелосно Божје дело, а Бог нѐ употребува како свои соработници во исцелувањето и обновувањето на загубата и болката во животот на другите луѓе (види: Ефешаните 2,10). „Оние што примаат, треба да им даваат на другите. Повиците за помош доаѓаат од сите страни. Бог ги повикува луѓето радосно да им служат на своите ближни“ (Елена Вајт, *Во потрага по подобар живот* , стр. 103. оригинал).

Да повториме уште еднаш, ние не ги правиме добрите дела – грижа за сиромашните, подигање на угнетуваните, хранење на гладните – за да го заработиме спасението или посебна положба пред Бога. Во Христа, со вера, сите ние заземаме положба пред Бога што кога било ќе ни треба. Подобро кажано, ние себеси се препознаваме и како грешници и како жртви на гревот, кои Бог ги сака и ги откупил. Иако сѐ уште се бориме со искушенијата на себичност и алчност, самопожртвуваната и скромна Божја благодат ни нуди нов живот и љубов која ќе го преобрази нашиот живот.

Кога ќе го погледнеме крстот, ќе видиме една возвишена и целосна жртва што била принесена за нас, и согледуваме дека не можеме ништо да додадеме на она што ни се нуди во Христа. Сепак, тоа не значи дека не треба да сториме нешто како одговор на она што ни е дадено во Христа. Напротив, ние мораме да одговориме, а кој е најдобриот начин да одговориме на љубовта што ни е покажана од тоа да им ја покажеме на другите?

**Прочитајте 1. Јованово 3,16.17. Што доловуваат овие стихови толку силно, каков треба да биде нашиот одговор на крстот?**

____________________________________________________________

## НАШАТА ЗАЕДНИЧКА ЧОВЕЧНОСТ

Исус, преку својата служба и учења, поттикнал целосна инклузивност, односно вклученост. Сите оние кои со искрени побуди го барале Неговото внимание – било жени на лош глас, било цариници, лепрозни, Самарјани, римски стотници, верски водачи или деца – Тој ги примал со вистинска топлина и грижа. Како што Раната црква требало да открие доживувајќи одредени промени, дарот на спасението бил опфатен со тоа.

Кога првите верници полека го препознавале инклузивниот карактер на Евангелието, тие на својата вера не додавале добри дела како нешто „убаво“ што треба да го прават. Таквото постапување претставувало суштина на нивното разбирање на Евангелието, како што го доживеале во животот, службата и смртта на Исуса. Додека се бореле со тешкотиите и прашањата што се појавиле, прво поединечно, како во случајот со водачите Павле и Петар (види, на пример, Дела 10,9-20), а потоа како црковно тело на Ерусалимскиот собор (види Дела 15), тие почнале да ја сфаќаат драматичната промена што оваа радосна вест ја внела во нивното разбирање на Божјата љубов и инклузивност и прашањето како тоа треба да се постигне во животот на оние кои тврдат дека Го следат.

**Што учат следниве текстови за нашата заедничко потекло? Како треба секоја идеја да влијае врз нашиот став кон другите?**

**Малахија 2,10.** ____________________________________________

______________________________________________________________

**Дела 17,26.**________________________________________________

______________________________________________________________

**Римјаните 3,23.** ___________________________________________

______________________________________________________________

**Галатите 3,28.**_____________________________________________

______________________________________________________________

Текстот во Галатјаните 3,28. теолошки е резиме на практичната парабола што Исус ја раскажал за добриот Самарјанец. Наместо да се расправаме околу тоа кому сме должни да му служиме, едноставно да одиме и да служиме, а можеби дури и да бидеме подготвени да ни служат оние од кои можеби не би очекувате да ни служат. Заедничкиот елемент на глобалното човечко семејство се остварува на повисоко ниво во заедничкото семејство на оние кои се меѓусебно поврзани со Евангелието, спасоносната Божја љубов која нè повикува на единство во Него: „Зашто ние сите сме крстени преку еден Дух во едно тело – било Јудејци, или Грци, било робови, или слободни. И сите сме напоени во еден Дух“ (1. Коринќаните 12,13).

## ВЕЧНО ЕВАНГЕЛИЕ

Преобрзувачакиот повик на Евангелието „на секоја народност и на секое племе и јазик и народ“ (Откровение 14,6) продолжил низ христијанската историја. Меѓутоа, Откровението опишува дека објавувањето на оваа порака – радосна вест за Исуса и сето она што таа опфаќа – ќе биде обновено на крајот од времето.

**Прочитајте: Откровение 14,6.7. Како општото разбирање на Евангелието – најчесто сумирано во стихот Јован 3,16 – е вклучено во ангелската посебна порака во 7. стих?**

---

Текстот во Откровение 14,7. ги спојува трите клучни елементи што веќе ги забележавме во ова проучување за Божјата грижа за злото, сиромаштијата и угнетувањето во библискиот извештај:

**Судот.** Повикот за суд – да се твори правдата – е повик кој го повторуваат оние кои поднесувале угнетување во текот на историјата. За среќа, Библијата го прикажува Бога како Оној што го слуша пекањето на ожалостените. Како што честопати се изразува во Псалмите, на пример, оние кон кои се постапувало неправедно сметаат дека судот е радосна вест.

**Богослужение.** Списите на еврејските пророци честопати ги поврзуваат темите за богослужението и добрите дела, особено кога го споредуваат богослужението на оние кои тврдат дека се Божји народ со неправдите што тие ги извршиле и продолжуваат да ги прават. На пример, во 58. глава од Книгата на пророк Исаија, Бог јасно рекол дека богослужението какво што најмногу го посакува ги претставува делата на љубезност и грижата за сиромашните и неволните (види Исаија 58,6,7).

**Создавањето.** Како што видовме, еден од основните елементи на Божјиот повик да ја твориме правдата е заедничко семејство на човечкиот род, фактот дека сите сме создадени според Неговиот лик и дека Тој нè љуби, дека сите ние сме вредни во Неговите очи и дека никој не треба да биде експлоатиран или угнетуван заради неправедна добивка или нечија алчност. Ваквото објавување на Евангелието на крајот на времето е широк и далекосежен повик да го прифатиме откупот, откупувањето и обновувањето коешто Бог сака да им ги подари на другите луѓе. Оттука, дури и околу прашањата во врска со вистинското и лажното богослужение, како и прогонството (види: Откровение 14,8-12), Бог ќе има луѓе кои, дури и во најголемо зло, ќе се залагаат за она што е исправно, за Божјите заповеди и верата во Исуса.

**Како можеме да изнајдеме начини да им служиме на оние на кои им е потребна помош, делејќи ја со нив и надежта и опомената што ги наоѓаме во Тројната ангелска вест?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го следново: Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, „Емануел – Бог со нас“, стр. 19-26. оригинал; *Во потрага по подобар живот,* „Спасен за да служи“, стр. 95-107. оригинал.

„Бог полага право над сета земја како свое лозје. Иако сега е во рацете на узурпаторот, таа му припаѓа на Бога. Таа е негова не само со создавањето, туку и со откупувањето. Христовата жртва била принесена за светот. ’Зашто Бог толку го милее светот, што го даде и својот единороден Син’ (Јован 3,16). Во тој единствен дар на луѓето им биле дадени сите други дарови. Секој ден светот прима благослов од Бога. Секоја капка дожд, секој зрак на светлината кој го осветлил овој наш неблагодарен човечки род, секој лист, цвет и плод, сведочат за огромната Божја стрпливост и за неговата голема љубов“ (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 301.302. ориг).

„Без оглед на разликите во верувањата што нѐ делат, ние мораме да чуеме секој повик од измачените луѓе, мораме да се ѕвиеме на секој од нив... Насекаде околу нас среќаваме јадосани, измачени души на кои им се неопходни зборови на сочувство и раце помошнички. Има вдовици на кои им е потребно наше сочувство и наша помош. Има сирачиња кои Христос им ги препуштил на своите следбеници како свои заштитници. Нив мошне често ние ги занемаруваме. Тие можат да бидат парталави, неуредни и воопшто непривлечни, но сепак се Божја сопственост. И тие се купени скапо и исто толку се драгоцени во неговите очи колку што сме ние. И тие се припадници на големото Божје семејство и христијаните, како Божји настојници, се одговорни за нив“ (*Христовите параболи*, стр. 386.387. ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во нашите обиди да правиме добри дела и да им помагаме на другите, како можеме да се спротивставиме на искушението да помислиме дека тоа на некој начин нѐ прави подобри и дека со тоа стекнуваме заслуги коишто Бог треба да ги препознае?**

**2. Дали вашата црква е заедница во која „не владеат разлики“, туку дека сите се едно во Христа? Како ова може да се оствари во уште поголема мера? Колку е вашата црква подготвена да ги вклучи другите луѓе?**

**3. Како можеме да најдеме вистинска рамнотежа во правењето добри дела за да им помогнеме на оние на кои им е потребна помош, ако не за друго туку затоа што тие се во неволја, на ние имаме можност да им помогнеме, додека во исто време им се приближуваме со вистината на Евангелието? Како можеме да научиме да го правиме сето тоа, и зошто е секогаш подобро да се извршува и едното и другото?**

### ЗАКЛУЧОК

Божјата љубов изразена во планот на спасението и остварена во Исусовиот живот и жртва ни нуди проштавање, живот и надеж. Како примателли на оваа благодат, ние настојуваме да ја споделиме со другите, не за да го заработиме спасението, туку затоа што сме создадени да го правиме тоа. Како такво, Евангелието ги преобразува меѓусебните односите и нѐ поттикнува да служиме, особено на оние на кои помошта им е најпотребна.

**Поука 11**
**Од 7 - 13 септември 2019**

# ДА ЖИВЕЕМЕ СПОРЕД АДВЕНТНАТА НАДЕЖ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 18,1-8; Матеј 24; Матеј 25; 1. Коринќаните 15,12-19; Проповедник 8,14; Проповедник 12,13.14; Откровение 21,1-5; Откровение 22,1-5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа, мои возљубени браќа, бидете цврсти, непоколебливи, секогаш пребогати во Господовото дело, знаејќи дека вашиот труд во Господа не е напразен“ (1. Коринќаните 15,58).**

Исус објавил дека Божјето царство е сегашна стварност и уште денеска можеме да бидеме дел од него. Тој ги испратил учениците да ја објават оваа вест и да го воспостават Неговото царство со проповедање на Евангелието и служење на другите, односно, со бесплатно давање бидејќи бесплатно примиле (види: Матеј 10, 5-8).

Меѓутоа, Исус јасно истакнал дека Неговото царство е поинакво – дека „не е од овој свет“ (Јован 18,36) – и дека допрва ќе дојде во сета своја полнота. Со Неговото отелотворување, служба, смрт и воскресение, Божјето царство е воспоставено, но Исус, исто така, се радувал на моментот кога Неговото царство во потполност ќе го замени царството на овој свет, а Божјето владеење ќе стане потполно.

Несомнено е дека христијаните адвентисти – оние кои го чекаат Исусовото враќање и Неговото царство – се луѓе на надежта. Меѓутоа, таа надеж не се однесува само на идниот нов свет. Иако надежта гледа во иднината, таа ја преобразува и сегашноста. Со таа надеж живееме во сегашноста онака како што очекуваме дека ќе живееме во иднината, и почнуваме да внесуваме промени кои одговараат на нашите очекувања во врска со тоа каков ќе биде светот еден ден.

## „О ГОСПОДИ, ДО КОГА?“

Преку целиот библиски извештај припадниците на Божјиот народ – посебно оние кои доживеале ропство, прогонство, угнетување, сиромаштија и други неправди и несреќи – одново упатуваат повик кон Бога да дејствува. Робовите во Египет, Израелците во Вавилон, и многу други го повикуваат Бога да го види и да го слушне нивното страдање и да ги исправи неправдите. Во Библијата се забележани многу примери на Божјото дејствување со цел да го спаси и обнови својот народ, понекогаш дури и одмаздувајќи се на нивните поробувачи и непријатели.

Меѓутоа, овие спасувања обично биле краткорочни, и многу пророци и понатаму укажувале на конечното дејствување, кога Бог ќе го уништи злото и ќе ги подигне потклекнатите. Во исто време, крикот на овие пророци продолжил: „О Господи, до кога?“ На пример, ангелот Господов прашал за прогонството на Израелците: „Господи над Воинствата, кога веќе еднаш ќе им се смилуваш...?“ (Захарија 1,12)

Во Псалмите забележуваме многу обвинување за очигледниот напредок и среќа на злите додека праведните поднесуваат угнетување, искористување и сиромаштија. Псалмистот постојано го повикува Бога да се меша, верувајќи дека во светот моментално не владее поредок каков што Бог создал и каков сака да владее, пренесувајќи ги воплите на пророците и угнетените. „О Господи, до кога?“ (види, на пример, Псалм 94,3-7).

Во одредена смисла, неправдата потешко ја поднесуваат оние кои веруваат во праведниот Бог, кој сака правда за сите припадници на својот народ. Божјиот народ секогаш ќе негува чувство на нетрпение кога е во прашање злото во светот – а Божјето привидно недејствување е уште еден извор на нетрпение. Оттука, понекогаш острите прашања на пророците: „До кога, Господе, ќе викам за помош, а Ти да не чуеш? Да викам кон Тебе ’Насилство!’ а Ти да не спасиш?“ (Авакум 1,2)

Сличен извик забележуваме во Новиот завет, во кој е прикажано дека дури и делата на создавање воздивнуваат Бог да ги избави и повторно да ги создаде (види: Римјаните 8,19-22). Во текстот Откровение 6,10 овој крик – „До кога, Господе?“ – е упатен од страна на оние кои биле мачени поради својата вера во Бога. Но, тоа е истиот крик со кој се повикува Бог да дејствува во корист на својот угнетен и прогонет народ.

**Прочитајте го текстот во Лука 18,1-8. Што кажува Исус за Божјиот одговор на постојаните пекања и молитви на својот народ да дејствува во нивна полза? Како тоа е поврзано со потребата за вера?**

## ОДРЕДЕНА НАДЕЖ

Религијата често била на мета на критика поради стремежот на верниците да ги одвраќа од сегашниот овоземен живот и да ги насочува кон подобар подоцнежен живот. Критиката се упатува бидејќи сосредоточеноста на другото царство станува облик на посветено оддалечување од стварноста (*ескапизам*) и прави верникот помалку да придонесува во светот и во општеството. Понекогаш верниците се подготвени да ги примат и да ги сослушаат овие критики, а понекогаш ги негуваат, проповедаат и ги применуваат таквите ставови.

Исто така, имаме непријатни примери од луѓе на власта кои им зборуваат на сиромашните и угнетените едноставно да ја прифатат својата тажна судбина, бидејќи сè ќе биде во ред кога Исус ќе се врати. Да, нашиот свет е паднато, слабо и трагично место – и не е ништо погрешно или неумесно доколку копнееме за времето кога Бог ќе го уреди овој свет; кога ќе ја уништи неправдата, болката и тагата; и кога ќе го замени моменталниот неред со своето славно и праведно царство. Всушност, без таа надеж, без тоа ветување, навистина не би имале никаква надеж.

Во својата проповед за крајот на светот (види: Матеј 24; 25), Исус првиот дел од своето излагање го посветил на образложувањето на потребата за бегство, доаѓајќи до таа точка да каже: „И ако не би се скратиле тие дни, не би се спасило ниедно тело“ (Матеј 24,22). Меѓутоа, овие зборови повеќе претставуваат вовед во Неговото објаснување на Божјите ветувања. Доколку во рамките на христијанската надеж за иднината се сосредоточиме единствено – или првенствено – на поимот „бегство“, значи да пропуштиме некои од подлабоките заклучоци коишто Исус ги изнел.

**Прочитајте ја 24. и 25. глава од Евенагелието според Матеј. Според она што го прочитавте, кои се најважните подробности за Исусовата проповед? Како би ги изнеле накратко Исусовите упатства за тоа како треба да живееме додека го чекаме Тој да се врати?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Она во што веруваме во врска со иднината има важни содржини кои се однесуваат на нашиот сегашен живот. Здравото потпирање на Божјите ветувања за иднината на нашиот свет треба да биде поттик за енергично учество, искра на плодоносен и потполн живот кој врши влијание на другите.

**Како надежта и ветувањето за Исусовото враќање може и треба да влијае на тоа како сега живееме, особено во рамките на помагањето на оние на кои помошта им е потребна?**

## ВОСКРЕСЕНИЕ НА НАДЕЖТА

Христијанската надеж во Второто Исусово доаѓање не се однесува само на радувањето на светлата иднина. За раните христијани, телесното Исусово воскресение пружило цврста сигурност на ветувањето за Неговото враќање. Ако може да се врати од мртвите – на што и самите биле сведоци – Тој сигурно ќе се врати за да го исполни својот план, да го отстрани гревот и неговото влијание, и да го обнови светот (види: 1. Коринќаните 15,22.23).

За апостол Павле, воскресението бил клучниот елемент на адвентната надеж. Бил подготвен да каже дека веродостојноста на се што проповедал се темели на тоа највозвишено чудо во извештајот за Исус: „Ако, пак, Христос не воскреснал, напразна е верата ваша“ (1. Коринќаните 15,17). Размислете за неговите зборови и за тоа колку Христовото воскресение е важно за сѐ во што се надеваме.

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 15, 12-19. Како би му објасниле на некој незаинтересиран неверник зошто вистината за воскресението е основна за христијанската надеж?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Присуството на воскреснатиот Исус ги преобразило првите ученици. Како што видовме, Исус претходно ги испратил да го објават и воспостават Божјето царство (види: Матеј 10,5-8), но Неговата смрт ја поколебала нивната храброст и ја скршила нивната надеж. Налогот што подоцна го добиле (види: Матеј 28,18-20) од воскреснатиот Исус, со излевањето на Светиот Дух (види: Дела 2,1-4), ги поставил на патеката на која требало да го менуваат светот и да го остварат царството коешто Исус го основал.

Ослободени од силата на смртта и од стравот од неа, првите верници храбро живееле и ја објавувале веста во Исусовото име (види, на пример, 1. Коринќаните 15,30.31). Злото, кое носи смрт, е истото зло кое носи страдање, неправда, сиромаштија и угнетување во сите облици. Сепак, благодарение на Исуса и на Неговата победа над смртта, сето тоа еден ден ќе заврши. „Смртта ќе биде уништена како последен непријател“ (1. Коринќаните 15,26)

**Без оглед на тоа на кого сега му помагаме, тие секако на крајот ќе умрат. Што можеме да научиме од оваа сурова вистина за тоа колку е важно на другите да им зборуваме за надежта која можат да ја пронајдат во Исусовата смрт и воскресение?**

# НАДЕЖ ВО СУДОТ

**Прочитајте го текстот во Проповедник 8,14. На кои начини ја забележувате јасната и силна реалност на она што е запишано во овој стих?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Иако само по себе е тешко да се поднесува страдањето, угнетувањето и несреќата, уште потешко е да се поднесува повреда или навреда ако се чини дека е бесмислена или незабележана. Можната бесмисленост на тагата е потешка од првобитниот товар. Светот без конечна правда го одликува крајна сурова апсурдност. Не е чудо што атеистичките писатели на дваесеттиот век лелекале поради тоа што верувале дека „апсурдноста“ е човекова состојба. Без надеж во правдата, без надеж во судот, без надеж дека приликите ќе се поправат, нашиот свет навистина би бил бесмислен.

Меѓутоа, овој лелек од текстот од Проповедник 8,14 не е крај на извештајот. На крајот на овие приговори Соломон прави ненадеен пресврт. Среде своето лелекање за бесмислата, тој во основа вели: *Почекај малку, Бог ќе суди, така што не е сè бесмислено; всушност, сè и секој е важен.*

**Прочитајте: Проповедник 12,13.14. Што ни кажува овој текст за тоа колку е важно сето она што го правиме?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Надежта во судот се сведува на нечие верување за суштинската Божја природа, за животот и светот во кој живееме. Како што видовме, Библијата упорно тврди дека живееме во свет што Бог го создал и го сака, но тоа е свет погрешил и во него Бог, благодарение на Исусовиот живот и смрт, го остварува својот план за повторното создавање. Божјиот суд е клучен дел во Неговото поправање на светот. За оние кои доживеале толку многу неправди во светот – кои се отфрлени, кон кои сурово се постапувало, за угнетените и искористуваните – ветувањето за судот сигурно е радосна вест.

**Што за вас значи фактот дека еден ден, на начин кој не можеме да го замислиме, правдата, за која толку многу сме копнееле, конечно ќе биде остварена? Како можеме да црпиме надеж од ова ветување?**

## НЕМА ПОВЕЌЕ СОЛЗИ И БОЛКА

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 21,1-5; Откровение 22,1-5. Поминете одредено време замислувајќи го својот живот опишан во овие текстови. Зошто е тешко да се замисли животот без грев, смрт, болка и солзи?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Библиските описи на нашиот живот по падот во грев, неспорно се возвишени и славни, и без сомнение едвај го претставуваат она што нè чека. Дури и во овие стихови, описите како повеќе да зборуваат за тоа што нема да има таму, отколку за тоа како ќе биде таму. Бидејќи овој свет е сè за што знаеме, тешко ни е да го замислиме таквиот живот без болка, страдања, смрт, неправда и сиромаштија.

Не само што претходно наведеното таму повеќе го нема, туку на овој опис е даден и личен допир: „И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни“ (Откровение 21,4). Кога зборуваме за спасените, Божјето сочувство кон оние кои пателе низ човечката историја ја достигнува највисоката точка во оваа една реченица. Тој не само што ќе го оконча нивното страдање, туку лично ќе ги избрише нивните солзи.

Иако удирани и ранувани од овој живот на грев, од овој свет полн со неправда и трагедии, во Откровението можеме да забележиме навестување на процесите за исцелување на сите нас, кои на различни начини сме жртви на гревот. Опишувајќи го дрвото на животот, Јован објаснува дека „лисјата на дрвото служат за исцелување на народите“ (Откровение 22,2). Покрај тоа, Бог покажува разбирање и сочувство кон тоа што значи да се биде човек, што значи да се осети, искуси, посведочи, дури и да се учествува во злото на овој свет. Неговиот план на повторно создавање на светот опфаќа обновување и исцелување на секој од нас.

До тој момент, тежнееме да бидеме сè што можеме во Христа, извршувајќи го својот дел, несигурен и мал, каков што нашиот дел може да биде, да им служиме на луѓето околу себе на кои им е потребно она што имаме да им го понудиме. Што и да е во прашање – љубезен збор, топол оброк, медицинска помош, стоматолошка услуга, облекување, советување – сè што можеме да направиме треба да го правиме љубезно, со љубов проникнато самооткажување и самопожртвуваност каква што Исус покажал кога бил овде на Земјата. Секако, светот станува сè полош, и покрај нашите најголеми напори. Исус тоа го знаел, па сепак таа вистина не Го спречила да им служи на другите и не би требало и нас да нè сопре.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови: Елена Вајт, *Делата на апостолите,* „Повикани да ги прифатат вишите духовни мерила“, стр. 309-322 оригинал; *Големата борба,* „Земјата опустена“, стр. 653 – 661 оригинал.

„Кога Божјиот глас ќе го ослободи неговиот народ од ропство, тогаш настанува големо будење кај оние што загубиле сѐ во големата борба на животот. Додека траело времето на милоста, биле заслепени со измамите на сатаната и го оправдувале својот грешен живот. Богатите се гордееле со своето богатство пред оние што биле сиромаси и бедни; но тие своето богатство го стекнале со престапување на Божјиот закон. Пропуштиле да ги нахранат гладните, да ги облечат голите, да постапуваат праведно и да го љубат милосрдието. Постојано настојувале да се извишат и да постигнат посебна почит кај своите ближни. Сега се лишени од сѐ што ги правело големи и стојат бедни и немоќни. Со страв гледаат како се уништуваат нивните идоли што ги ценеле повеќе отколку својот Творец. Тие своите души ги продале за земните богатства и радости и не се труделе да се збогатат во Бога. Последица на тоа е промашен живот; нивните уживања се претворени во бигор, а нивното богатство во гнилеж“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр.  654. ориг).

„Големата борба е завршена. Грев и грешници нема веќе. Целата вселена е чиста. Насекаде во безмерниот универзум владеат апсолутна хармонија и радост. Од Оној кој создал сѐ тече живот, светлина и радост низ сите светови во бесконечните простори. Од најмалечкиот атом, до најголемиот свет, сѐ што е создадено, и живата и неживата природа, во својата непоматена убавина и совршена радост зборуваат дека Бог е љубов“ (*Исто,* стр. 678. ориг).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Објаснете како она за што проучувавте оваа седмица покажува дека животот, овде и сега, е важен. Споредете го тоа со верувањето на некои луѓе дека не треба да се грижиме за овој живот и за овој свет затоа што Бог ќе го уништи и ќе го обнови. Како, исто така, можеме да бидеме внимателни дека поради оваа вистина за ветувањето за нов живот не треба да ги занемариме неволните (всушност, на крајот, Бог сѐ ќе среди)? Што е уште полошо, како можеме да бидем сигурни дека не сме станале едни од оние кои ја искористиле оваа вистина за да ги искористат другите?**

**2. Според адвентистичкото сфаќање на библиското пророштво, злото, неволјите, страдањата ќе се зголемат како што наближува Исусовото второ доаѓање. Кога се случуваат такви работи, обично укажуваме на 24. глава на Евангелието според Матеј. Како треба да ги согледуваме овие несреќи во светлината на 25. глава?**

### ЗАКЛУЧОК

Нашиот Бог нема да дозволи злото вечно да трае. Возвишената надеж во Библијата гласи дека Исус ќе се врати за да го уништи злото, да ја исправи неправдата и да создаде нов свет каков што би требало да биде. Врз основа на Исусовото воскресение, оваа надеж нѐ преобразува денес и ни дава храброст да му служиме на Бога и на ближните додека чекаме Тој да се врати.

Поука 12
Од 15-21 септември 2019

# ДА СЕ ЉУБИ МИЛОСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 6,25-33; Јаков 1,5-8; Јаков 2,15.16; Исаија 52,7; 1. Јованова 3,16-18; Исаија 58,1-10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „На чесните им изгрева светлина во темнина: Тој е благ, милостив и праведен. Добро му е на човекот кој е милостив и дава на заем, кој ги свршува чесно своите работи“ (Псалм 112,4.5).**

Како што видовме, во Библијата наоѓаме многу силни прикази на Божјата грижа за сиромашните и угнетените, како и повици упатени на Неговиот народ да дејствува во нивна корист. И покрај вниманието посветено на овие прашања, овој библиски налог е само спорадично и делумно исполнет, а при Христовото доаѓање, проследено со натприродни настани, во потполност ќе биде извршен.

Злото до тогаш ќе се пројавува во многу облици, поттикнато од мрачните духовни влијанија на сатаната и неговите ангели. Ова зло често е највидливо во сиромаштвото, насилството, ропството, угнетувањето, искористувањето, себичноста и лакомоста. Нашите заедници, нашите цркви и нашите семејства во таквиот свет треба да се спротивставаат на ова зло, колку и да е тоа понекогаш тешко да се направи. Како одговор на Божјата љубов и заповед, живеејќи во светлината на Исусовата служба и жртва, и зајакнати и водени од Светиот Дух, мораме да бидеме сочувствителни, вешти и храбри во настојувањето „да се прави само правда, да се љуби милосрдието и да се оди смирено со својот Бог“ (Михеј 6,8).

## НАЈВИСОКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ЦАРСТВОТО

Како што е јасно кажано во Исусовите учења и во списите на новозаветните писатели, оние кои одлучуваат да живеат како членови на Божјето царство живеат според поинакви вредности и приоритети во однос на светот.

**Прочитајте Матеј 6,25-33. Какво охрабрување ни пружаат овие стихови и како тоа треба да влијае на нашите највисоки вредности?**

______________________________________________________________________

Исус поучувал дека животот е „повеќе од храната, и телото од облеката?“ (Матеј 6,25). Храната и облеката секако се важни, но мораме да ги гледаме во светлината на Божјето царство, што значи повторно мораме на реални и практични начини да ги поставиме приоритетите во својот живот. Кога во Библијата го препознаваме повикот да ги поддржиме другите и да се грижиме за нив, овој повик, исто така, станува еден од нашите приоритети додека се стремиме да го следиме Исусовиот пример. Иделно би било овој повик да ни помогне да бидеме помалку сосредоточени на себе, а повеќе на другите.

Овој поинаков збир на приоритети го менува и нашиот однос кон оние кои имаат власт над нас и над угнетените. Иако Библијата им налага на христијаните да ја почитуваат власта и да ѝ бидат послушни, колку што тоа е можно (види, на пример, Римјаните 13,1-7), исто така има моменти кога треба да ги повториме зборовите на Петар: „Треба да Го слушаме Бога повеќе, отколку луѓето“ (Дела 5,29). Исус ги усогласил овие две начела во својот одговор упатен до оние кои се обиделе да Го измамат во врска со ова прашање: „Подајте му го царевото на царот, а Божјото на Бога!“ (Матеј 22,21) Оние кои се на власт, било државна или некој друг облик на власта, често ја спроведуваат и ја чуваат со закани или сила. Како што видовме во Исусовиот живот, животот на вера не претпочита секогаш и во секоја прилика да бидеме пасивни кога ќе се соочиме со злото. На пример, во врска со ропството во Америка, Елена Вајт запишала: „Кога човечките закони се спротивставени на Божјата Реч и Божјите закони, ние треба да ги слушаме овие последните, без оглед на последиците. Законот на нашата земја, кој бара да го испорачаме робот на неговиот господар, не треба да се послуша и треба да бидеме подготвени да ги сносиме последиците од кршењето на тој закон. Робот не е сопственост на ниту еден човек. Само Бог е господар на луѓето, а човекот нема право да ја земе Божјата сопственост во свои раце и да тврди дека е негова“ (*Testimonies for the Church*, 1. книга, стр. 201.202).

**Каде е границата помеѓу послушноста на властите и залагањата за оние можеби се жртви на угнетувачата власт?**

# УМОР ОД СОЧУВСТВО

Додека се спротивставуваме на можноста нашите добри намери да бидат надвладеани од „неволјите во светот“, многумина од нас би сакале повеќе да направат и да внесат промена во животот на напатените. Бројните ставови и постапки можат да ни помогнат позитивно да изреагираме кога се во прашање оние на кои им е потребна помош.

**Сочувство:** Како што видовме, првите чекори кои можеме да ги преземеме е да ја препознаеме туѓата болка и да покажеме сочувство кон оние што страдаат. Треба да ја негуваме и чуваме чувствителноста кон напатените. Денеска се зборува за „уморот од сочувство“, за идејата според која сме толку изложени на тага и несреќа што многумина од нас се заморуваат од мноштвото причини кои бараат наша емоционална сила и финансиска поддршка. Исус бил сосема свесен за злото и за болката околу Себе; сепак и понатаму бил сочувствителен. Така и ние мораме да правиме.

**Учење:** Бидејќи многу прилики во кои владеат неправдата и сиромаштијата се сложени, слушањето и учењето во вакви прилики е многу важно. Има многу примери во кои добронамерни луѓе нанеле штета во животот на други луѓе обидувајќи се да им помогнат. Бидејќи тоа не е оправдување да не се дејствува, треба да настојуваме да се вклучиме на промислен начин, откако за сѐ сме се информирале.

**Молитва:** Кога ќе воочиме проблем, прва наша мисла е да преземеме „практични“ чекори. Меѓутоа, Библијата нѐ потсетува дека молитвата е практична. На животите на сиромашните и угнетените можеме да влијаеме со своите молитви, молејќи се и за нив и за оние кои имаат власт над нив (види: 1. Тимотеј 2,1.2), како и со барање на Божјето водство како на најдобар начин да продолжиме да дејствуваме нудејќи ја нашата помош (види: Мудри изреки 2,7.8).

**Очекувања:** Уште еден важен елемент во настојувањето да го ублажиме страдањето е да имаме соодветни очекувања, со оглед на сложеноста на општествените, политичките и личните околности. Нашата надеж треба да се состои во тоа на луѓето да им пружиме можности и прилики кои инаку, можеби, не би ги имале. Понекогаш ќе бидеме разочарани од тоа како луѓето ги користат овие прилики, но мораме да ги почитуваме нивните одлуки. На каков начин и да се обидеме да работиме во полза на напатените, нашето водечко начело мора да гласи: „И така, сѐ што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така“ (Матеј 7,12).

**Прочитајте Јаков 1,5-8. Каква улога молитвата треба да има во христијанската работа? Што ни кажува Јаков 2,15.16 за тоа како можеме да придонесеме во услишувањето на нашите молитви за другите?**

# ВЕЛИКОДУШНОСТ

„Зашто Бог го љуби радосниот дарител" (2. Коринќаните 9,7), а великодушното давање е важна страна на христијанскиот живот. Иако мораме да и дозволиме Библијата да става предизвик пред нашите давања и приоритети во финансиска смисла, великодушноста е повеќе од вложување пари за одредена цел, без разлика колку е вредна. Поточно, великодушноста е еден од највозвишените животни ставови и клучна особина на оние „кои се бојат од Господа", како што многу пати е забележано во 112 Псалм: „Добро му е на човекот кој е милостив и дава на заем, кој ги свршува чесно своите работи" (Псалм 112,5).

**Што можеме да научиме од следниве текстови за великодушноста кон неволните? 3. Мојсеева 25,35-37; Псалм 119,36; 2. Коринќаните 8,12-15; 1. Јованово 3,16-18; 1. Тимотеј 6,17-19.**

---

Во своите новозаветни посланија, Павле често наведувал дека Божјата великодушност – најпотполно е изразена во Исусовото полагање на животот за нас – извор на христијанската надеж. За возврат, Неговата смрт, поднесена за нас исто така претставува поттик и ние да живееме великодушен живот во однос на другите: „И твоето општење во верата да биде делотворно во познавањето на секое добро што е во вас заради Исуса Христа" (Филимон 1,6).

Великодушноста е благороден, решителен и сеопфатен став кон животот. Многу нешта во нашиот личен живот, во општеството и културата нè наведува да се сконцентрираме на себеси, да чуваме за себе колку што е можно. И ајде да се соочиме со тоа, зашто за многумина од нас се подразбира образецот кој и онака секогаш гласи *јас, јас, јас*.

Ако е вистинска, нашата вера ќе ни помогне да го отфрлиме нашето „јас" и да живееме за другите. Верата ни помага да го замислиме светот и луѓето онака како што Бог ги гледа, и во нивната добрина и во нивната слабост, и нè поттикнува, колку што е можно, да им помогнеме на оние на кои им е потребна помош. Како особина, великодушноста веднаш се уважува од страна на хуманитарните здруженија и оние кои собираат парични донации. Таквата великодушност е мерлива и непосредно практична. Меѓутоа, големите донации нужно не укажуваат и на великодушен начин на живот (види: Марко 12, 41–44). Великодушниот живот е поблагороден и повреден од каква било донација. Ние повеќе треба да го цениме и негуваме великодушниот дух во сè што правиме. За повеќето луѓе, великодушноста не доаѓа природно; тоа е благодет која треба да ја изразиме во својот живот активно и свесно, без оглед на влијанието на грешната себична човечка природа.

**Покрај давањето парични средства, дури и великодушно, на кои други начини треба да го изразиме духот на великодушност?**

## ГРАДЕЊЕ НА МИР

**Прочитајте го текстот во Матеј 5,9. Како во светот во кој живееме го твориме она што Исус го кажува во овој стих? Колку на крајот можеме да бидеме успешни? Види: Марко 13,7.**

Насилниот судир е изразит причинител на страдањата. Во цената на војната се вклучени непосредни жртви и уништени животи, а вниманието и средствата посветени на воената машинерија, подобро е да се пренасочат за олеснување на другите човечки потреби и страдањата на воените ветерани и преживеаните во војната, дури и меѓу „победниците“. Потоа тука се и бројни мали конфликти кои нанесуваат штета на небројени животи во семејствата и заедниците. Според тоа, жарот за правда не може да го занемари налогот за градење на мирот.

Во срцето на Исусовото Евангелие е Божјиот милостив и возвишен чин на градење мир, со кој се помируват грешните човечки суштества со својот Создател (види: 2. Коринќаните 5,18-21). Помирувањето што го примаме претставува пример на кој треба да се угледаме, за да станеме „амбасадори“ на ова помирување меѓу другите луѓе.

**Прочитајте го текстот во Исаија 52,7. Како во својот живот можеме да го примениме овој стих?**

Евангелието на мирот станува, исто така поттик, пример и извор на залагање за мир во насилниот свет: „Кога е во хармонија со Бога, срцето е исполнето со небесен мир и го шири неговото благословено влијание на сè околу себе. Духот на мирот ќе се спушта како роса врз срцата уморни и измачени од световните судири“ (Елена Вајт, *Мисли од Горатa на блаженствата*, стр. 28. оригинал).

Во проповедта на Гората, Исус рекол: „Блажени се миротворците, зашто тие ќе бидат наречени синови Божји“ (Матеј 5,9). Ако го погледнеме понатамошниот текст, не само што ја потврдил заповедта која налага да не убиваме, туку рекол и дека не треба да се гневиме ниту да им се лутиме на другите (види: Матеј 5,21-26), туку дека треба да ги сакаме своите непријатели и да се молиме за оние кои нè гонат (види: Матеј 5,436-48), што значи дека треба да преземеме решителни чекори стремејќи се за доброто на другите. Има многу инспиративни извештаи за луѓе кои го посветиле својот живот на градење на мирот во делови во светот во кои владеат неприлики, овозможувајќи делумен увид во помирувањето и исцелувањето, често ублажувајќи ги неправдите и страдањата што ги предизвикуваат овие судири.

**На кои начини вашата месна црква, на локално ниво, може да врши улога на градител на мирот?**

# ГЛАС ЗА НЕМИТЕ

Соломон запишал дека постои „време за молчење и време за зборување“ (Проповедник 3,7). Бил во право, но да се пронајде таква рамнотежа, тоа за никого не е едноставно. Меѓутоа, кога станува збор за тоа да зборуваме во полза на поробените, да бидеме глас за немите и да го победиме злото со добро, дали е можно дека како црква сме грешеле во смисла дека премногу сме молчеле кога нашиот глас требало да се слушне?

Христијаните често зборуваат дека тие се Исусови раце и нозе, укажувајќи на повикот за практична служба на другите, како што Исус би сакал да правиме. Меѓутоа, во рамките на пророчката улога, како што е прикажано во Библијата, Божјиот прв повик упатен на луѓето е да бидат Неговиот глас – зборувајќи во Божје име, но и во име на оние кои Бог сака да ги одбрани (види: Псалм 146,6-10).

**Прочитајте го текстот во Исаија 58,1-10. Што ни порачува оваа порака, дадена во одредено време, на одредно место и во одредени рамки, нам денес кои живееме во поинакво време, место и рамка? Во која мера приликите навистина се промениле од моментот кога Исаија ги забележал овие зборови, па до денешно време?**

Повикот на пророците да се твори правдата, никогаш не бил општоприфатен. Меѓутоа, вдахновениот налог што го примиле од Бога, сфаќајќи го Божјиот жар за правда, сочувствувајќи со положбата на сиромашните и угнетените, тежнеејќи кон најдоброто за општеството, овие пророци се осмелиле да бидат гласот на немите во своето време и место, и покрај противењето, непријатностите и опасностите (види: 1. Петрово 3,17).

Врз основа на своето сфаќање на Евангелието и повикот да го отсјајуваат Исуса во светот, и христијаните адвентистички можат многу да понудат во врска со соочувањето со злото во светот.

На пример, „Христијаните адвентистички веруваат дека делата со кои се намалува сиромаштијата и неправдите се важен дел од христијанската општествена одговорност. Библијата јасно го открива Божјето посебно интересирање за сиромашните и Неговите очекувања како треба Неговите следбеници да постапуваат кон оние кои не можат сами да се грижат за себе. Сите човечки суштества го носат Божјиот лик и ги примаат Божјите благослови (Лука 6,20). Работејќи со сиромашните, ние го следиме Исусовиот пример и поука (Матеј 25,35.36). Како духовна заедница, христијаните адвентисти се залагаат за правда на сиромашните и и ја отвораат ‚својата уста за немиот‘ (Мудри изреки 31,8) и против оние кои ‚го одземаат правото на сиромаштијата‘ (Исаија 10,2). Ние соработуваме со Бог кој покажува ‚правда на сиромашниот‘ (Псалм 140,12)“ (*Seventh-day Adventist Official Statement on Global Poverty*, 24. јуни 2010).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја следната глава во книгата на Елена Вајт *Во Потрага по подобар живот*: „Повозвишено искуство“, стр. 503-516 оригинал.

„Истражете ги и небото и Земјата и ќе откриете дека ниту една вистина не се открила така силно како онаа што е објавена со делата на милосрдноста кон оние на кои им е потребно нашето сочувство и нашата помош. Тоа е вистината каква што е во Исуса. Ако оние што го носат Христовото име ги спроведат во дело начелата на златното правило, истата сила што го следела делото на евангелието во времето на апостолите, ќе се открие и сега“ (*Мисли од Горwystęp на блаженствата*, стр. 137. ориг.).

„Најубав подарок што може да ни го даде нашиот небесен Отец е возвишената љубов кон Бога и несебичната меѓусебна љубов. Таа љубов не е некоја моментна побуда, туку божествено начело, постојана сила. Таа не може да се роди во едно непосветено срце. Таа е присутна само во срцето во кое владее Христос. ’Ние љубиме, зашто првин Тој нè засака нас.’ Во срцето обновено со божествената милост, љубовта е главен двигател и владеачко начело на животот. Таа го менува карактерот, управува со нагоните, владее со страстите и ги облагородува чувствата. Негувана во душата, таа љубов го разубавува животот и врши благородно влијание врз целата околина“ (*Делата на апостолите*, стр. 551. ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како што видовме во лекцијата за оваа седмица, Евангелието и понатаму е пример и инспирациа за дејствување во име на другите, како што Исус дејствувал во наше име. Како ова го проширува вашето разбирање и вреднување на Радосната вест, она што Бог го направил за нас и начините на кои ја покажува својата љубов кон нас?**

**2. Подигањето глас за немите, учеството во градењето на мирот и слични активности можат да нè воведат во јавните и политичките кругови. Меѓутоа, Христијанската адвентистичка црква е поборник за раздвојување на црквата од државата. Каква е разликата меѓу неприкладната политичка вклученост и залагање и работата јавно да се изгради мир?**

**3. Кој чекор или дело, за кои разговаравме во лекцијата за оваа седмица, би сакале да го преземете во својот живот и заедница? Како можете тоа да го остварите?**

**4. За каков облик на зло или угнетување сте одлучиле да се молите во својата заедница или пошироко?**

ЗАКЛУЧОК

Кога ќе станеме Исусови следбеници, нашиот живот во голема мера ќе се промени. Меѓу останатото, во нас ќе се јави желба да се придружиме на Бога во Неговата грижа за сиромашните и оние со посебни потреби. Тоа никогаш не е лесна задача и ретко кога е општоприфатена. Тоа ќе ги промени нашите приоритети и ќе нè поттикне да преземеме одредени чекори и да ги исцелиме ранетите во светот околу нас.

**Поука 13**
**Од 21 -27 септември 2019**

# ЗАЕДНИЦА НА СЛУГИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Коринќаните 2,14-16; 2. Мојсеева 32,1-14; 1. Петрово 2,12; Филипјаните 2,15; Ефешаните 2,19; Евреите 10,23-25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И да го држиме исповеданието на надежта цврсто, зашто верен е Оној Кој се заветувал. И да бидеме внимателни еден кон друг за да се поттикнуваме кон љубов и добри дела“ (Евреите 10,23.24).**

Во нашиот стремеж да ја исполниме христијанската мисија, не треба да ги потцениме можностите на црквата како организирана заедница на верници. Веќе ги забележавме предизвиците со кои можеме да се соочиме кога тежнееме да се избориме со неправдата и сиромаштијата. Меѓутоа, работејќи со другите верници во заедницата на верните, можеме да станеме благослов за луѓето околу нас.

Ни се заканува искушението, кога ќе се собереме како црква, вниманието да го одвлече настојувањето во црквата сè да се одвива непречено, заборавајќи дека таа постои за да му служи на светот во кој Бог ја поставил. Како црковно тело не смееме да го занемариме страдањето и злото кои владеат околу нас. Ако Христос не го занемарувал тоа, не смееме ни ние. Мораме да бидеме верни на налогот да го проповедаме Евангелието, а покрај проповедањето треба да им помагаме и на угнетените, гладните, голите и беспомошните.

Како црковна заедница и организација, ние сме Христово тело (види: 1. Коринќаните 12,12-20). Како такви, како заедница, треба да одиме како што одел Исус, да ги досегнеме другите како што Исус ги досегнувал, и да му служиме на денешниот свет како Исусовите раце, нозе, глас и срце.

## ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПРОМЕНАТА

Во првите глави од Дела апостолски читаме дека првите христијани основале поинаков облик на заедница, дека се грижеле за неволните кои биле меѓу нив, заедно приближувајќи им се на луѓето надвор од заедницата, нудејќи им помош каква што им е потребна и повикувајќи ги да му се придружат на она што Бог го правел меѓу нив.

Надоврзувајќи се на Исусовите параболи за солта и светлината, Павле користи бројни метафори за да го прикаже дејствувањето на Црквата во светот. Меѓу другото, Божјиот народ го опишува како жртва (види: Римјаните 12,1), Христово тело (види: 1. Коринќаните 12,12-20), пратеници (види: 2. Коринќаните 5,18 – 20) и мирис (види: 2. Коринќаните 2,14-16). Секоја од овие слики зборува за улогата на претставниците и застапниците на Божјето царство дури и сега, дури и во овој свет кој е разорен од големата борба.

**Разгледајте го секој од овие описи на „претставници“. Кој најдобро прикажува како би сакале да го претставувате Бога и Неговите патишта во својата заедница и зошто?**

___

Со секоја од овие слики поврзани се и одредени дела, кои не се средство благодарение на кое Бог би нè прифатил, туку се дела на луѓе кои веќе се прифатени од страна на Бога врз основа на Христовата жртва, луѓе кои одговориле на Божјата љубов и благодат со тоа што се Негови претставници во овој напатен свет, свет кој умира.

Меѓутоа, овие слики можат да бидат разгледани на уште подлабоко ниво: бидејќи Божјето царство за однесува на Божјата љубов и благодат, кога се однесуваме кон другите со љубов и благодат, ние уште сега го воспоставуваме вечното царство и земаме учество во него.

Во меѓународниот закон, амбасада се смета за дел од државата која ја претставува, дури и кога е сместена во странска земја, можеби и многу далеку од својата матична земја. На сличен начин, воспоставувањето на патиштата на Божјето царство нуди бегол увид во вечната стварност овде и сега, и укажува на претвкус, и навистина е претвкус на конечната пропаст на злото. Правејќи така – како Христови пратеници и претставници – можеме да ја искусиме стварноста на Неговата љубов и правда во својот личен живот, во црквата и во животот на оние на кои настојуваме да им служиме.

**Прочитајте го текстот во 2. Коринќаните 2,16. Каква разлика постои меѓу овие два мириса и како можеме да знаеме кој мирис ние го претставуваме?**

# ОСТАТОК КОЈ СЛУЖИ

Вообичаена дефиниција на народот на остатокот во библиското пророштво пронаоѓаме во текстот Откровение 12,17: „Што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус“ (исто така види, Откровение 14,12). Според библискиот извештај, овие одлики го одредуваат Божјиот народ во подоцнежниот период од земната историја. Исто така, во библиските извештаи можеме да пронајдеме примери како таквиот остаток дејствува, а посебно како им служи на другите.

**Мојсеевиот пример во врска со тоа е изразит. Прочитајте го текстот во 2. Мојсеева 32,1-14. Каква е сличноста меѓу Мојсеј во овој извештај и остатокот опишан во текстот во Откровение 12,17?**

Во својот гнев кон израелскиот народ, Бог се заканил дека ќе ги уништи и дека ветувањата дадени на Аврам – дека неговите потомци ќе станат голем народ – ќе се пренесат на Мојсеја и на неговото семејство (види: 2. Мојсеева 32,10).

Меѓутоа, Мојсеј тоа не го сакал. Наместо тоа, собрал храброст да влезе во расправа со Бога, укажувајќи дека лошата слика за Господа ќе биде испратена доколку Господ постапи онака како што се заканил дека ќе направи (2. Мојсеева 32,11-13). Мојсеј тогаш оди чекор подалеку и себеси се изложува на опасност за да се заложи за овој случај пред Бога.

Мојсеј се борел својот народ да го пренесе преку пустината. Народот се жалел и се расправал, особено од моментот кога ги повел кон слободата. Па сепак, Мојсеј му кажува на Бога: Ако не им простиш, „избриши ме и мене од книгата Твоја, во која си ме запишал“ (2. Мојс. 32,32). Мојсеј се нуди да се откаже од вечноста за да ги спаси оние со кои бил на тоа патување. Колку силен пример за самопожртвуваност и застапување за оние кои тоа не го заслужуваат! Каков силен симбол на целокупниот план на спасение!

„Кога Мојсеј во својата молитва се заземал за Израелците, неговата плашливост потполно исчезнала во длабокото интересирање и љубов за оние за кои толку многу сторил како орудие во Божјите раце. Бог го ислушал неговото пекање и ја примил неговата несебична молитва. Тој го проверувал својот слуга; сакал да види колкава е неговата верност и љубов кон заблудениот и неблагодарен народ, и Мојсеј благородно ја издржал проверката. Неговото залагање за Израелците немало ништо себично во себе. Благосостојбата и напредокот на Божјиот избран народ му биле помили од личната чест, помили од предимството да стане татко на една силна нација. Неговата верност, простодушност и вистинска честитост му биле по волја на Господа и Тој, како на верен пастир, му доверил голема задача – да ги одведе Израелците во ветената земја“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 319. оригинал).

**Што ни кажува овој текст за тоа како, колку што е можно, треба да се однесуваме кон заталканите околу нас?**

## ПРИДОБИВАЊЕ НА ДУШИТЕ

Црковните расправи понекогаш се водат во врска со привидната потреба да се одлучи меѓу посветувањето внимание на општествената или на евангелската работа, добротворните прилози или сведочењето, залагањето за правдата или евангелизмот. Меѓутоа, кога подобро ќе го сфатиме секој од овие поими и кога ја гледаме Исусовата служба, разликите се губат. Тогаш увидуваме дека проповедањето на Евангелието и помагањето на другите се мошне тесно поврзани.

Во една од своите најпознати изјави, Елена Вајт тоа го објаснила на следниот начин: „Само Христовиот метод ќе донесе вистински успех во приближување кон луѓето. Спасителот им се придружувал на луѓето како таков кој им го посакува најдоброто. Тој покажувал сочувство кон луѓето, им служел на нивните потреби и ја стекнувал нивната доверба. Потоа ги повикувал: ’Врви по мене’ ... На сиромашните треба да им помогнеме, да се грижиме за болните, жалосните и неволните да ги утешиме, оние што не знаат треба да ги поучиме, неискусните треба да се посоветуваат. Треба да плачеме со оние кои плачат и да се радуваме со оние кои се радуваат“ (Елена Вајт, *Во потрага по подобар живот*, стр. 143. оригинал).

Како што видовме, правдата и евангелизмот, елементите на Царството, биле тесно испреплетени не само во Исусовата служба, туку и во Исусовиот прв налог даден на неговите ученици: „И одејќи, проповедајте и кажувајте дека се приближи царството небесно. Исцелувајте ги болните, воскреснувајте ги мртвите, очистете ги лепрозните, изгонувајте демони; бесплатно добивте, бесплатно давајте“ (Матеј 10,7.8). Накратко кажано, еден од најдобрите начини да допреме до другите со пораката е да им служиме на нивните потреби.

**Што кажуваат Петар и Павле за силата која добрите дела на Божјиот народ ја имаат во сведочењето? Видете: 1. Петрово 2,12; Филипјаните 2,15.**

____________________________________________________________

Кога ќе стекнеме пошироко разбирање за Божјата радосна вест, сфаќаме дека евангелизмот нема смисла доколку не се негува љубов кон луѓето. Стиховите како оние во 1. Јованово 3,16-18. и во Јаков 2,16. ја нагласуваат противречноста доколку го проповедаме Евангелието, а не живееме во согласност со него. Во најдобар случај, евангелизмот – кој ја донесува радосната вест за надежта, спасението, покајанието, промената и Божјата сеопфатна љубов – е израз на правдата.

И евангелизмот и желбата за правда произлегуваат од препознавањето на Божјата љубов кон изгубените, слабите и ранетите – љубов која, исто така, расте во срцето под Божје влијание во нашиот живот. Ние не бираме едно или друго; наместо тоа, ние соработуваме со Бога во работата за другите луѓе, исполнувајќи ги нивните вистински потреби и користејќи ги сите можни средства што Бог ни ги доверил.

**Како можеме да бидеме сигурни дека додека правиме добри дела за другите не го запоставуваме проповедањето на радосната вест за спасението?**

## БЛАГОДАТТА ВО ЦРКВАТА

На почетокот на Книгата за Јов, Бог укажува на Јов и на неговата верност кон Него како доказ дека Божјите патишта се добри, како и Неговото постапување кон паднатиот човечки род (види: За Јов 1,8). Неверојатно е тоа што Бог дозволува Неговиот углед да зависи од тоа како луѓето живеат на Земјата. Меѓутоа, Павле оваа вера која Бог ја имал во некои од своите „свети“, ја проширил на целата црковна заедница: „Та многуликата мудрост Божја да им се објави сега преку Црквата на началствата и властите небесни“ (Ефешаните 3,10).

**Прочитајте го текстот во Ефешаните 2,19. Што мислите, што е опфатено со мислењето дека црковната заедница се опишува како Божје „домаќинство“? Што ни кажува овој опис за начинот на кој организираната црква дејствува?**

---

Во секоја заедница или организација, начинот на однесување на тоа тело кон своите членови ги одразува основните вредности на групата. Како Божје домаќинство, Христово тело и заедница на Духот, Црквата има највозвишен позив во својот живот и да го оствари следното: „Зашто Бог не е Бог на безредие, туку на мирот. Како што е по сите цркви меѓу светиите“ (1. Коринќаните 14,33).

Вредноста на правдата, благодатта и љубовта – прикажана во Божјата правда, благодат и љубов – треба да управуваат со сè што се одвива во црквата. Од локалните црковни заедници до црковните организации во светот, црковните водачи треба да се управуваат според овие начела при водењето на Црквата, донесувањето на одлуки и грижата за „најмалите“ во црковната заедница. Тие, исто така, треба да се занимаваат со тоа како да се решаваат конфликти кои одвреме-навреме се јавуваат меѓу членовите. Ако, кон оние кои се меѓу нас не можеме да се однесуваме чесно и достоинствено, како тоа ќе го правиме кон другите?

Кога црковната организација вработува луѓе, треба да биде великодушен работодавач, кој над сè ги вреднува луѓето и се бори против нечесното однесување кон своите членови. Црквите треба да бидат сигурно место на кое сите верници го прават она што е во нивна моќ да ги заштитат ранливите. Членовите на црковната заедница, како што гледаме во Раната црква, треба да бидат посебно подготвени да им пружат поддршка на оние припадници на своето црковно „семејство“ кои страдаат или им е потребна помош.

Исус тоа го дал како заповед, говорејќи дека таквото постапување не само што ќе ја преобрази заедницата на верните, туку ќе ја покаже стварноста на нивната вера на оние кои ја посматраат: „Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг. По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,34.35).

## ПОТТИКНУВАЈТЕ СЕ ЕДНИ НА ДРУГИ НА ДОБРИ ДЕЛА

Дури и кога имаме најдобри побуди и намери, и кога веруваме дека сме на страна на Бога и добрината, работењето за Господа може да биде тешко и обесхрабрувачко. Тагата и болката на нашиот свет се реални. Тоа е една од причините зошто ни е потребна црковната заедница. Исус го обликувал таквиот вид поддршка во заедница со своите ученици. Тој ретко кога ги испраќал луѓето сами, па дури и тогаш тие брзо се собирале за да ги споделат своите искуства и да ја обноват својата сила и храброст.

**Прочитајте го текстот во Евреите 10,23-25. Дваесет и петтиот стих е најпознат во овој текст. Како претходните два стиха ни помагаат подобро да го сфатиме овој познат стих? Како можеме едни со други да се поттикнуваме „на љубов и добри дела“?**

________________________________________________________________

Во речиси секоја задача, цел или проект, група луѓе која работи здружено може да постигне повеќе од сите луѓе кои работат поединечно. Тоа повторно нè потсетува на сликата на Црквата како Христово тело (да се види: Римјаните 12,3-6), во кој сите имаме различни улоги кои се надополнуваат. Кога секој од нас го прави она што најмногу го умее, но така дозволува силите да се здружат, можеме да веруваме дека нашиот живот и работа ќе извршат влијание за вечност.

Бидејќи резултатот е важен кога тежнееме да го направиме она што е правилно – бидејќи се однесува на луѓето и на нивниот живот – мораме да го довериме на Бога. Понекогаш кога се трудиме да ја ублажиме сиромаштијата, да ги заштитиме ранливите, да ги ослободиме поробените и да зборуваме во име на немите, ќе видиме мал напредок. Меѓутоа, имаме надеж да работиме на многу повозвишена и навистина победоносна цел: „Кога правиме добро, тоа нека не ни биде здодевно, зашто во свое време ќе пожнееме, ако не се измориме. И така, додека имаме време, да им правиме добро на сите, а најмногу на своите по вера“ (Галатјаните 6,9.10; да се види и Евреите 13,16).

Тоа е причината зошто сме повикани да се храбриме – во буквална смисла да се вдахнуваме со храброст – едни со други. Да живееме верно и радосно, тоа е тешко искуство. Нашиот Бог на правдата и нашата заедница на правдата се нашите најголеми потпори и причина зошто ги повикуваме и другите да ни се придружат.

**Дали познавате некој кој редовно настојува да ги ублажи страдањата на другите? Како можете да ја охрабрите таа личност или група во извршувањето на таа великодушна задача?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во Книгата на Елена Вајт *Делата на апостолите,* прочитајте ја главата „Верниот сведок“, стр. 546 – 556 оригинал.

„Ние треба да ја извршуваме работата што ја извршувале апостолите. Секој христијанин треба да биде мисионер. Треба со сочувство и сомилост да им служиме на оние на кои им е потребна нашата помош, настојувајќи со несебична сериозност да ја ублажиме несреќата на напатеното човештво...

Христовата љубов, изразена преку несебична служба, ќе биде многу поуспешна во поправањето на злото, отколку мечот и судот. Ова е неопходно за да се заплаши оној што го крши законот, но мисионската патека на љубовта може да направи повеќе од ова. Срцето, закоравено од прекори, често ќе омекне под дејството на Христовата љубов (Елена Вајт, *Во потрага по подобар живот*, стр. 104.106. оригинал).

„Ропството, класниот систем, неправедните расни предрасуди, угнетувањето на сиромашните, занемарувањето на несреќните – сето ова е претставено како нехристијанско, како сериозна закана за доброто на човечкиот род, и како зло кое Христовата црква, којашто Господ ја поставил, треба да го отфрли“ (Дел од говорот што А. Г. Даниелс, претседател на Генералната конференција, го одржал на закопот на Елена Вајт за нејзината работа, *Life Sketches of Ellen G. White*, стр. 473).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Многу луѓе, групи и организации настојуваат да ги олеснат потребите во светот. Со каква единствена сила, сфаќања и средства Христијанската адвентистичка црква може да придонесе околу оваа задача?**

**2. Можете ли да се потсетите на моментот кога црковната заедница ве охрабрила и ве поддржала? Врз основа на тоа искуство, како можете да им го пружите истото охрабрување на другите?**

**3. Покрај поддршката од црковната заедница, што уште може да ви помогне да избегнете да се „уморите од правењето добро“?**

**4. Дали знаете какви проекти и иницијативи поддржува Христијанската адвентистичка црква насекаде во светот во врска со сиромаштијата и залагањето за правда? Што можете да придонесете во овој аспект од работата на црковата?**

### ЗАКЛУЧОК

Да, како христијани повикани сме да им служиме на потребите на другите, посебно на оние кои се јадосани, кои страдаат или се угнетувани. Иако имаме своја лична одговорност во оваа област, како заедница сосредоточена на служењето на другите можеме да бидеме многу поуспешни доколку работиме заедно како црковно семејство.

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - ЈУЛИ
# ХРИСТОС Е НАШИОТ ПРИМЕР

## ПОСТОЈАНО БУДНИ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | **Псалм 119,97.** | *Држи се за начелата* |
| *2. Вторник* | **Римјаните 12,2.** | *Продолжи да се искачуваш* |
| *3. Среда* | **1. Јованово 1,5.** | *Светлина на светот* |
| *4. Четврток* | **Даниел 8,14.** | *Нашата доктрина за Светилиштето* |
| *5. Петок* | **1. Петрово 5,8.** | *Постојано будни* |
| *6. Сабота* | **Матеј 6,30.** | *Мерата на божественото внимание* |

## БАРАЈТЕ МУДРОСТ ОДОЗГОРА

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | **1. Јованово 2,15.** | *Знаете ли точно каде сте...?* |
| *8. Понеделник* | **Проповедник 12,13.** | *Откровение за судот* |
| *9. Вторник* | **2. Петрово 1,10.** | *Развивање на карактерот за небото* |
| *10. Среда* | **Матеј 13,52.** | *Бидете верен домаќин* |
| *11. Четврток* | **Псалм 37,6.** | *Урамнотежен христијански развој* |
| *12. Петок* | **Откровение 2,1.2.** | *Бог е на секое место* |
| *13. Сабота* | **Јаков 3,17.** | *Барајте мудрост одозгора* |

## НАШИОТ МИЛОСТИВ БОГ

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | **Галатите 3,1.** | *Чудесна размена* |
| *15. Понеделник* | **Матеј 12,37.** | *Посветете го на Бога дарот на говорот* |
| *16. Вторник* | **Псалм 55,22.** | *Стави го своето бреме на Господа* |
| *17. Среда* | **Псалм 103,1.2.** | *Нашиот милостив Бог* |
| *18. Четврток* | **Јован 6,53.** | *Внеси ја Божјата Реч во својот живот* |
| *19. Петок* | **Матеј 16,24.** | *Христови специјални сили* |
| *20. Сабота* | **Исаија 2,3.** | *Твојата Реч е светилка* |

## ХРИСТОС Е НАШИОТ ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | **Матеј 7,2.** | *Не судете* |
| *22. Понеделник* | **1. Тимотеј 6,12.** | *Христос е нашиот Пример* |
| *23. Вторник* | **Јуда 1,24.** | *Христијанско совршенство* |
| *24. Среда* | **Псалм 130,4.5.** | *Бесплатно проштавање* |
| *25. Четврток* | **Матеј 10,34.** | *Не мир по секоја цена* |
| *26. Петок* | **Лука 10,27.** | *Послушноста е цената* |
| *27. Сабота* | **Псалм 42,5.** | *Надевај се во Бога* |

## САКАЈТЕ СЕ КАКО БРАЌА

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | **1. Јованово 4,10.** | *Христовата смрт носи живот* |
| *29. Понеделник* | **Откровение 22,2.** | *Лисје од дрвото на животот* |
| *30. Вторник* | **1. Солуњаните 4,9.** | *Сакајте се како браќа* |
| *31. Среда* | **Псалм 121,1.** | *Ги подигам своите очи* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - АВГУСТ

# ДА БИДЕМЕ ПОБЕДНИЦИ ОВДЕ

### НЕКА УПРАВУВА СВЕТИОТ ДУХ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **Галатјаните 5,22.23.** | *Нека управува Свети Дух* |
| *2. Петок* | **1. Мојсеева 5,24.** | *Енох му угодувал на Бога* |
| *3. Сабота* | **1. Јованово 2,6.** | *Голем здравствен Мисионер* |

### ПРАВИ ХРИСТОВИ ВОЈНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Јаков 1,22.** | *Прави Христови војници* |
| *5. Понеделник* | **2. Коринќаните 6,14.** | *Лажно посветување* |
| *6. Вторник* | **Матеј 21,33.** | *Напишано за наша опомена* |
| *7. Среда* | **Мудри изреки 4,18.** | *Единствена светлина што ќе го осветлува патот* |
| *8. Четврток* | **Еремија 7,23.** | *Не е безбедно она што Бог го осудува* |
| *9. Петок* | **Матеј 11,29.** | *Следете го Христовиот пример на пожртвуваност* |
| *10. Сабота* | **Лука 4,22.** | *Потребни се благодатни зборови* |

### ХРИСТОС ИМА СИЛА ЗА НАС

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Ефешаните 4,29.** | *Секојдневно посветување* |
| *12. Понеделник* | **Колошаните 2,10.** | *Христос има сила за нас* |
| *13. Вторник* | **1. Коринќаните 2,2.** | *Отстранете го отпадокот - критицизмот* |
| *14. Среда* | **Захарија 3,7.** | *Потреба за реформа* |
| *15. Четврток* | **Исаија 58,9.** | *Ветување на божествена помош* |
| *16. Петок* | **1. Петрово 4,12.** | *Ние сме Христови претставници* |
| *17. Сабота* | **Римјаните 14,7.** | *Користи го својот талент на влијание* |

### БИДИ ПОБЕДНИК ОВДЕ

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **Малахија 3,18.** | *Вера која укажува на разликата* |
| *19. Понеделник* | **Откровение 21,7.** | *Биди победник уште овде* |
| *20. Вторник* | **Откровение 21,27.** | *Следи го големиот Учител* |
| *21. Среда* | **1. Коринќаните 3,11.** | *Ѕидај на карпата* |
| *22. Четврток* | **Јов 22,21.** | *Запознај се со Бога* |
| *23. Петок* | **Ефешаните 6,4.** | *Имај ја предвид Божјата слава* |
| *24. Сабота* | **Лука 19,17.** | *Верност во мало* |

### ХРИСТОС КАКО СКАЛИ

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Ефешаните 6,13.** | *Отргни се од маглата на скептицизмот* |
| *26. Понеделник* | **Јован 15,1.2.** | *Христос реже со причина* |
| *27. Вторник* | **Даниел 1,8.** | *Осмелете се да бидете како Даниел* |
| *28. Среда* | **Откровение14,9.10.** | *Веста на третиот ангел е сигурна* |
| *29. Четврток* | **Јован 3,16.** | *Небото го дало своето најскапоцено богатство* |
| *30. Петок* | **Псалм 94,21.22.** | *Христос како скали* |
| *31. Сабота* | **Јован 17,2.** | *Христос високо ги издигнува мерилата* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - СЕПТЕМВРИ

# СТОЈТЕ ЦВРСТО ВО БОГА

## ДА ИМ СВЕДОЧИМЕ НА ДРУГИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | **2. Коринќаните 3,2.** | *Што би сторил Исус?* |
| *2. Понеделник* | **Исаија 61,3.** | *Полза од неповолните околности* |
| *3. Вторник* | **1. Тимотеј 3,16.** | *Тајната на отелотворувањето* |
| *4. Среда* | **5. Мојсеева 32,22.** | *Сцени од Второто доаѓање* |
| *5. Четврток* | **Псалм 111,7.8.** | *Битка околу Божјиот закон* |
| *6. Петок* | **Матеј 28,11.** | *Увид во Исусовото дело* |
| *7. Сабота* | **Исаија 58,6.7.** | *Да им сведочиме на другите* |

## ХРАБРОСТ ВО ГОСПОДА

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | **Исаија 43,1.** | *Ветена ни е помош за борба* |
| *9. Понеделник* | **2. Тимотеј 1,7.** | *Храброст во Господа* |
| *10. Вторник* | **2. Петрово 1,11.** | *Живот на постојана победа* |
| *11. Среда* | **Евреите 12,1.** | *Продолжете да гледате горе* |
| *12. Четврток* | **2. Солуњаните 2,10.** | *Нашето »јас« мора да умре* |
| *13. Петок* | **Тит 3,9.** | *Избегнувајте ги расправите и острите напади* |
| *14. Сабота* | **Ефешаните 4,11-13.** | *Единство какво што Христос бара* |

## ИМАЈ ВЕРА ВО БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | **Матеј 25,45. 46.** | *Сериозноста на конечниот суд* |
| *16. Понеделник* | **Матеј 25,14.** | *Секој човек има свое задолжение* |
| *17. Вторник* | **Откровение 14,8.** | *Градовите треба да се опоменат* |
| *18. Среда* | **Јован 14,23.** | *Активен верник* |
| *19. Четврток* | **Псалм 118,6.** | *Имај вера во Бога* |
| *20. Петок* | **Откровение 1,19.** | *Порака до светот* |
| *21. Сабота* | **1. Коринќаните 1,17.** | *Бог на науката и откровението* |

## СТОЈТЕ ЦВРСТО ВО БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | **Езекиел 3,11.** | *Стојте цврсто во Бога* |
| *23. Понеделник* | **Матеј 18,10.** | *Исус ги слуша понизните* |
| *24. Вторник* | **1. Петрово 2,5.** | *Божјата црква како храм* |
| *25. Среда* | **Јаков 1,2.** | *Како да се соочиш са искушението* |
| *26. Четврток* | **Захарија 10,1.** | *Подготви се за позниот дожд* |
| *27. Петок* | **Матеј 5,6.** | *Свети, и уште посвети* |
| *28. Сабота* | **Јован 15,20.** | *Два духа во светот* |

## НЕКА НÈ ОБЛИКУВА БОЖЈИОТ ДУХ

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | **Римјаните 6,13.** | *Нека нè обликува Божјиот Дух* |
| *30. Понеделник* | **Јоил 2,23.** | *Подготви се за позниот дожд* |

## Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јули*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 115-117 |
| 2. | 118 |
| 3. | 119,1-88 |
| 4. | 119,89-176 |
| 5. | 120-121 |
| **6.** | 122-124 |
| 7. | 125-127 |
| 8. | 128-130 |
| 9. | 131-133 |
| 10. | 134-136 |
| 11. | 137-139 |
| 12. | 140-142 |
| **13.** | 143-147 |
| 14. | 148-150 |
| 15. | Изреки 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| **20.** | 16-19 |
| 21. | 20-22 |
| 22. | 23-25 |
| 23. | 26-28 |
| 24. | 29-31 |
| 25. | Проповедник 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| **27.** | 7-9 |
| 28. | 10-12 |
| 29. | Песна над пес. 1-3 |
| 30. | 4-6 |
| 31. | 7-8 |

## *Август*

| | |
|---|---|
| 1. | Исаија 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| **3.** | 7-9 |
| 4. | 10-13 |
| 5. | 14-17 |
| 6. | 18-20 |
| 7. | 21-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-29 |
| **10.** | 30-32 |
| 11. | 33-36 |
| 12. | 37-40 |
| 13. | 41-43 |
| 14. | 44-46 |
| 15. | 47-49 |
| 16. | 50-52 |
| **17.** | 53-55 |
| 18. | 56-59 |
| 19. | 60-62 |
| 20. | 63-66 |
| 21. | Еремија 1-3 |
| 22. | 4-6 |
| 23. | 7-8 |
| **24.** | 9-11 |
| 25. | 12-16 |
| 26. | 17-20 |
| 27. | 21-23 |
| 28. | 24-26 |
| 29. | 27-29 |
| 30. | 30-32 |
| **31.** | 33-35 |

## *Септември*

| | |
|---|---|
| 1. | Еремија 36-39 |
| 2. | 40-42 |
| 3. | 43-45 |
| 4. | 46-49 |
| 5. | 50-52 |
| 6. | Плач 1-3 |
| **7.** | 4-6 |
| 8. | Езекил 1-4 |
| 9. | 5-7 |
| 10. | 8-10 |
| 11. | 11-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| **14.** | 19-21 |
| 15. | 22-26 |
| 16. | 27-29 |
| 17. | 30-32 |
| 18. | 33-35 |
| 19. | 36-38 |
| 20. | 39-41 |
| **21.** | 42-44 |
| 22. | 45-48 |
| 23. | Даниел 1-4 |
| 24. | 5-8 |
| 25. | 9-12 |
| 26. | Осија 1-3 |
| 27. | 4-6 |
| **28.** | 7-9 |
| 29. | 10-14 |
| 30. | Јоил 1-3 |

## Јули

1. Псалм 1.
2. Псалм 2.
3. Псалм 3.
4. Псалм 4.
5. Псалм 5.
**6.** Псалм 6.
7. Псалм 7.
8. Псалм 8.
9. Псалм 9.
10. Псалм 10.
11. Псалм 11.
12. Псалм 12.
**13.** Псалм 13.
14. Псалм 14.
15. Псалм 15.
16. Псалм 16.
17. Псалм 17.
18. Псалм 18,1-15.
19. Псалм 18,16-30.
**20.** Псалм 18,31-50.
21. Псалм 19.
22. Псалм 20.
23. Псалм 21.
24. Псалм 22,1-15.
25. Псалм 22,16-31.
26. Псалм 23.
**27.** Псалм 24.
28. Псалм 25.
29. Псалм 26.
30. Псалм 27.
31. Псалм 28.

## Август

1. Псалм 29.
2. Псалм 30.
3. Псалм 31,1-14.
4. Псалм 31,15-24.
5. Псалм 32.
6. Псалм 33.
7. Псалм 34.
8. Псалм 35,1-14.
9. Псалм 35,15-28.
**10.** Псалм 36.
11. Псалм 37,1-19.
12. Псалм 37,20-40.
13. Псалм 38.
14. Псалм 39.
15. Псалм 40.
16. Псалм 41.
**17.** Псалм 42.
18. Псалм 43.
19. Псалм 44,1-12.
20. Псалм 44,13-26.
21. Псалм 45.
22. Псалм 46.
23. Псалм 47.
**24.** Псалм 48.
25. Псалм 49.
26. Псалм 50.
27. Псалм 51.
28. Псалм 52.
29. Псалм 53.
30. Псалм 54.
**31**. Псалм 55.

## Септември

1. Псалм 56.
2. Псалм 57.
3. Псалм 58.
4. Псалм 59.
5. Псалм 60.
6. Псалм 61.
**7.** Псалм 62.
8. Псалм 63.
9. Псалм 64.
10. Псалм 65.
11. Псалм 66.
12. Псалм 67.
13. Псалм 68,1-35.
**14.** Псалм 61,1-16.
15. Псалм 69,17-36.
16. Псалм 70.
17. Псалм 71,1-14.
18. Псалм 71,15-24.
19. Псалм 72.
20. Псалм 73,1-15.
**21.** Псалм 73,16-28.
22. Псалм 74.
23. Псалм 75.
24. Псалм 76.
25. Псалм 77.
26. Псалм 78,1-14.
27. Псалм 78,15-28.
**28.** Псалм 78,29-42
29. Псалм 78,43-56.
30. Псалм 78,57-72.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУЛИ 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 5. | 12. | 19. | 26. |
| Виница | 20:08 | 20:05 | 20:01 | 19:55 |
| Колешино | 20:05 | 20:02 | 19:58 | 19:52 |
| Стар Дојран | 20:05 | 20:02 | 19:58 | 19:52 |
| Куманово | 20:12 | 20:09 | 20:05 | 19:59 |
| Неготино | 20:08 | 20:06 | 20:01 | 19:56 |
| Струмица | 20:06 | 20:03 | 19:59 | 19:53 |
| Кочани | 20:08 | 20:06 | 20:01 | 19:55 |
| Велес | 20:10 | 20:08 | 20:03 | 19:57 |
| Кавадарци | 20:08 | 20:06 | 20:02 | 19:56 |
| Дебар | 20:15 | 20:12 | 20:08 | 20:02 |
| Скопје | 20:13 | 20:10 | 20:06 | 20:00 |
| Битола | 20:10 | 20:07 | 20:03 | 19:57 |
| Кичево | 20:13 | 20:10 | 20:06 | 20:00 |
| Лаки | 20:07 | 20:04 | 20:00 | 19:54 |
| Чифлик | 20:07 | 20:05 | 20:01 | 19:55 |
| Штип | 20:09 | 20:06 | 20:02 | 19:56 |
| Тетово | 20:14 | 20:12 | 20:07 | 20:01 |
| Јегуновце | 20:14 | 20:11 | 20:07 | 20:01 |
| Росоман | 20:09 | 20:06 | 20:02 | 19:56 |
| Гевгелија | 20:05 | 20:03 | 19:59 | 19:53 |
| Свети Николе | 20:10 | 20:07 | 20:03 | 19:57 |
| Делчево | 20:07 | 20:04 | 20:00 | 19:54 |
| Валандово | 20:06 | 20:03 | 19:59 | 19:53 |
| Охрид | 20:12 | 20:10 | 20:05 | 20:00 |
| Радовиш | 20:07 | 20:05 | 20:00 | 19:54 |
| Прилеп | 20:10 | 20:07 | 20:03 | 19:57 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АВГУСТ 2019 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 2. | 9. | 16. | 23. | 30. |
| Виница | 19:48 | 19:39 | 19:29 | 19:19 | 19:08 |
| Колешино | 19:45 | 19:37 | 19:27 | 19:17 | 19:06 |
| Стар Дојран | 19:45 | 19:37 | 19:27 | 19:17 | 19:06 |
| Куманово | 19:51 | 19:43 | 19:33 | 19:22 | 19:11 |
| Неготино | 19:48 | 19:40 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Струмица | 19:46 | 19:37 | 19:28 | 19:18 | 19:07 |
| Кочани | 19:48 | 19:39 | 19:30 | 19:19 | 19:08 |
| Велес | 19:50 | 19:42 | 19:32 | 19:21 | 19:10 |
| Кавадарци | 19:48 | 19:40 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Дебар | 19:55 | 19:46 | 19:37 | 19:26 | 19:15 |
| Скопје | 19:52 | 19:44 | 19:34 | 19:23 | 19:12 |
| Битола | 19:50 | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Кичево | 19:53 | 19:44 | 19:35 | 19:24 | 19:13 |
| Лаки | 19:47 | 19:38 | 19:29 | 19:18 | 19:07 |
| Чифлик | 19:47 | 19:39 | 19:30 | 19:19 | 19:08 |
| Штип | 19:48 | 19:40 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Тетово | 19:54 | 19:45 | 19:36 | 19:25 | 19:14 |
| Јегуновце | 19:54 | 19:45 | 19:35 | 19:25 | 19:13 |
| Росоман | 19:49 | 19:40 | 19:31 | 19:20 | 19:09 |
| Гевгелија | 19:46 | 19:37 | 19:28 | 19:18 | 19:07 |
| Свети Николе | 19:50 | 19:41 | 19:32 | 19:21 | 19:10 |
| Делчево | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 19:18 | 19:07 |
| Валандово | 19:46 | 19:38 | 19:28 | 19:18 | 19:07 |
| Охрид | 19:53 | 19:44 | 19:35 | 19:24 | 19:13 |
| Радовиш | 19:47 | 19:39 | 19:29 | 19:19 | 19:07 |
| Прилеп | 19:50 | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **6.** | **13.** | **20.** | **27.** |
| **СЕПТЕМВРИ 2019** | | | | |
| Виница | 18:56 | 18:44 | 18:32 | 18:19 |
| Колешино | 18:54 | 18:42 | 18:30 | 18:18 |
| Стар Дојран | 18:54 | 18:43 | 18:31 | 18:19 |
| Куманово | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Неготино | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Струмица | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:19 |
| Кочани | 18:56 | 18:44 | 18:32 | 18:20 |
| Велес | 18:59 | 18:47 | 18:34 | 18:22 |
| Кавадарци | 18:57 | 18:46 | 18:33 | 18:21 |
| Дебар | 19:03 | 18:52 | 18:39 | 18:27 |
| Скопје | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Битола | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Кичево | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 |
| Лаки | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:19 |
| Чифлик | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Штип | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Тетово | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:25 |
| Јегуновце | 19:02 | 18:49 | 18:37 | 18:25 |
| Росоман | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Гевгелија | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:19 |
| Свети Николе | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Делчево | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:18 |
| Валандово | 18:55 | 18:43 | 18:31 | 18:19 |
| Охрид | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 |
| Радовиш | 18:56 | 18:44 | 18:32 | 18:20 |
| Прилеп | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*




НОВО! НОВО! НОВО! НОВО!

# ЗДРАВЈЕТО *на дофат*

Најновиот здравствен курс е извонреден материјал во кој се проучуваат најважните принципи за здрав живот. Лекциите содржат насоки, упатства и совети за здравјето и благосостојбата на човекот. Не само што се споменуваат факторите кои влијаат на тоа да имаме добро здравје, туку и оние кои водат кон лошо здравје. Ова се лекции чиишто поуки ќе ни помогнат да заземеме правилен став кон сопственото здравје, а можеби ќе поттикнат и да смениме некои наши животни навики. Практичните совети за правилна искрана, справување со стресот, телесните вежби, правилна употреба на водата и сл. се само некои од темите застапени во овој курс. Здравиот начин на живот, секако, во голема мера му овозможува на човекот квалитетен и исполнет живот.

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат иво 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на **Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**

**www.sdakavadarci.com**

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

**„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).**